# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Дваесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 јуни 2003 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, во сала 1, со почеток во 10,45 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Македонија.

Ја отворам Дваесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

За денешната седница пратениците Јордан Михајловски, Гајур Сарач, Слободан Најдовски, Елеонора Петрова-Митевска, Ристана Лалчевска, Петар Наумовски, Сашо Кедев, Силвана Бонева, Љубомир Бошковски, Џезаир Шаќири, Рафис Алити, Али Ахмети и Љубчо Георгиевски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата се поканети претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Министерот за транспорт и врски достави одговор на пратеничките прашања поставени од Иван Анастасовски и Ристана Лалчевска.

Министерот за образование и наука достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Славица Грковска, Јани Макрадули, Михајло Георгиевски и Гајур Сарач.

Владата на Република Македонија достави одговор на пратеничките прашања поставени од пратениците Ѓорѓи Трендафилов и Ѓорѓе Палошкоски.

Министерот за внатршни работи достави одговор на пратеничко прашање поставено од Назми Беќири.

Министерот за здравство достави одговор на пратеничко прашање поставено од пратеникот Ристо Пејовски.

Министерот за животна средина и просторно планирање достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Емилија Костадинова.

Министерот за правда достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Емилија Костадинова.

Го молам пратеникот Иван Анастасовски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнително прашање.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Со оглед на тоа дека јас сега го добив одговорот, го разгледав и од она што стои во одговорот од министерот за транспорт и врски околу асвалтирање на дел од патот Куманово-Крива Паланка во должина од 1300 метри, сакам дополнително да го прашам министерот, бидејќи во одговорот тој наведува “со годишната програма за одржување на магистралните и регионалните патишта ќе се предвидат срдства за надградба на регионалниот пат П-212”, ако може министерот да ми даде попрецисно образложение кога би било одобрувањето на овие средства за оваа делница.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Ајдини, дали ќе одговорите на дополнителното прашање?

МИЛАИМ АЈДИНИ:

Програмата на Фондот за магистрални и регионални патишта сега е усвоена. Во таа програма е предвидена делницата што е спомната од пратеникот, но сега за сега со одредени датуми неможеме да одговориме затоа што единственото што го знаеме е дека тоа ќе биде во градежната сезона во 2003 година. Точен датум да кажеме кога ќе се почне уште неможеме, па кога ќе ги имаме овие податоци ќе му го доставиме на пратеникот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ја молам пратеничката Ристана Лалчевска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски, или ќе постави дополнително прашање.

Отсутна е.

Го молам пратениците Славица Грковска и Јани Макрадули да се произнесат дали се задоволни од одговорот добиен од министерот за образование и наука, или ќе постават дополнително прашање.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Ние сме задоволни од одговорот и воедно сакам да го информирам Министерството дека поднесовме иницијатива за регулирање на статусот на помладите асистенти на двата универзитети.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Задоволна е госпоѓица Грковска од одговорот.

Го молам пратеникот Михајло Георгиевски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за оразование и наука или сака да постави дополнително прашање.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Го добив одговорот и не сум задоволен поради кои причини е одложено одржувањето на Меѓународниот симпозиум за фолклор, кој што 30 години се одржува од 7 до 9 јули заедно со фестивалот за балкански фолклор. Сега ми одговараат дека се одржувал во октомври и ноември.

Прво, какви беа тие причини што се одложува една 30 годишна традиција ди се става во едно несоодветно време. Значи наместо во јули се става во октомври и ноември и тоа одвоено од фестивалот на Балкански фолклор. Дали беа толку големи причините што оваа традиција се прекина.

Тоа ми е дополнителното прашање до министерот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Герамитчиоски.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Причините зошто дошло до поместување секако во делот на материјално-финансиското работење на Министерството беа потребни дополнителни издатоци, но во пообразложена форма ќе му го дадеме на пратеникот одговорот во писмена форма.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе добиете писмен одговор на дополнителното прашање.

Го молам пратеникот Гајур Сарач да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за образование и наука, или ќе постави дополнително прашање.

Отсутен е.

Го молам пратеникот Ѓорѓи Трендафилов да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија или ќе постави дополнително прашање.

Отсутен е.

Го молам господинот Палошкоски да се произнесе дали е задоволен добиен од Владата на Република Македонија или ќе постави дополнително прашање.

ЃОРЃЕ ПАЛОШКОСКИ:

Задоволен сум и немам друго прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Назми Беќири да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи или ќе постави дополнително прашање.

НАЗМИ БЕЌИРИ:

Да, јас добив еден одговор во кој е јасно дека од истиот орган се прифаќаат неколку документи како валидни и дргите како невалидни,

За документите кои се прифаќаат како невалидни е земена една одлука објавена 27 јануари 2001 година, и не пишува од кога е преземена одлуката според која се прифатени другите документи, или без никаква одлука оваа работа тече вака.

Мислам дека сум јасен господине претседателе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали имате коментар на дополнителното прашање.

ХАРИ КОСТОВ:

Немам коментар, но мене навистина не ми беше јасно што е прашаењето. Иако пратеникот рече дека мисли дека е јасен, затоа што во делот што се однесува на патните исправи согласно заклучок на Владата тие се прифаќаат, меѓутоа, другиот дел од прашањето не ми е јасен.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Беќири дали ќе сакате дополнително да појасните за што прашувате?

НАЗМИ БЕЌИРИ:

Господине претседател,

Прашањето или потпрашањето е она што го реков. Уште еднаш сакам јасно да биде.

Бидејќи господинот министер го има одговорот пред себе, станува збор за документи за раѓање и други документи кои што ги поседуваастлуѓето. Значи, не се одговара кои се тие невалидни документи, а што се однесува до патните документи станува збор за некој датум кој што е прифатен и прашањето е.

Кога е донесена таа одлука, на кој датум, дека се прифаќаат тие документи од истиот орган?

Значи јас само се повторувам, ништо повеќе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Значи делот на одговорот од пратеничкото прашање кое се однесува на патните исправи издадени од УМНИК јасно е дека тие патни исправи можат да се користат и Владата ги прифаќа.

Ако се однесува прашањето, а најверојатно е за другите документи (изводи од книги на родените, извод на венчани, извод за умрени и тн"), за луѓе кои се од Косово тука проблем се појавува.

Од досегашните контакти со УМНИК што ги имавме фактички тие не поседуваат оргиинална документација со која би можело да се покаже точноста на определени настани. Пред се тука се појавува проблем точноста на настаните на раѓање во периодот од конфликтот на територија на СРЈ која се одвиваше во делот на Косово.

Она што се случува е фактички за новите раѓања, нови венчаници и тн. не се јавува проблем, меѓутоа за останатите документи оригиналната документација не се наоѓа на Косово туку по определени градови е пренесено на територија во тој период СРЈ, сега Србија и Црна Гора, односно да речеме како пример, документацијата на жителите од Приштина е пренесена во Ниш, од Призрен во Лесковац и тн. Според тоа, и УМНИК се јавува со тој хендикеп дека тие даваат само документи во кои што во самите податоци се внесуваат само врз основа на изјава на граѓанинот кој што моментално живее, престојува на Косово и тн.

Ние замоливме и работевме заедно со УМНИК и со соодветните министерства од Србија и Црна Гора да се овозможи таа документација да биде достапна и на наши органи. Значи, документацијата што фали за да се издаде валидно решение.

Значи да биде достапна и во соработка со наши органи да можат да се потврдат тие документи било како копии, како податоци од тие документи за да можат потоа и документите од УМНИК кои се издаваат да имаат потреба и во оригинален документ од претходниот период.

На тоа прашање во тек се работи кои заедно со Министерството за надворешни работи и ние ги вршиме со УМНИК и со соодветни министерства од Србија и Црна Гора.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Ристо Пејовски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за здравство или ќе постави дополнително прашање.

РИСТО ПЕЈОВСКИ:

Задоволен сум од одговорот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Ја молам пратеничката Емилија Костадинова да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за животна средина меѓутоа не гледам претставник од Министерството.

Се извинувам тука е замeникот.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Почиуван претседателе, почитувани министри и претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Го искористив моето деловничко право и за оваа седница побарав одговор на три прашања од кои што на денешната седница добив одговор на две од нив. Едното беше упатено до министерот за просторно планирање и животна средина и од добиениот одговор, колку што успеав сега да го прочитам, сум наполно задоволна и затоа немам дополнително прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ја молам пратеничката Емилија Костадинова да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за правда или ќе постави дополнително прашање.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Од добиениот одговор од министерот за правда правно формално и суштински сум задоволна, но дел од одговорот не е тоа што го барав.

Тука има низа недоследности и пропусти во стечајните постапки за оние претпријатија што ги напомнав, но сигурно дека Министерството за правда тоа не го имало во предвид и не можело тоа да го добие затоа што тука треба други институции да ја испитаат таа постапка.

Сега засега благодарам, не поставувам дополнително прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Преминуваме на поставување на нови пратенички прашања.

Има збор господинот Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Денеска пред самата седница добив одговоро на моето пратеничко прашање и затоа вие сигурно го немате во агендата кај вас.

Одговорот на пратеничкото прашање е од Министерството за здравство.

Ќе го искористам моето деловничко право да побарам дополнителен одговор.

Имено поставив пратеничко прашање во врска со водоснабдувањето на градот Свети Николе. Сите мои заложби и укажувања на овој одговор кој е добиен од Министерството за здравство укажуваат на еден сеопфатен дециден и стручен одговор, со кој се потврдуваат сите мои укажувања и загрижености во делот на снабдувњето на градот Свети Николе со вода за пиење.

Инаку, за ваше информирање да кажам дека веќе четврти месец во градот Свети Николе околу 15 илјади граѓани со вода за пиење се снабдуваат со цистерни кои секојдневно носат чиста вода за пиење од соседните градови, од Куманово и Штип.

За да не го трошам времето јас би го искористил овој одговор, кој е стручен, затоа што доаѓа од една институција, со што би ги прочитал само заклучоците.

Водоснабдувањето на градот Свети Николе е изразен еколошко здравствен проблем кој налага превземање на мерки од прв приоритет за решавање на актуелната состојба.

Второ, главен санитарно-хигиенски проблем во водоснабдувањето на градот Свети Николе се присуството на природно органски материи во водата за пиење кои доведуваат до нарушување на органолетничката состојба, вкусот и обоеноста, како и опасноста од можна појава на создавање на трихори метани на над дозволеното ниво.

Досегашната технологија на пречистување на сировата вода во филтер станицата не успеа да ја доведе водата до бараниот квалитет во однос на

присуството на органски материи и јаглеоретичката состојба и појава на зголемените содржини на резидуален алуминиум во преработката на вода во градскиот водовод.

На основа на севкупните континуирани следења на квалитетот на водата за пиење и дистрибуирање на вода од градскиот водовод не ги задоволуваат законските норми за здравствена исправност на водата за пиење во однос на зголемената содржина на алуминиум, зголемената матност и присуство на органски материи.

Квалитетот на водата од градскиот водовод од бактериолошки аспект во потполност ги задоволува санитарно хигиенските норми.

Природните чешми и бунари во градот и непосредната околина се епидемиолошки неисправни со непостоен квалитет, со висок процент на бактериолошка и физичко-хемиска неисправност, а масовно се користат од населението и покрај информациите за нивна неисправност.

Морбитетот на црните теми за заразни заболувања регистрирани во градот во овој период е мирен, во рамките на очекувањата и не е од хидришно потекло. Постои опасност на влошување на квалитетот на сировата вода во акумулацијата заради дотур...

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Даневски ве молам да ме сослушате.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Знам, морав да го објаснам.

НИКОЛА ПОПОВСИ:

Ако може прво да ме сослушате.

Вие поставивте пратеничко прашање за оваа проблематика и добивте одговор. Не бевте задоволен од одговорот и поставивте дополнително пратеничко прашање и даден ви е одговор на дополнителното прашање. Вие знаете дека на дополнителното прашање добивате одговор и тука процедурата завршува. Затоа не сте во сценариото ставени, затоа што во го искористивте правото на дополнително прашање, затоа што ова ви е одговор на дополнителното прашање. Сакав да не ви правам проблем, да ви дадам уште три минути, за да не се буните, меѓутоа сега веќе петта минута трошите на дополнвуање на дополнителното прашање.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Уште една минута.

Сега се поставува прашањето што во овој период и како ќе се реши проблемот со водоснабдување во градот Свети Николе, затоа што добивме одговор дека во моментот стручните анализи кажуваат дека водата во акумулацијата Мавровица е петта категорија, што значи постојната технологија не може да ги задоволи критериумите и да ја обработи водата. Знаеме дека локалната самоуправа не е во можност финансиски да го реши овој проблем.

Ова прашање мора да се дигне на повисока истанца, што значи за ова прашање мора да се актуелизира Владата, да се изнајдат средства, да се реши проблемот, затоа што доаѓаме во летен период каде што температурите во градот Свети Николе, Овчеполието се 40 степени. Се појавува опасност.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед дека ова ви е дополнително прашање, на дополнителното прашање на претходното поставено прашање нема право на одговор ниту министерот, а вас ви дадов од моја страна, непринципиелно премногу време.

Одиме по редослед на пријавените пратеници за поставување на пратенички прашања, како што е договор парламентарните групи.

Спиро Мавровски во името на ВМРО-ДПМНЕ прв ќе постави прашање.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитувани министри, почитувани пратеници, јас би почнал со нешто што во моментот е многу актуелно, а тоа е Електростопанство на Македонија.

Би сакал веднаш да побарам итна седница за случувањата во ЕСМ затоа што револтот на вработените се зголемува, па би сакал во интерес на расчистувањата на ситуацијата ова што побрзо да го направиме.

Ова е упатено до министерот за економија, господинот Илија Филиповски.

И покрај тоа што е побаран извештај од Владата за состојбите во ЕС апелирам уште еднаш што е можно побрзо да се постави на дневен ред или да се свика посебна седница за ЈП ЕСМ за вкупната состојба со посебен осврт на отпуштањето од работа.

Дека бодирањето и се она што во моментот се нуди како одговор од дирекцијата на ЕСМ е фарса. Би кажал преку неколку примери на личности кои се бодирани за испуштање од работа, некои од нив се на породилно боловање, некои беа најдобри студенти во генерацијата, некои се магистри на науки, па дали и за нив нема место во ЕС или нивниот грев е што завршиле и што се вработиле во времето на ВМРО-ДПМНЕ.

Бодиран е човек кој 7 месеци се наоѓа во Нов Зеланд со отказно решение.

Брат на загинат бранител е поставен прв на списокот во РЕК Битола, дипломиран електроинженер, жена на паднат бранител во Електродистрибуција-Битола и да не набројувам натаму.

Длабоко сум убеден дека има простор и можност ова прашање да се разреши на многу, многу подобар начин за вработените, тие да продолжат со работа во ЕСМ, поради големиот број на вработени во моментот со договор на дело, нови инвестициони работи, професионални заболувања на вработените, пензионирањето и многу други ситуации кои ќе доведат до тоа да има потреба и од нови вработувања.

Се надевам дека господинот Филиповски и Владата ќе го услиши ова барање.

Второто прашање е упатено до господинот Хари Костов.

Господине Костов, би ве прашал лично дали не чувствувате одговорност кон македонската јавност или да си поднесете оставка поради сите случувања во Република Македонија на полето на безбедноста? Јас би набројал неколку моменти што за секој нормален човек се доволни да искажат одговорност, што од ваша страна не ја гледам:

Прво, решавањето, ситуацијата со безбедносните сили и луѓето кои беа ангажирани во случувањата во 2001 година, значи бранителите, Единицата Лавови и резервниот состав на полицијата, недозволувањето на роднините на загинатите да постават и цвеќе на самиот споменик што е подигнат во нивна чест.

Под два, секојдневните убиства што се случуваат во Републиа Макеоднија и жртви повеќе отколку што имаше за време на војната; подметнувањето на бомби во Куманово вие го прогласивте за дело на некои луди луѓе кои не размислуваат во тие моменти, а после наредните три експлозии веќе се прогласува за урбан тероризам, што и беше уште од самиот почеток.

Под три, начинот на кој што се спроведува контролата на територијата на РМ во однос на полицијата и лично вие како министер, дали секогаш ви треба дозвола од градоначалниците или, недај Боже од селаните на одреднеи села како во село

Вејце или месните заедници да ги посетите одредени подрачја во Западна Македонија што останува за останатите нормални граѓани на оваа држава со македонско потекло да ги посетат тие места.

Под четири, нападот на касарната во Тетово, Скопје, киднапирање на полицаците во Арачиново, дали секогаш овие работи, како министер за внатрешни работи ќе успеете и ќе сакате да ги решавање со Меѓународната заедница.

Петто, начинот на кој го штитите приватниот капитал во РМ, вклучувајќи ги тука фирмите ЕМО, Македонија-Табак 2000 и другите каде што имате селективна примена на заштита, дали и тоа е дел од начинот на кој што го спроведувате она што значи закон во РМ?

Големиот број на  приведувања на луѓе и сослушување вон сите норми на однесување кон граѓаните на РМ...

(Дофрлање од место).

Господине, ова се сите прашања на кои мислам дека треба да одговори министерот.

Господинот премиер тука јавно од оваа говорница, бидејќи зборувавме за одговорност, ни изнесе убедување дека со коалоиционоит партнер ќе ја контролирате целата ситуација. Но, сега гледаме дека со многу жалби и молби можеби ќе стигнете и до некој одреден регион во Западна Македонија. Очигледно дека зборовите на премиерот - контрола над територијата, се само пуста желба после овие 10 поминати месеци. Очигледно дека РМ станува небезбедно место за живеење, а како прв полицаец, вие, најодговорен човек за безбедноста, мислам дека е време да поднесете оставка.

Третото прашање е прашање од граѓаните, користејќи го нивното последно обраќање до министерот Гошев.

Во време на штрајкувањето на трговците од Здружението “Безистен” - Битола против фискализацијата беше ветено и дадена поддршка од страна на сегашниот министер Петар Гошев, дека фискализацијата е непотребна и нема да биде спроведена. Сега се закануваме со ригорозни мерки и нејзино спроведување.

Второто подпрашање од ова е на каков начин ќе се одвива фискализацијата кога сеуште се практикува плаќање и исплаќање со бонови  на поедини структури и вредносни писма.

Јас имав уште прашања, но бидејќи имам право на три, другите ќе ги испратам писмено.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Одиме по ред.

Првото прашање е поставено до господинот Илија Филиповски.

Повелете.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Благодарам.

Прво, би сакал одредени податоци да ги има и господинот Мавровски и сите во Парламентот, дека во текот на минатата година во јавната администрација вработени се 11.217 работници, од кои 950 вработени се вработени во Електростопанството, во времето кога ниту наплатата беше зболемена, ниту производството во Електростопанство беше зголемено. А, од друга страна, имавме Закон за антикорупција во време кога се прават изборите не би требало да се прават такви вработувања. Значи вработувањата беа претежно мотивирани политички.

Мислам дека не е добро ако ние во Парламентот, прво сакам тоа да го кажам дека определбата на Владата и на Парламентот дека треба да се направи рационализација во јавната администрација. Ако тоа треба да го правиме, тогаш мислам дека не е добро за секоја институција што тоа треба да го направи да отвораме дебата, расправи во Собранието.

За индивидуални случаеви, врз основа на тоа што ќе бидат поднесени одредени жалби, комисиите што се надлежни за индивидуални случаеви ќе ги согледуваат и врз основа на тоа ќе се донесуваат решенија.

Значи, мислам дека политизацијата на ова прашање воопшто не е добро, не е добро ниту за јавноста, не е добро ниту за Парламентот, не е добро ниту за сигналите што ги праќаме пред Меѓународната заедница.

Што се однесува до нови вработувања во Електростопанство, мислам дека тоа се само дезинформации. Не постојат никакви нови вработувања во Електростопанство. И, неможе да се прават нови вработувања ако врз основа на систематизацијата се намалува бројот. Тотална дезинформација. Мислам дека не е добро во Парламентот така да се однесуваме.

Исто така, денеска во “Дневник” треба да прочита господинот Мавровски од бранителот има демант дека тоа што се кажува, се злоупотребува практично

нивното име. Јас би молел во таа насока да водиме сметка и за луѓето кои сакаме да ги ставиме, политички да речам да се злоупотребуваат.

Значи, во тој правец мислам дека во Собранието треба да се постигне, како и во Владата што е постигната согласност, консензус, дека е потребно да се прави рационализација во јавната администрација. А, поединечните случаеви, тие имаат право на жалба. Врз основа на жалбите ќе се гледа состојбата. Ништо не е невозможно. Може да се направила одредена грешка. Тие грешки ќе се исправаат.

Според тоа, принципот дали е потребно да се прави рационализација во Електростопанство, кога минатата година, само минатата година пред изборите се примени 950 луѓе, јас мислам господинот Мавровски беше помошник директор таму, ги знае добро состојбите како се случувале, како се примани тие лѓе. Ние сега не велиме дека ги отпуштаме нив, но се врши намалување на бројот на вработените во Електростопанство. Тоа е потреба и заради постигнување на ефектите што се потребни, ова што го бараме намалување на трошоци во Електростопанство и можноста за поуспешно работење.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Мавровски имате дополнително прашање?

СПИРО МАВРОВСКИ:

Имам дополнително прашање.

Мислам дека во коментарот на господинот Филиповски се спомнаа некои работи што не ги прашав или не ме разра. Нови вработувања сигурно дека треба да има. Ние имаме проблем што тука разговараме за јавна администрација. Меѓутоа, јас како директор на производство и во постојната систематизација и сега упорно тврдам и знам дека има уште слободни места каде што можат да се вработат луѓе, затоа што не се работи за администрација. Се работи за рудници каде доделуваме на раководење багери што чина 70 милиони долари на луѓе кои имаат договор на дело за работа. Тоа, сигурно ќе се согласите, после настанати несреќи не знам кој ќе биде виновен таму во тие ситуации.

Дека господинот Филиповски кажува дека биле вработени 900 во 2002 година, јас ќе кажам дека претходните три беа само 600 вработени, а господата од СДСМ во 1998 година, само меѓу двата круга, без систематизација вработија 200 луѓе во Електростопанство, а посебно во РЕК Битола меѓу двата круга 2200 во цела РМ.

Ниту еден од нив не беше прогласен, како што велите вие избркан од работа, туку вршиме отпуштање. Јас не знам како ја правите таа динкстинција или разлика. За ваша жал, јас ќе ви го дадам списокот каде што ќе го видите бранителот дека е тој прв на списокот, а не дека тој демантира. Човекот можете вие и сега да го повлечете, но тој список е пуштен, тој список постои дека врз основа на бодирање тој човек е избркан од ЕСМ. Затоа што состојбите во ЕС и моменталниот број на 650 вработени со договор на дело од надворешни фирми им даваат за право на овие 130 или 140 вработени и понатаму да продолжат да работат во ЕСМ, посебно во РЕК Битола затоа што допрва следи, мислам дека со ваша заложба и она што го зборувавме, за отворање на рудникот "Брод"-Неотино каде што и вие треба да се заложите за дополнителни 200 или 300 вработувања. Токму тоа сакав да ви го кажам господине Филиповски.

Вашите заложби треба да бидат во таа насока, а луѓето кои се бркаат, дипломирани електроинженери, техничари, машински, електро, електричари, бравари, мислам дека сето тоа, во даден момент, со ова искуство што го имаат ни се неопходни во процесот на производство а не во јавната администрација.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господине Филиповски имате дополнителен одговор?

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Дополнително, мислам дека раководството на ЕСМ е способно да процен на кои места, во кои пунктови има потреба од вработување и да направи можности за внатрешно распоредување. Така што не би сакал да навлегувам ниту можам, а ни господинот Мавровски е во состојба тоа да го каже, внатрешната организација на претпријатието е прашање на раководството на ЕСМ.

Но, во основа, господинот Мавровски треба и сите ние треба да се согласиме со тоа дека имаме преголемо вработување во јавната администрација, во јавните претпријатиа, а начинот како да се дојде до помали трошоци е прашање на ослободување од дел на преголемата вработеност.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господине Хари Костов, имате збор да одговорите на второто прашање.

ХАРИ КОСТОВ:

Еве јас накратко ќе одговорам на господинот Мавровски само дека немам намера за овие прашања што тој ги покрена, значи кратко и јасно немам намера да поднесам оставка. Меѓутоа, не им го спорам правото, доколку сметаат за оправдано да покренат интерпелација пред Собранието за моето работење.

Натаму ќе одговорам на сите прашања што како подпрашања ги постави и зошто на крај мислам дека сите ќе бидеме убедени, зошто една демагогија што цело време се продава, се обидува да се наметне на новата Влада, односно еве и да речеме на министерот за внатрешни работи.

По првото, го постави прашањето за “Лавовите”. Меѓутоа, заборава и пратеникот, а очигледно и партијата на каков незаконски начин беше формирана единицата, на каков незаконски ачин 1600 души некој ги лажеше две и повеќе години. Не ги лажев јас. Ги лажевте вие, односно поранешниот министер, затоа што ниту еден од тие 1600 души немаше потпишано законски договор за вработување. Немаше работен однос со Министерството за внатрешни работи. Ако некој ги лажел, тоа е поранешниот министер за внатрешни работи затоа што им потпишувал договори што можат сега да ги закачат на плоштад и да мавтаат само со нив.

Работен однос се засновува кога таков договор, по добиена согласност од Министерството за финансии ќе се заведе во Заводот за вработување. Ниту еден од тие луѓе нема таков договор. И ако некој ги лажеше, вие ги лажевте.

Во рамките на трансформацијата на единицата, во рамките на Договорот со ММФ и во рамки на обезбедени средства во Буџетот за оваа година сега се вработени 600 души. Меѓутоа, вработени законски, така како што треба, а не некој да ги лаже. И сега имаат работничка книшка во работничката книшка заверено тоа што треба. А такви работи, јас ќе ви поделам еден куп решенија ако сакате сега, тие се незаконски, па фалете се дека имате работен однос.

Второ, околу резервистите.

Повторно си ја заборавате работата дека можевте незаконски да чувате и вон одлуки на вашата Влада во тој период, во која што требаше да биде распуштен составот, дека некој ваш министер не ги извршувал заклучоците на Владата, дека чувал 5000 луѓе кои ги лажел дека можат да останат, дека за нив има пари обезбедено и фактички, на 1 ноември кога ние дојдовме да видиме дека тие луѓе,

5000 резервисти од јули месец до ноември месец немаат земено плата. Резервен состав на полицијата или на армијата да го чувате 5-6 месеци и да не му давате плата, па вие да излегувате големи бранители, а другите кукавици, ние така можеме за пет години да чуваме луѓе без плата, тогаш можеме да имаме 200 илјади резервисти. Меѓутоа, некој на тие луѓе треба да им плати, а не да ги чува и да ги лаже. Се знае како се повикува резервниот состав. Има закон, има регулатива, се повикува по потреба, се распушта по потреба. И немојте "крокодиски солзи" за џабе нешто да вадите.

Ве молам еднаш да престанете да го злоупотребувате и да го девалвирате поимот бранител на РМ. Секоја чест на бранителите, секоја чест на тие, помен и слава на тие кои загинаа на ратиштата. Меѓутоа, немојте да ги мешате во бранители луѓе кои ги користеа своите позиции, особено и во МВР за крадење. За наводно носење 280 илјади куршуми во МВР што е класично перење на пари. И, 28 милиони денари да одат на приватна сметка на фирма што ниту има регистрација за промет со оружје. И  потоа кога се покренуваат кривични пријави, а со тие пари потоа се купуваат станови во владината зграда, најголемиот стан, кога се купуваат џипови и луксузни коли со тие пари, кога се градат куќи по Струмица и друго место, тогаш било олеле зошто се поднесува пријава против некого. Треба да размислите пред тоа а не одкота ќе ја направите таа работа па после да се мисли зошто нешто сега се покренува. Е, за тоа.

И второ, исто така ќе добиете уште едно делче, наредните денови кога ќе видите како некоја опрема во МВР што вреди милион долари и која со потврда од производителот вреди милион долари, некој платил два милиони и повеќе долари. И јас мислев дека ги знам банките во светот, особено во Швајцарија, како земја што ги има сите реномирани банки. Кога ќе видиме дека е платено таму на сметка на некоја фирма ФИБИБЕНК, која никој во светот не ја познава. Меѓутоа, кога ќе ви ги докажеме потоа каде завршиле тие пари, каде отишле, ве молиме немојте тогаш да мешате поими бранители и лопови.

Јас, на роднините на починатите еднаш веќе им се извинив. Ја користам оваа прилика да им се извинам што го имавме тој пропуст на денот на полицијата да не им биде овозможено, иако тој ден беа во Битола и тн. Меѓутоа за пропуст во протоколот веќе се извинивме и веќе постои Одлука во која што прославата на празникот на полицијата во наредните години ќе се регулира и во кои што е предвиден термин секоја година за посета на роднините на бранителите на соодветни места во МВР. Ја користам оваа прилика уште еднаш да им се извинам.

Околу убиства, бомби и тн., Македонија како небезбедно место за живеење.

Ќе се навратам и натаму со некои делчиња, меѓутоа немојте вие, кои ја донесовте војната во оваа држава, кои донесовте убиства на толку и толку луѓе сега да ни кажувате дали е тоа безбедно или не е безбедно.

Околу бомбите, вие не следевте, имаше и прес конференција и јасно кажавме што според наше мислење се две групи на криминал, проблеми што постојат во Република Македонија. Едно се терористичките акции, користејќи го начинот на локациите, објектите или употребата на средствата што се користени, укажуваат на терористички акт, а друго е криминалот во кој што имате крадење по штедилници, по приватн домови и тн. во некои од поранешните кризни региони, во кои што основен мотив е само крадењето. Тоа не може да биде ништо друго освен криминални активности.

Околу Вејце или дали нам ни требаат дозволи или не ни требаат дозволи.

Да, јас отидов во Вејце и во Селце, ќе отидам пак. И нема да ја правам лажната слика за безбеднос на Македонија со тоа што ќе се возам со воз од Скопје до Кичево. Него, ќе одам во селата, токму каде што има албански народ и каде што има и друг народ да се обидеме да ја пробиеме оваа политика што сакаме да ја спроведеме.

Ако мислите одеднаш дека после 2001 година кај секој граѓанин во РМ, се сменила целокупната свест, тогаш мислам дека сите и во парламентов и понатаму, се лажеме. За тоа ќе ни треба подолго време. Па, ние, на почетокот на годинава и минатата година имавме тепачки помеѓу средношколци, осмооделенци по меѓунационална основа. Оваа година ги спречивме со тоа што имавме во автобусите полицајци во цивилна униформа, на автобуските станици имаме полицајци во цивилна униформа да ги следат, да ги контролираат школите итн. Меѓутоа, треба сите да сме свесни дека е тоа само репресивен елемент и дека ни треба многу повеќе, дали ќе разбереме во државава дека само и со домашно воспитување и со образование во школото ќе дојдеме во таа фаза да го промениме нашето мислење дека не сме еден на друг непријатели. Туку, дека единствен излез ни е овде заедно да живееме, освен ако не сакаме да станеме некое ѓето на Балканот, кое никогаш, ниту ЕУ ќе ја видиме итн. Мислам дека токму Портокараз беше јасен сигнал за сите. За сите оние кои ако продолжиме со вакви работи околу убиства, околу меѓусебно нетрпение итн., ќе останеме едно ѓето овде, кое ниту тогаш кога ќе имаме некој траѓичен случај надвор некој наш роднина да ни поѓине во Германија, во Швајцарија итн., нема да можеме да одиме да го посетиме Според

тоа, ќе одам и не барам дозвола. Многу беше ленсо, да кажеме, во Вејце дека полицијата можеше да интервенира на 200 луѓе од кои 50-тина или 60-тина луѓе бвеа деца и старци. Полицијата можеше со еден текст, со еден хеликоптер и со 100 специјалци да ја реши работата. И, што направивме? Каде ќе одевме понатаму? И, само едно, при посетата на Вејце ние успеавме роднините на починатите да отидат да го посетат местото. А, само да Ве потсетам, во 2002 година, од страна на МВР и Министерството за одбрана кога беа ваши министри поставени во тој дел, на тој датум, на роднините им беше пратено само едно празно писмо дека нема шанса да се посети местото на кое што починаа припадниците на МВР и Министерството за одбрана. Оваа година роднините отидоа и сега се извинувам што во оваа дискусија, можеби за нив повлекувам некои лоши мемории.

Ве молам, околу приведувањата, вие воопшто да не давате оценки дали е тоа незаконски или законски. Си постојат записници, си постојат и изјави, си постојат адвокати, единствено Судот и обвинителот е тој, кој што може да каже дали е тоа законски или е незаконски. Ниту јас велам дека е тоа вака или така, меѓутоа, постлои документацијата, нека си ја одредат надлежните институции дали е таму законски постапено или не е постапено. Само за последниот случај, затоа што резултираше и со платен политички оглас, само да Ви кажеме дека од страна на МВР, при поднесувањето на кривичната пријава, а тогаш се предлага или не се предлага мерка притвор. МВР за последниот случај не предложи мерка притвор. Меѓутоа, тоа право си го има јавниот обвинител, истражниот судија итн, и да не навлегуваме во ингеренции кои што не се наши. Засега, толку, најверојатно пречекорив јас со времето.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа Самоилова бара процедурално, меѓутоа, прво, да ја завршиме процедурата. На пола сме со процедурата и дали е задоволен Спиро Марковски од одговорот, па потоа ќе ви дадам процедурално.

СПИРО МАРКОВСКИ:

Јас би сакал процедурално. Прво, г-ѓата Ганка, па потоа јас ќе се јавам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Кога ќе претседавате вие со парламентот, тогаш како сакате.

СПИРО МАРВРОВСКИ:

Добро, Благодарма.

Мислам дека министерот ни одржа едно предавање од она што беше прашано и тоа што кажа. Јас би го прашал нешто друго. Дали во случај ова што викате дека, не дај боже како што одат вака работите тие криминогени банки полека стануват вооружени и полека се подготвува нешто друго, дали вие ќе распишете конкурс за прием на нови полицајци, за да им дадете работен однос како што треба и тие луѓе да го имаат работниот однос, така што начинот на кој што доаѓаат тие луѓе да не заборавите во 2001 година беше, кога многу од господата ги немаше во Македонија или се наоѓаа на места од каде што командуваа од далеку во оваа држава, а некои сега наредната седница ќе имаме закон за амнестирање. Незнам колку луѓе кои што не се јавиле, а што е обврска по закон и по се дека требаШе да бидат во редовите и на полицијата и на резервниот состав. Затоа, да не се залажуваме тука и со јавноста дека вие ќе сте го направиле тоа со решение или незнам што. Пред малку говоревме за ЕСМ и сите тие луѓе имаа решение и од министерот и од се, вие сега повторно ги отпуштате од работа. Значи, истото ќе беше и сега, само дали ќе имаа решение или не и би рекол сакате да направите една политичка пропаганда. Она што го кажувате дека ВМРО-ДПМНЕ ја донел војната во РМ, вие пред изборите многу јавно комлетно СДСМ на своите гласачи им вети дека нема да прави коалиција со оние што се бореа и против нашите бранители. Сега, вие поставувате една многу лоша теза и многу лоша работа дека сите сме виновни и на крајот ќе испаднеме и виновници, за ова што велите дека не се бранители, кои што застанаа во одбрана на Уставот и поредокот на РМ, вие да ги изедначите со некој кој што меѓувреме е амнеситиран и воопшто не одговара за апсолутно ништо што направил. Дали и тамју, г-дине Костов, нема некој кој што зел оружје, што носел оружје или незнам со што се пукало, можеби тие биле, бидејќи вие велите дека била Фингирана војна, тие луѓе незнаат и како загинаа.

Ова што го зборувате за Вејце, заборавате дека во 2001 година се случи тоа обиство. Значи, една година после убиството вие кажувате дека треба да се оди а веќе во 2003 година вие молите за да стигнете и после една недела ги носите и родителите таму. Тоа за вас е една нормална ситуација, каде што ние нонстоп ќе треба со некого да се молиме и да кажуваме дека ситуацијата е под контрола и за Вас се е безбедно и се е во ред. Мислам дека тука имаме голем проблем. Јавноста многу добро знае што се случува во РМ. Вие можете да говорите за криминал, а ние тука зборуваме за ситуации, кои што вие, да речам, најодговорен човек како министер сте одговорни. Да се кажува дека е тоа акт на некој луд човек, а можеа да загинат 100 деца, навистина незнам како тоа да го протолкувам. Можеби јас не сум

во право. Ова што кажувате за средношколските тепачки, тоа се случува и сега и ќе се случува  и понатаму ако се продолжи на овој начин. Гетото некој сака да го направи, а ова што викате за преведувањето не е моја работа и има документи . . .

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Мавровски, завршувајте со дополнителните прашања.

СПИРО МАРКОВСКИ:

Г-дине претседателе, јас слушав повеќе од пола час: одговорот, а не беа ни многу прашања. Во ред имам право на три минути, само да завршам. Дали приведувањата се незаконски или законски, вие кажувате дека треба да има документи, а јас ви кажувам дека се незаконски, затоа што луѓето се повикувани телефонски и непостои апсолутно никаков записник ни дека се приведени во Министерството за внатрешни работи а се прашуваат за работи кои се директно поврзани за партијата ВМРО-ДПМНЕ и што нема врска со никакви други останати активности. Благодарам г-дине претседателе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе ве молам, сите се придржуваме на Деловникот за јас да не бидам доведен во најнепријатната ситуација. Значи, г-ѓо Самоилова, да ја довршиме процедурата, па ќе ви дадам да говорите процедурално. Сега, ние, сме во среде процедура на пратеничко прашање. На дополнителното прашање г-динот Хари Костов има право на дополнителен одговор и после вие ќе добиете збор. Сега сме во процедура на прашае и не можам процедурално да ви дадам збор, затоа што е среде процедура и ќе направиме хаос.

Повелете г-дине Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Па, добро, јас не држев предавање, туку токму прашањето на пратеникот…

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Во врска со тоа само да кажам пратениците имаме право на 10 минути прашање и три минути дополнително прашање, а тој на кого му е поставено прашањето има право по сопствена оценка да даде одговор колку мисли дека треба. Тука Деловникот не ограничува и ние по него мораме да се однесуваме.

ХАРИ КОСТОВ:

Благодарам.

Јас не држев предавање, туку токму напротив прашањето беше така поставено, ако воопшто беше прашање, во кое што се држеа предавања. Па, не беше прашањето дали јас имам намера само да поднесама оставка тукун се внесоа

и лавови и резервисти, убиства, бомби, Вејце, Арачиново, приведување итн. Немам намера да се повторувам, затоа што немаше ни дополнително прашање, туку фактички има некои ставови, кои пратеникот си ги изразува. Меѓутоа, морам во едно делче да му расчистам уште една работа. Уште еднаш повторувам, никој овде, ниту јас, ниту било кој некогаш го употребил поимот бранители. Ние единствено рековме, немојте некого да го китите со лажни перја да го злоупотребувате и да го девалвирате тој термин за луѓе кои што во тој период извршуваа кривични дела, крадеа итн. Токму во најголемиот период на конфликтот, погледнете ги податоците кај македонската берза итн., и ќе видите дека најголемите дел од овие нелегални трансакции и приватизации се правени токму во тој период. Немојте да зборувате дали некој бил на Халкидики, дали некој кpainting во државата и ја кажувал прикаската дека најдобро е бранител. Лесно е да бидеш бранител на зборови. Според тоа, не го девалвирајте терминот таму каде што не заслужува.

Понатаму, за Вејце повторно уште еднаш, изгледа датумите ги повторувате, ама незнаете кој, каде и што бил во таа работа. точно е, насанот се случил во 2001 година, знаете кој беше и што беше во тој период. Точно е дека во 2003 година, прв пат оваа година отидоа роднините да го посетат местото. Меѓутоа, во 2002 година кога имате друг Министер за внатрешни работи, одговорот до роднините беше само нема никакви безбедносни услови да се оствари посетата. А, оваа година, роднините отидоа, а за 2002 година вие требаше да бидете тие кои ќе организирате да одат. Ако мислевте дека тоа се прави со хеликоптери, со тенкови итн., лесно се прави. Меѓутоа, каде понатаму, е после прашањето.

Уште еднаш, можете вие да правите констатација дека определени посапки на МВР се незаконски дури тогаш кога ќе бидете судија. Сега, како пратеник можете да дадете само оценки а документите ќе покажат дали било или не било законски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Сепак, морам да ви кажам дека пратеникот има право во Собраниската процедура да посочи на незаконско дејствие и за тоа носи само одговорност и неодговара пред никого. Го има правото на таква процена во Парламентот. Има право и г-динот Мавровски.

Господине Мавровски, само да Ве известам дека г-динот Гошев кој имаше одговор за Вас, мораше итно да ја напушти седницата, ќе се врати и кога ќе се врати ќе ви го даде одговорот.

Госпоѓата Самоилова има процедурално обраќање.

ГАНКА САМОИЛОВА - ЦВЕТАНОВСКА:

Прво, морам да кажам дека сум воодушевена од елоквенцијата и од вокабуларот на министерот Костов, кој на собраниската говорница употреби зборови од типот на лажго, лопов, крадец и очигледно дека не е свесен дека тој ја отсликува сликата и капацитетот на Владата на РМ. На едно од моите прашања упатено до него за кривичната пријава до државнот секретар во Министерството за култура ми беше пратен одговор во вид на строго доверливо. Кога го прашав зошто е тоа така, тој рече дека ја почитува презумцијата на невиност. Затоа, г-дине Костов не само што применувате селективна примена на правото, туку селективна примена на презумција невиност и барам од вас, доколку не докажете тоа што го кажавте, јавно да му се извините и на генералот Стојкво и на неговото семејство, бидејќи вие денес го осудивте и се с тавивте во улога на истражен судија. Барам јавно да и се извините на ВМРО-ДПМНЕ, затоа што кажавте дека ние сме предизвикувачи на војната и барам јавно да им се извините на македонските граѓани, затоа што ветивте дека вие ќе го гарантирате мирот и безбедноста во РМ.

Доколку не се извините на Генералот Стојков, на неговото семејство, на ВМРО ДПМНЕ и на македонските граѓани, тогаш ВМРО-ДПМНЕ ќе реагира на поинаков начин.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Мојa оцена е дека ова не беше, сепак, во врска со процедура.

Продолжуваме понатаму.

Процедурално има Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, би сакал да апелирам седницата да продолжи согласно она што е на дневен ред, пратенички прашања каде што согласно Деловникот во член 35, 36 и 37, пратеникот може да постави три прашања во рок од 10 минути, ако не е задоволен од три минути, а прашањето треба да е кратко и прецизно.

Ги молам пратениците да се вратиме на темата, да поставуваме прашања како што е по ред, да ја смириме малку тензијата, да не поставуваме 17 прашања, бидејќи аналогно на тоа ќе добиете одговор колку што е вреден за сето тоа. Апелирам до сите, за да не бараме сега пауза да се вратиме на темата, да поставуваме прашања, она што е денес на дневен ред.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Г-дин Макрадули, со огед дека досега само еден постави пратеничко прашање, тоа е господинот Спиро Мавровски, моја оцена е дека постави три пратенички прашања и не излезе од Деловникот.

Госпоѓа Цветанка Иванова од СДСМ ќе постави прашање.

Не, таа вели процедурално.Ќе ве молам, ако нема услови, ќе дадам после ова ако и друг бара процедурално или деловнички, 5 минути пауза, пак ќе продолжиме.

г-дин Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Г-дине претседателе, сакам да му укажам на г-динот Јани Макрадули, пред се, ова што го укажа до сите треба да го сконцентрира на неговите министри. Од нив беа употребени вулгарни зборови и обвинувања кои воопшто не кореспондираат со вистината. Практично, господинот Хари Костов ги осудува луѓето без завршување на судската процедура. Сметам дека неговото место не му дозволува да употребува такви поими, крадци, лопови, и слично за луѓе кои беа рововите во 2001 година. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Оценувам дека и ова обраќање не беше во рамки на тоа што баравте процедурално, туку побаравте политичко обраќање до Парламентот и веќе не давам на никој збор за тоа.

Господинот Хари Костов, бара збор, меѓутоа не му давам збор ни на министерот, затоа што јас оценувам дека ова е непринципиелно.

Г-ѓа Цветанка Иванова имате право да поставите три прашања.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Ви благодарам г-дине претседателе, јас ќе поставам само едно пратеничко прашање.

Пред извенсо време на една од седниците за пратенички прашања на Собранието на РМ, во името на сите пратеници од коалицијата за Македонија заедно, од изборната единица 4, поставив пратеничко прашање до Владата и до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство кое гласаше вака:

Какви мерки и активности ќе преземе Владата и ова Министерство за санирање на штетите на земјоделските култури предизвикани од мразот што го

зафати скоро целиот овој регион од оваа изборна единица. Ми беше усно на седница одговорено дека штетите се сумираат и Министерството ќе преземе соодветни мерки. Меѓутоа, до денес според мои сознанија, не се преземени никакви мерки за помош на населението за санирање на штетите. Денес, на оваа седница повторно поставувам едно пратеничко прашање, пак од името на пратениците од коалицијата за Македонија заедно од изборна единици број 4 до Владата на РМ и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Имено, пред извесно време Тиквешкиот, Гевгелискиот и Срумичкиот регион, кои што се од изборна единица број 4, го зафати силно невреме, проследено со град, силен дожд и поплави кои предизвикаа огромни штети.

Посебно за илустрација ќе ги наведам општините во Струмичкиот регион Босилево и Василево, особено атарите на населените места Гичирлија, Петраленци, Дрвошка и Чанаклија, каде што ваквото невреме направи огромни штети. Според првичните проценки уништени се 300 хектари, 100% лозови насади, 50 хектари лозови насади, 80% уништени, 170 хектари пченка, 100% уништени, 170 хектари пченка уништени 50%. Бостан 6 хектари уништен 100%. Тие првични проценки се дадени и се однесуваат на АД "Лозар".

Истата состојба е и во индивидуалниот сектор, каде за илустрација можеме да кажеме дека во катастарска општина Гечирлија уништени се 100% сите посеви.

Ако се земе предвид штетата од мразот и штетите причинети од невремето во целиот овој регион Тиквешкиот, Гевгелискиот и Струмичкиот ќе констатираме дека населението од овој регион, а особено од Струмичкиот регион што се занимава со земјоделска дејност не може да обезбеди минимум средства за егзистенција оваа година.

Отука моето пратеничко прашање е:

Какви мерки и активности ќе преземе Владата на Република Македонија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за ублажување на последиците од мразот, градот, поплавите за помоќ на населението од овој регион укажувајки истовремено дека во одделни катастарски општини од овој регион се исполнети условите за прогласување на елементарна непогода согласно Законот за заштита од елементарни непогоди.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Одговор ќе даде заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Бесим Јашари.

БЕСИМ ЈАШАРИ:

Оваа година освен од мразот имавме штети о до градот, па и од поплавите. земјоделство, шумарство и водостопанство ги превзема следните чекори и тоа согласно нашите правилници дека преку нашите подрачни единици излезена е Комисија на лице место, која што со записник не има известено и истиот записник од нашите ресорни единици е испратен до Комисијата на Владата за проценка на штетите.

Исто така и од Локалната самоуправа односно од општините Тиквеш, Гевгелија, Струмица и Тетово, Кавадарци, каде што имаме оваа година штети формирани се стручни екипи односно тимови кои што имаат направено записник од тој аспект. И тие записници исто така се испратени до Комисијата на Владата, која што ги прави тие проценки и заседава за такви моменти.

Врзано за елементарната непогода односно прогласување елементарна непогода сакам да кажам дека има Правилник според кој се одредува ког аможе да се прогласи елементарна непогода, било да е мраз, град, суша, или земјотрес и т.н., така да тоа не е во доменот на земјоделство, шумарство и водостопанство.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа Иванова дали ќе имате дополнително прашање?

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Господине претседателе, јас немам дополнително прашање, но како и на претходното пратеничко прашање ќе одговорам.

Ќе бидам задоволна само доколку се преземат ефективни мерки и навистина се даде помош на ова население, бидјеки навистина немаат средства за егзистенција. Има услови според Законот за заштит аод елементарни непогоди да се прогласи елементарна непогода барем во одредени катарстарски општиникаде што 100% се уништени посевите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи нема прашање, треба да се направи тоа што се одговори.

Од Либералната партија немам список, а не гледам ни присутен член за да постави прашање.

Одиме на Пратеничката група по редоследнот на ДУИ.

Има збор Назми Бекири.

НАЗМИ БЕКИРИ:

Господине претседате, почитувнаи пратеници, минситри,

Јас првиот месец поставив едно прашање за децата кои се родиле тука и не се заведени во матичните книги. Со оглед на тоа што ни го кажа министерот за внатрешни работи дека треба да дадам и имиња и да соберам факти, а тоа го немав тој ден, само го поставив како проблем кој се јавува кај нас. Во нашата партиск аканцеларија веќе се јавиле околу 40-тина души кои имаат нерегистрирани деца, а кои се родени тука...

Егзол Рамадани, Зика Рамадани, Јашар Рамадани, Алити Хамет, Флорија, Алити Хамет Јулзима, Алити Хамет Зилија, Алити Хамет Ибраими, Мевљедин Ќамила, Ислам Афри Муарем Афрем Исмаили, Афродита Рами Ибраими, Мефаил Сулејмани, Шабан Мефаил Сулејмани, Мевлан Мефаил Сулејмани, Егзиме Нецат Сулејмани, Ќамил Селмани, Рауф Сафет Сулејмани, Мерита Адем Арифи, Фатум Мехмет, Лиридона Абдула, Фитуре Садику, Леонора Чаили, Агрон Јахију и друг голем број на овие имиња кои ќе ги подготвам и ќе ги доставам до секретарјатот. Сите се од Куманово и од околината на Куманово.

Второто прашање што го поставивме е што во околината на Куманово за државјанствата кои им се одземаат на луѓето кои веќе им биле дадени. И во однос на ова се имаат пријавено голем број н алуѓе и сигурно бројот не завршува со толку, туку тој е поголем. Затоа јас го имам поставено тука како една појава со цел да е види што се случува таму. Тоа се луѓе кои што имале државјанство и кое им е одземено. Мевљудин Дрводели , Изел Дрводељи, Мецит Зеноне, Шефит Нас, Исен Зеноне, Емине Абдил, Сулејман Реими, Сеат Куртиши, Флорен Мемети, Флорен Реџепи, Сузана Исмаили, Фатуш Бекири, Недрет Кадри Реими, Сами Мифтари, Емене Раим.

Некои од нив ни донесоа комплетна документација која ја имам пред мене. Тука имам земено само некои примероци, ги немам донесено сите документи тука на кои им билокажано дека по грешка им било дадено државјанство, без никакво друго објаснување. Значи и овие имиња ќе ги доставам до секретарјатот, но во меѓувреме барам да се формир аедна работна група за да се занимава со овие луѓе чие државјанство било одземено и за регистрација на децата што не се заведени, а немаат друго живеалиште освен овде.

Мислам дека не должев многу со оглед на фактот дека три минути е едното прашање.

Би сакал да ја искористам оваа можност уште едно прашање да поставам , а тоа е до минситерот за одбрана.

Господине министер ми се обратија граѓаните од селото Извор за еден проблем во селото. Војската која е стационирана таму и која се наоѓа таму од времето на војната, граѓаните , селаните сеушт ене можат да одат на своите земјишта поради војската која е стационирана таму.

Прво затоа што им пречи војската за да стигнат до нивните земјишта дури од 2001 година.

Второ затоа што тие земјишта се можеби минирани и никој не е во состојба даде одговор. незнам што да им кажам и затоа ви се обраќам вас.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Во врска со првото и второто прашање, ако се сметаат како две прашања фактички на овие две прашања ние дадовме одговор минатиот пат во кој што кажавме каква е законската постапка и околу новородените и околу државјанствата.

Според тоа јас прифаќам не само вака, туку ја прифаќаме следнава варијанта, да целокупната документација која ја имаат сега, да се достави до помошникот на министерот за управни работи во Министерството за внатрешни работи и една група од Министерството заедно со СВР Куманово во определен период, ги погледне сите документи и ќе постапи така како што е по законите регулирано.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Претпоставувам дека и за двете прашања истиот одговор.

Господин Беќири, истиот одговор се однесува и за првото и за второто прашање, дали сте задоволен?

НЕЗМИ БЕЌИРИ:

Задоволен сум господине претседател.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ви благодарам.

На третото прашање ќе одговори господинто Бучковски.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Јас неспоменувајќи го воениот конфликт и раните од военито конфликт да се обидам да предложам ако има таков впечаток пратеникот, или оние кои му се обратиле да продолжиме во духот на градењето на меѓусебната доверба помеѓу институциите во државата и месното население во поранешните кризни региони да ги решиме сите проблеми и да не дозволиме некој да има чувство дека армијата има улога на окупациска сила и да обезбедиме пријателско опкружување и пријателски амбиент.

Во изминатите 9 месеци Министерството за одбрана и армијата прават се да дојде до враќање на довербата која треба да биде на завидно ниво. Јас сум подготвен за овој конкретен проблем да изнајдеме решение затоа што се сомневам, немошам да тврдам дали е така од исказот на пратеникот, но сум подготвен во најкус можен рок уШте од понеделник да разговараме за сит епроблеми кои може во комуникација да се надминат.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Беќири дали сте задоволен од одговорот.

НАЗМИ БЕЌИРИ:

Немав превод, меѓутоа од тоа што разбрав претпоставувам дек аминситерот рече дека со овој проблем ќе се занимава од понеделник, доколку е тоа така тогаш сум задоволен. Значи ќе разговараме за овој проблем со цел да го разрешиме така како што вели министерот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Блгодарам.

Инаку преводот што вие го слушате на албански и да го имате не е официјален, така да на него не можете да се реторирате дали е тоа тоа. Ние одговараме само за преводот што се случува од македонски на албански.

На ред за поставување прашања останаа уште од групата на пратеници што не се во пратенички групи Љубисав Иванов и Слободан Даневски.

Има збор господинот Љубисав Иванов-Ѕинго.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО:

Ќе се обидам да се држам до упатствата што беа дадени за поставување на прашања.

Првото прашање е до Владата, или министерот за економија.

Помина доволно време од потпишувањето на Спогодбата со СТО. Какви се ефектите од таа Спогодба врз македонската економија. Кои се позитивните ефекти, а кои се негативните ефекти. Посебно би сака да се изнесат резултатите и позитивните ефекти во индустријат аи земјоделието, а исто так аи негативните ефекти кои дојдоа како резултат на оваа Спогодба со СТО.

Дотолку повеќе што кога се работеше на оваа Спогодба јас бев еден од ретките кој укажував дека ваквата Спогодба и успешноста на примената на оваа Спогодба може да дојде како резултат на подготовка на макеоднското стопанство за влегување во СТО.

Негативните ефекти се воопшто познати, па според тоа поставувам прашање што ќе превземе Владата таквите негативни ефекти од примената на Спогодбата која понатаму ќе има поширока примена ги ублажи врз економската економија.

Второто прашање е:

Во Македонија се зборува дека има голем број на кредити кои не се користат , кои се на некој начин замрзнати, неефикасни, кредити кои доаѓаат од разни банки, како што е Светската банка, Европската банка, други банки средства кои се доделувани од поедини влади, како што е Шпанската, Португалската, Италијанската и да не ги набројувам, а не се користат. Дури има и неповратни средства, донаторски средства кои исто така не се ставени во функција на користење на таквите средства, а познато е дека во Македонија постои голема глад за дополнителна акомулација за средства кои би се искористиле во развојот на Макеоднија.

Сега поставувам прашање ако може да ми се каже кои се тие средства, за што се наменети тие средства, зошто не се користат тие средства? Преку кои институции тие средства се реализираат, по кои услови се дадени тие средства?

Третото прашање, ќе бидам во рамките на 5-6 минути, прашањето е до минситерот за надворешни работи.

Сведоци сме дека се повеќе се заострува визниот режимпрема македонија. Пред некој ден излезе во печатот дури Велика Британиај воведува транзиционен

визен режим према граѓанит еод Макеоднија. Гледаме огромни колони на народ пред амбасадите на Италија, Франција, Германија и т.н., каде што народот се доведува во една понижувачка состојба.

Од друга страна некои земји во нашата околина веќе добија Шенгејски визи. Што превзема Владата тој визен режим да го ублажи. Кои резултати досега од тие преговори ги има? Можеме ли да очекуваме во догледно време да имаме онакви пасоши и онакви визи какви што имавме кога живеевме во Југославија? Кои се причините што се пвоеќе и повеќе се заострува визниот режим према Македонија и Македонија се претвара во една затворена енклава.

Ако може да ми се одговори сега нека ми се одговори, а ќе бидам задоволен ако ми се одговори и писмено.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На првото прашање ќе одговори господинот Илија Филиповски.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Спогодбата со Светската трговска организација стапи во сила на 4 април. Премногу е краток временкиот период за да се даваат одредени анализиза влијанието на Спогодбата врз македонската економија. Но, во секој случај за поедини производи, микро производи се појавуваат проблеми. Во тој правец Министерството за економија заедно со Стопанската комора организира регионални состаноци во поедини градови за да ја согледа состојбата со влијанието на измените кои се направени во царинските стапки согласно на потпишаната Спогодба. Врз основа на тие сознанија Министерството за економија ќе предложи до Владата за одредени автономни царински тарифи таму каде настануваат сериозни проблеми, а тоа е ако увозот на репроматеријали е повисока стапка во однос на готовиот производ. Значи, да се сведат барем на едно исто ниво домашните производи со конкуренцијата која доаѓа од увоз. Значи тие грешки кои се настанати во договарањето со СТО имаме намера да ги исправиме.

Второ, ако се гледа Договорот со СТО врз економските движења во Република Македонија можам да речам дека во текот на месец мај имаме надпросечно зголемување на индустриското производство и за првите пет месеци имаме зголемување на индустриското производство од 4,3%, а извозот заклучно со април имаме зголемување на 23,7% на увозот некаде околу 20% на што има

сериозно влијание увозот на нафтените деривати за државните резерви и увозот на лон работи кои се натпросечно големи во однос на она што било во споредба со претходниот период истата година. Што значи дека за наредниот период ќе имаме можности за зголемување на извозот. Тоа е во врска со првото прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Иванов, дали сте задоволен од одговорот на првото прашање. Имате ли дополнително прашање?

ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО:

Прашањето не го упатив само со министерот за економија, туку до Владата на Република Македонија, затоа што се работи за комплексно прашање на економијата. Можеби времето не е така долго, ама негативните резултати се големи. Само погледајте вие во земјоделието дека доаѓа до уништување на цели гранки и цели дејности. Веќе производството на фармите за свињи е доведено тотално во прашање и до тотално затворање. Производството на јајца во фармите за кокошки исто така е намалено некаде за  три пати. Значи, ние сега сме изложени на нелојална конкуренција и дампинг цени кои доаѓаат како резултат кои што поедини земји ги даваат како стимулации, како премии, како други начини на финансирање на таквото производство кое го сметаат за стратешко производство и времето не ми дозволува да ги набројам сите области во кои што ние се наоѓаме во многу тешка состојба.

Дополнителното прашање ми е. Што ќе преземе Владата на Република Македонија практично за да ја ублажи оваа состојба во поедини области. Инаку да не се прикриваме за разни проценки па на крајот да испадне дека тие не се реални и не се точни. Тоа барем досегашното време го покажа. Треба навреме да дејствуваме таму каде што има многу негативни ефекти оваа Спогодба.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Филиповски одговори во име на целата Влада, со тоа што не исклучува вие да имат дополнително прашање.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Јас реков дека Договорот е потпишан во времето на поранешната Владата на Република Македонија, дека се направени одредени пропусти и тие

пропусти треба да се исправат. Тоа е прво. На тоа исправање на тие пропусти оваа Влада работи.

Второ, што мислам дека е значајно што се презема и се надевам дека на следната седница на Владата на Република Македонија ќе биде законот за трговија кој предвидува пред да се оцасрини стоката потребно е да се докажат сите елементи, тоа што го прават и земјите ое Европската унија за увозот на производите, истовремено за најголемите, највиталните производи кои се за Република Македонија до крајот на годината ќе треба да се донесат правилници врз основа на кои ќе може да се докаже дали тие производи можат да влезат во Република Македонија, или не. Значи, ние нема да имаме квантитативни ограничувања, туку тоа ќе биде правило за заштита на потрошувачите во Република Македонија. Значи, во тој правец Владата на Република Македонија работи како да обезбеди максимална можност за заштита на потрошувачите на Република Македонија, а преку нив секако и на домашното производство.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Филиповски, сега на второто прашање да дадете одговор во име на Владата на Република Македонија.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Што се однесува до второто прашање, во Република Македонија, особено во делот на Македонската банка за поддршка на развојот постојат кредитни линии кои се со прилично поволни услови. Нивниот износ изнесува над 63 милиони евра. Се работи за кредитни линии од Италија, од Германија и од други држави. Условите се прилично поволни. Значи, едноцифрена каматна стапка е. Но, тие не се користат со оглед на тоа дека нема доволно бизнис планови за одобрување од страна на банките. Значи, можноста за увоз на опрема по основ на овие кредитни линии постои и потребно е претпријатијата кои имаат намера нешто да инвестираат, значи можноста постои за увоз на опрема со поволни услови. Од тие причини се преземаат и мерките за поддршка на претприемништвото во Република Македонија.

Второ, потребата од зајакнување на консултанските организации кои можат да прават бизнис планови и да ги нудат тие бизнис планови и преку банкарскиот систем да се одобруваат. Истовремено во овој правец се оди и со намалување на каматната стапка во банкарскиот систем. Свесни сме засега дека дојдовме до 12% во големите банки со тенденција врз основа на политиката која ја

води Народната банка исто така политиката која ја води Владата на Република Македонија во делот на фискалната политика очекуваме дека каматната стапка и во наредниот период ќе паѓа и се надеваме дека во почетокот на идната година ќе имаме едноцифрена каматна стапка.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволен од одговорот?

ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО:

И од овој одговор не сум задоволен. Јас би сакал целосен одговор. Тоа ќе биде интересно и за сите пратеници. Преку 200 милиони евра стојат неискористени средства по разни основи. Би било добро сите тие средства да се наведат во еден писмен одговор, да се каже за која намена се дадени, под кои услови се дадени и зошто не се користат средствата и овие за кои што господинот Филиповски зборуваше, преку банките. Не дека нема идеи, не дека нема проекти, има други причини. Меѓудругото конзервативниот однос на банкарскиот систем, меѓу другото високите камати, кратките рокови на враќање. Според тоа, мораме да ги иницираме тие проблеми јасно, гласно и конкретно ако сакаме да почне еден инвестиционен проблем, еден инвестиционен циклус во Република Македонија. И би молем во овој поглед, бидејќи Министерството за економија не ја следи оваа проблематика, таа повеќе прилега на Министерството за финансии, да се даде еден целосен одговор во правец во кој што го поставив прашањето, писмен одговор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Министерот има право усмено да одговори ако е поставено на седница и со тоа нема писмен одговор. Веќе влеговме во таа процедура.

Господине Филиповски на дополнителното прашање дали имате одговор?

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Во сите весници во Република Македонија се објавени сите кредитни линии и средства кои можат да се користат за инвестициони потреби. Се надевам дека и господинот Иванов успеал да ги прочита.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На третото прашање ќе одговори госпоѓа Илинка Митрева.

ИЛИНКА МИТРЕВА:

Господинот Иванов е висок приоритет во надворешно - политичката платформа на оваа Влада. Се разбира, тоа е прашање кое што предизвикува најголем интерес и ги потцртува и потребите на нашите граѓани. Па оттаму навистина сме впрегнати во една акција која што има долгорочен карактер, но исто така и краткорочен карактер за излегување во пресрет на овие барања. Дозволете ми пред се да ја објаснам оваа долгорочна димензија во активностите на Владата на Република Македонија која што е врзана и со ставовите на Европската унија, а кои што ставови во една  би рекла пооптимистичка варијанта беа изложени и во заклучоците на Солунскиот самит по однос на земјите од Балканот. Таму се предвидува можноста за отпочнување на индивидуални разговори на земјите од Балканот за либерализација на визниот режим во што ние навистина ќе вложиме многу енергија и многу аргументи во наш прилог. Она што го тангира краткорочното уредување на ова прашање барем од практичен, или технички аспект е уредувањето на самата процедура за издавање визи во амбасадите овде во Република Македонија на која што генерално стојат поплаките на нашите граѓани. Во таа смисла Министерството за надворешни работи прави подготовка за отворање на советодавна канцеларија во рамките на Министерството која што би им го олеснувала техничкиот аспект на вадењето визи на граѓаните на Република Македонија, би ги нотирала моментите на условно речено дискриминираност на граѓаните во таа постапка, нељубезно однесување кон нив,  би им давала податоци за тоа каде треба да се обратат, кои се потребните документи и слично што не е генерално олеснување на визниот режим, но е една практична помош. И во врска со тоа ние на ВЕБ-сајтот на Министерството ќе ги објавиме сите информации врзани за оваа канцеларија. Инаку, не постои соговорник од меѓународен ранг, а врзан за областа  на надворешната политика со кој што ова прашање не се покренува и со кое што не се доведува во прашање сепак и рамноправноста на претендентите за членство во Европската унија и олеснувањето на таа перцепција кај граѓаните на земјите кои што се ставени во таа позиција. Најдалеку што сме успеале во либерализацијата на визниот режим се однесува на дипломатските и службените пасоши каде што постои еден импозантен број на земји со кои што таа работа е регулирана. Но, повторувам, останува високо во нашата агенда прашањето за натамошни разговори, притисоци, аргументација во прилог на ова наше барање и позиција.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Иванов, дали сте задоволен од одговорот?

ЉУБИСАВ ИВАНОВ -SИНГО:

Одговорот е познат во тој правец и очекував одговор. Меѓутоа, не сум задоволен од состојбите. И не ми беше кажано и како дополнително прашање поставувам, зошто толку остар виден режим се воведува спрема Република Македонија. Кои се причините? Дали е тоа криминалот, дали е тоа дрогата, дали е тоа нестабилноста на границите, дали е тоа нискиот стандард, економскиот стандард во Република Македонија. Сакам да укажам отворено да кажам, тоа и очекувам и министерот за надворешни работи да го потврди дека е ова крупно национално и политичко прашање. Ние имаме една соседна земја, земја Бугарија која доби шенгенска виза. И луѓето за да отидат во светот по корка леб, тие примаат бугарско државјанство за да користат шенгенска виза. И тоа станува сериозно прашање. Луѓето се принудени да ја менуваат својата државност. Би сакал да ги знам причините и би сакал во тој правец со отстранување на тие причини дали ние можеме да добиеме еден поволен визен режим.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали на дополнителното прашање имате одговор?

ИЛИНКА МИТРЕВА:

Мислам дека е непримерно однесувањето на Велика Британија и воведувањето на транзитни визи да се издига на ниво на принцип, на генерален принцип. Тоа е постапка која што е воведена само од една држава членка на Европската унија која што има посебен визен режим.

Второ, нашите очекувања по однос на либерализацијата на визниот режим треба да бидат проследени и со наши активности, затоа што никој бесплатно нема да ви даде една ваква олесница ако и вие од ваша страна не го исполните она што се очекува. По повеќе наврати сме ги споменувале елементите кои што се врзани за овој процес, а кој што се однесуваат и на квалитетот на патната исправа, на договорите за реадмисија на начинот на кој што се обезбедуваат границите и управувањето со нив. Така што има доста работи кои што се на наша страна за одработување за да во овој комплексен процес кој што е двостран и политичка

одлука на Европската унија, но и извршување односно доближување до стандардите што се очекуваат од нас имаме една компатибилност.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници, господа министри,

Моето прашање е старо - ново прашање. Ќе биде упатено до Владата на Република Македонија. Денеска добивме и одговор што потврдува дека сите претпоставки околу водата за пиење во градот Свети Николе укажуваат и потврдуваат дека не е наменски, дека не е добра водата, дека е опасна по здравјето на граѓаните на град Свети Николе.

Моето прашање ќе биде до Владата на Република Македонија да биде малку оперативно, кога и како мисли да се разреши овој проблем со водоснабдување на 15.000 граѓани во општина Свети Николе. Затоа што технологијата и она со што може да располага локалната самоуправа, знаејќи какви средства имаат, а знаеме дека не се во можност, ова прашање да се дигне малку на повисока истанца. Што значи Владата на Република Македонија мора да изреагира благовремено. Инаку, влегуваме во период каде што доаѓа летен период, горештини и замислете водата која е петта категорија од браната не може да се употребува ниту за превривање и е забранета за малите деца и бебиња. Не може да им се каже на децата да не ја користат водата, затоа што тоа се деца. И било како да ги советуваат родителите, иако воведоа пракса учениците при одење на настава си носеа по едно шише дестилирана вода, или кисела вода. Сега влегуваме во летен период каде што не можат да ги контролираат децата. Мислам дека проблемот мора да се дигне на едно повисоко ниво. Цениме дека не е момент да правиме штрајкови, демонстрации, тоа не се популарни мерки. Но, со оглед на фактичката состојба што во Свети Николе ништо не работи, целото стопанство, така што сите се слободни, може и тоа да го организираме, 15.000 луѓе да ги организираме ако треба, затоа што гледаме дека во оваа држава само ако се штрајкува, ако се прави нешто, тогаш се решава. Инаку, се нема некое разбирање за настанатиот проблем. Еве веќе четврти месец градот Свети Николе нема вода за пиење.

Второто прашање го поставувам до Министерството за земјоделие. Знаеме дека во Република Македонија по основ на донација има изградено, направено лабораторија за луди крави, единствена во овој регион на Балканот. Од кои причини, зошто не е ставена во функција, затоа што и така е донација, а треба

да функционира, со тоа што овозможува сите производители на јунешко месо извезуваат.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Првото прашање ќе го одговори во име на Владата на Република Македонија госпоѓица Радмила Шекеринска.

РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:

Владата на Република Македонија исто така со загриженост ги следи настаните околу водоснабдувањето во Свети Николе и ќе ги има во предвид овие забелешки не само од страна на пратеникот, туку и од страна на јавноста и граѓаните на Свети Николе заради ургентноста на нештата, заради проблемите кои што не се воопшто едноставни писмено ќе му биде одговорено на пратеникот и тоа што е можно побрзо за да не ги испуштиме роковите. Информацијата ќе биде испратена и до ресорното Министерство за да видиме што се Владата на Република Македонија може да стори за да се помогне да се реши овој проблем кој што инаку е во најголема мерка ингеренција и на локалната самоуправа. Меѓутоа, свесни сме дека вакви проблеми не можат да се решат базирајќи се исклучиво на ресурсите, на можностите и на капацитетите на локалната самоуправа.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Се повторуваме, локалната самоуправа не е во можност да обезбеди средства. Прашањето е малку од посложен карактер, се бараат поголеми средства. Јас би замолил Владата на Република Македонија да го операционализира, што значи, не да се дава писмен одговор, туку треба да се дејствува, треба да се обезбедат средства и да се разреши овој проблем во градот Свети Николе.

РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:

Во поглед на средства кои што се разбира дека би го решиле во најголема мерка проблемот, јас би сакала само да го потсетам пратеникот дека Владата на Република Македонија може да ги троши само оние средства кои што Собранието на Република Македонија и ги одобрила согласно Буџетот на Република Македонија. Така што не е така едноставно Владата на Република Македонија да реши. Нормално, Владата на Република Македонија сака да ги реши сите овие проблеми, меѓутоа, ние функционираме и сме обврзани да функционираме согласно

со усвоениот буџет. Така што, потребно е Владата на Република Македонија и Министерството да погледнат и да видат кои се другите начини кои што ни се на располагање да помогнеме во решавање на овој проблем.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На второто прашање ќе одговори господинот Јашари, заменик министер за земјоделство.

БЕСИР ЈАШАРИ:

Во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство постои ветеринарна управа која што ги следи болестите, односно зоонозите кои што се врзани за домашните животни и луѓето. Точно е тоа што вика пратеникот Даневски дека имаме лабораторија за испитување на болеста болвина спонгиоформна енцефалопатија кај кравите кои што средства се инвестирани пред околу две години. Се работи за еден проект инвестиран од околу 200.000 германски марки, односно 100.000 евра која што лабораторија постои и затоа што ги следиме сите други болести, па и оваа многу битна болест на лудите крави, која што за среќа ја нема кај нас.

Од чиста причина таа не функционира затоа што нема што да работи, за наша голема среќа. Но таа лаболаторија постои и сме свесни дека ја имаме таа лабораторија и ја следиме оваа болест и сме свесни за тоа што кои би биле последиците евентуално да се појави оваа болест кој што на 700 степени целзиусови не се уништува и така натаму, не би сакал тука да навлегувам, но одговор на пратеникот би бил на пратеникот Даневски дека лабораторијата не функционира, затоа што нема што да работи, но доколку имаме таков случај каде што ќе имаме сомнеж на болеста на луди крави еден примерок или повеќе примероци го праќаме надвор во други светски лаболатории, така да резултатот е надвор, тогаш би излегувале со еден одговор.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Да не навлегуваме во стручноста на проблемот. Стручните луѓе кажуваат дека во континуитет треба да работи лабораторијата со тоа што да не прејудицираме дали има луди крави или нема луди крави, затоа што единствена таква лабораторија на овие простори на Балканот е нашата што значи треба да биде

ставена во функција скоро на сите соседни држави што ја опкружуваат Република Македонија.

БЕСИР ЈАШАРИ:

Во рамки на Министерството постојат ветеринарни станици, кои што имаат склучено договор со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и кои што ја следат како мрежа здравствената состојба на добитокот. Така да, тие се тие ветеринарни друштва кои што ако имаат сомневање на некоја болест, тогаш се носи примерок во Ветеринарниот институт, односно до лабораторијата кај што би се испитувало.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Петар Гошев. Ќе одговори на третото прашање за фискализацијата.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Јас се извинувам што морав да излезам, се разбира на тоа прашање можеше и заменик министерот да одговори, меѓутоа, јас сакав да одговорам затоа што г. Мавровски поставувајќи го прашањето изрече невистина, која што се состои во моја наводна изјава дека сум бил против фискализацијата и сум дал изјава против фискализацијата. Ниту било можно такво нешто, ниту сум дал таква изјава, зборував за проблемот за реализација на фискализацијата, за начин на фискализацијата итн, за субјективизми во фискализацијата. За тоа сум зборувал и апсолутно знам за што сум зборувал. Значи тоа не е точно апсолутно.

Второ, веројатно постојат сваќања со бонови и не од сега, многу одамна и тоа е апсолутно прекршок, не согласно со Уставот, не согласно со Законот за Народната банка, за што треба сигурно енергични санкции во одбрана на денарот, кој што е загрозен и од други ситуации од раширените плаќања кои што се случуваат во девизи и кои не се санкционираат доволно, работа за која што веќе сме разговарале со Народната банка, работа која не се потиснува така лесно, меѓутоа прашање е тоа што мора навистина да се обработи со голема енергија, со голема упорност, а се разбира и со поддршка на сите оние што сакаат да си го почитуваат денарот како национална валута. Значи тоа е во врска со тоа прашање. Практика апсолутно не можеме да негираме и надлежните треба да си го санкционираат тоа.

Се разбира, поддржувајќи го проектот за фискализација, започнат од претходната Влада стигна до некаде околу 4 илјади инсталирани фискални апарати,

но не и во функција толку, после извесен застој ја забрзавме работата и активноста и стигнавме за овие неколку месеци до 10 илјади фискални апарати инсталирани од кои 7 илјади и нешто се во функција и тоа е веќе 25% од планираниот број на функционално инсталирани апарати. И се разбира од тоа не сме задоволни, затоа што едни да инсталираат, а други да не инстралираат е дискриминација, како што е дискриминација едни да плаќаат даноци други да не плаќаат даноци, што се случува се разбира со евазијата, со сивата економија, која пак сега се користи од тие што сакаат или да манипулираат со процесот на фискализација или едноставно да си ја продолжат позицијата на неинсталирање на фискални апарати, за неевидентирање на вистинските приходи итн, како изговор ете затоа не треба да се проширува фискализацијата, на што нашиот одговор апсолутно е јасен, јасно е дека има сива економија, но јасно е дека тоа не може да биде изговор да не се почитува законот и да не продолжи процесот на фискализација, без оглед на тоа што некому тоа му се чини во дадениот момент аргумент, но тоа всушност е аргумент за да продолжи многу поинтензивно фискализацијата. И токму заради тоа со Законот за безготовинско плаќање, барајќи начин како да се зголеми ефикасноста на инсталирањето на функционални фискални апарати, извршивме измени што ова Собрание за добро ги усвои пред некој ден, мандатна казна, плаќање на лице место, а не мандатна казна, која што ќе ја изрекуваат судовите на која што чекавме со месеци, па не се изрекува, па се изрекува под предвидената сума, затоа воведовме таму институт опомена, со рок даден за отстранување на непочитувањето на законот и по опомената во право во Управата за јавни приходи да изрече мерка за времено затворање на објектот ако не се инсталира должникот да инсталира фискална каса, што ќе функционира. Се разбира, и тука нема да има отстапки и ќе видиме сега овие мерки што резултати ќе дадат. Намалувањето на сивата економија на која што Владата работи и за чиј резултат се клучни три нешта ќе видиме, како тие ќе дадат резултат во наредниот период.

Првото е, натамошна либерализација, која што во прв ред подразбира многоу поедноставен влез на фирмите во стопанскиот живот, отстранување на бирократските бариери, отстранувањето на комплицираните процедури и тоа е проект на кој што работи Владата и наскоро ќе има конкретна разрешница, конкретни мерки и прописи во врска со тоа. Тоа мора да придонесе кон намалување на сивата економија. Тоа е едно од прашањата.

Второто прашање што ќе придонесе кон намалување на сивата економија, ако издржиме, а сме решени да издржиме кон континуирано намалување

на даночниот товар на даночните обврзници, процес што го започнавме со буџетот од 2003 година, преку намалувањето на даночниот товар за повеќе од 100 милиона евра, значи намалување на вкупната јавна потрошувачка или јавни трошоци, кои што треба да продолжат во структурата на бруто домашниот производ и

Третото прашање од кои што зависат овие работи е судството за кое што во овој момент има консензус на домашни аналитичари, на домашни патилци и на странски набљудувачи дека е најкритичната точка за нашето функционирање на економско-политичкиот систем на земјата, најкритичната точка, најтесното грло кое што овозможува побрзи резултати и на полето на економијата и на полето на сузбивањето на криминалот, на корупцијата, стабилизацијата на многу процеси во Република Македонија, за првите две резултати ќе има многу побрзо, третото прашање е потешко, упорна реформа, длабока реформа, која ќе треба да следи со судството. Значи, тоа е во врска со фискализацијата на нашата позиција, без оглед на дневно политички употреби на ова прашање ќе продолжиме без оглед на тесни интереси на одделни социјални слоеви, на кои што им одговара тоа, разбирајќи ја нивната тешко економска позиција се разбира, разбирајќи ги дека ако се евидентира приходот и ако го плата тоа што според законите треба да го платат, како и сите други што плаќаат им е потешко и тоа го рабираме, меѓутоа, даночниот систем мора да се развива да обезбеди правичност. Правичност се обезбедува ако не се одбегнува плаќањето на даноците и се разбира, ако товарот е рамномерно распореден според економската сила на субјектите. Тоа е генералната позиција во врска со ова прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Да му одговорам на г. Гошев, ова се прашања од нашите избирачи и јас бев многу директен и конкретен, се работеше за фискалните каси за кои што во Битола се направи штрајк за кои што позицијата за Македонија заедно застана дека фискалните каси нема да се воведат, бидејќи ќе се воведат за одредена група на луѓе, а ова што ни кажувате за боновите и за вредносните писма кои што и понатаму функционираат како во Битола така и во државата, тоа е сосема точно, а одговорноста ако ја бараме мислам дека треба да почнува од Министерството за финансии, кои што вие сте тие кои што треба да ги средите овие работи.

Во однос на мандатните казни гласавме пред некој ден во овој Парламент, мислам дека мандатните казни пред неколку месеци наназад се изрекуваат кај сите приватни сопственици, посебно можам да кажам за Битола и тоа во вредност од 50 илјади денари. Затоа е револт на ова здружение затоа што во тие моменти Битолската чаршија се затвори со некои надежи дека ова нема да биде и јас сум свесен дека фискализацијата и тогаш и сега и понатаму, секој што не плаќа данок за оваа држава е против таа држава, но мислам дека оваа дискусија што сега ја направивте требаше на гласачите и на граѓаните да им се објасни пред 10 месеци, значи пред 15 септември, да знаат за што и како се работи. Затоа сега објаснувањето е во ред и мислам дека на наредните избори ќе знаат, за што всушност се работи.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Петар Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Објаснувањето е сигурно во ред. Јас такви објаснувања во континуитет сум давал бидејќи се тоа мои трајни позиции и дневно политички. Но прашањето ќе беше во ред ако тоа прашање го поставивте на вашата Влада претходно и во врска со боновите и во врска со се друго. Према тоа, прашањето на присуството на егзистенција на боновите и одговорноста за бонови е прашање за кое што исто така требаше да се сетите порано. И ако сте за фискализација, тогаш престанете дневно политички да ја користите фискализацијата, туку едноставно побрзајте и кажете им на сите, фискални каси мора да има и така ќе помогнете во секој случај да дојдеме до помалку неправичности  во нашето општество, кои што ги има многу се разбира. И за кои што треба многу многу чесна работа, искрена работа, посветена работа од многу многу луѓе. Од власта пред се се разбира, но и од опозицијата и од многу други субјекти во нашето општество. Значи, не манипулирајте, поддржете ја фискализацијата сите но се разбира, вие ако не ја поддржувате ние ќе ја реализираме, мора тоа да се оствари.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ако не ми земете за зло да кажам еден збор. Тоа што е со закон пропишано во Република Македонија, не можете во вашата комуникација да го измениме. Тоа сме го пропишале со закон и тој е на сила.

Продолжуваме со прашања.

Има збор господинот Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, почитувани министри и претставници на Владата на Република Македонија,

Јас ќе поставам три прашања. Првото прашање е до гувернерот на Народната банка на Република Македонија. Се однесува на следното: и по стариот Закон за Народна банка на Република Македонија и по новиот Закон за Народна банка на Република Македонија Парламентот е институцијата која што го верифицира мандатот на вице гувернерите на Народна банка на Република Македонија во состојба кога 1999 година истече мандатот кој што го даде Парламентот на вице гувернерите на Народната банка на Република Македонија, прашањето е која законска форма ја користи гувернерот на Народната банка на Република Македонија кога само Парламентот дава и одзема мандат на вице гувернерите со негово не знам какво овластување и понатаму господата Шабан Превала и госпоѓа Душанка Христова, како вице гувернери на Народната банка на Република Македонија работат на тоа место, потпишуваат документи, учествуваат во сукцесијата на имотот на поранешната СФРЈ каде што Република Македонија припаѓаше и на таков начин фактички, јас како член на Парламентот сметам дека е дерогирана функцијата на Парламентот и некој си зема право да дава овластување, без законска форма. Тоа е првото прашање до гувернерот на Народната банка на Република Македонија. Се надевам дека писмено ќе ми биде одговорено.

Второто прашање го упатувам до Министерството за финансии, до министерот.

Во изминатите три децении за Североисточна Македонија најактуелен проект за одржлив развој на целиот регион беше проектот на хидроакумулацијата Злетовица. После сеопфатни истражувања, научни студии, физибилити студии, конечно се дојде до фаза до крај изведен проект и се дојде во ситуација Република Македонија да преговара со Јапонската влада и со Јапонската банка за меѓународна помош за подобрување на кредитот 90 милиони долари, за проект кој претставува хидроакумулација од 25 милиони м3 вода, што обезбедува квалитетна вода за пиење за градовите Пробиштип, Кратово, Свети Николе и Штип, обезбедува наводнување на 4000 ха и изградба во втора фаза на три мини хидроцентрали по текот на Злетовска река. Така конечно се дојде до фаза да се конституира и ЈП Злетовица и од Владата на претходниот состав се обезбедија пет милиони евра за

изградба на пат до браната Кнежево, до нејзиното тело и во тек на преговори се дојде до тоа да се потпише кредитот од 90 милиони долари со Јапонската влада.

Моето прашање е, до каде е потпишувањето на овој договор за 90 милиони долари кои многу ќе значат како инвестиционен замаец, посебно за тој дел од Република Македонија и дали е потпишан тој договор, или ако не е потпишан кога тој ќе биде потпишан, со цел, овој многу важен инвестиционене проект, не само за Североисточна Македонија туку и за цела Македонија, да биде доврашен.

Третото прашање е упатено до Министерството за правда, а се однесува за севкупната акција за борба против организираниот криминал и корупција, што ја води актуелната Влада на РМ.

Очигледно е дека најслаба алка во синџирот на таа борба, по мислење и на Хелсиншкиот Комитет за човекови права, а и по мислење на ОБСЕ се дојде до тоа дека тоа е правната мерка пртвор што се применува во истражната постапка при докажувањена вината по повод подигнатото обвинение од страна на Обвинителството на РМ. Очигледно со конкретни примери тоа е кај господинот Војо Михајловски, Душко Аврамски и господинот Ванчо Мијалчев. Должината на целата таа истрага го доведува во прашање институтот за човекови права во Република Македонија и моето прашање до Министерството за правда е конкретно.

Во случаите на господинот Бесник Фетаи и во случајот на господинот Ламбе Арнаудов, особено кога истрагите околу “Нова Македонија” и во делот на она што претставуваше обвинението на Ламбе Арнаудов се завршени, кои мерки ќе ги превземе Министерството за правда да ја забрза работата на судството кое исклучително бавно придонесува, целиот процес на она што значи соочување со аргументите на обвинението и бранителите во нормална судска постапка, ја афирмира целокупната борба против организираниот криминал и корупцијата во Република Македонија, на вистински начин, а да се спречи злоупотребата притвор, би рекол во една политичка димензија која сите нас не враќа во едно друго време.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

По првото прашање гувернерот на Народна банка на Македонија ќе достави писмен одговор, кога ќе го известиме.

Второто прашање е упатено до министерот Гошев и тој ќе одговори.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Проектот Злетовица не е идеја на претходната Влада, како што знае претходната Влада и господинот Ѓорчев. Тој проект егзистира како идеја повеќе од

20 години, колку што мене ми е познати и тој проект не се реализираше ни во претходната Влада.

Точни се тука две работи и тоа дека е формирано јавно претпријатие како републичко претпријатие. Точно е дека се дадени некои средства за изградба на тој пат, меѓутоа точно е дека во тоа претпријатие се одвивале крупни процеси на корупција и притоа се истакнале исто така таму луѓето, како и на многу други места. Точно е и тоа дека ова Влада одлучи да го прифати кредитот од јапонската страна. Ја извести Јапонската влада. Досега немало одлука владина за прифаќање на таков кредит. Ние донесовме таква одлука, ги известивме за прифаЌањето на условите за кредитот, меѓутоа за жал, имаме повторно некое тактизирање од јапонска страна и нема сеуште одобрување што сме во фаза кога мораме повторно да се прашаме дефинитивно со нив, и покрај малку променетите поскапи услови за тој кредит кој конечно ни го понудија и откако конечно и тие услови ги прифативме, повторно од нивна страна немаат реализација. Значи, повторувам, сме во ситуација кога конечно мораме да ги прашаме или го даваат тој кредит, или не, или да бараме ново чаре за таа работа, нови извори.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Ѓорчев дали сте задоволен од одговорот на тоа прашање.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Имам процедурално прашање.

Целиот проект Злетовица и постапката околу научните и физибилити студии се дело на некоја влада од поранешна Социјалистичка Република Македонија и моето прашање немаше никаква политичка димензија, туку исклучиво економско прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На последното прашање одговор ќе даде господинот Дарлишта.

ИСМАИЛ ДАРЛИШТА:

Во однос на прашањето што го постави господинот Ѓорчев, очекуваме судството, во рамките на своите надлежности, согласно Законот за судовите да ја ажурира постапката во однос на гореспоменатите лица. Инаку ние како Министерство за правда немаме право да се мешаме во работата на судовите и во

однос на донесувањето на одлуките од страна на судовите, така што нивните одлуки се конечни и извршни и не можеме ниту да ги коментираме, ниту да ги интерпретираме. Согласно Законот нивната работа е сосема самостојна во однос на Министерството за правда.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Моето прашање беше со цел, бидејќи Министерството за правда ги предлага законите во Парламентот на Република Македонија, во делот на правото, па ценам дека тоа како дел од извршната власт задолжено да гледа како се спроведуваат законите. Очигледно е дека тука се работи за бавна постапка, по пат на соработка со научните институции, Правниот факултет или други институции во РМ, МАНУ, судовите, да организира, дали се тоа округли маси, дали со дискусии, дебата која ќе помогне да се надмине таа критична точка во истражната постапка која предизвикува многу политички турбуленции и дилеми во РМ. Не да се меша во судството, туку едноставно да помогне, бидејќи Министерството за правда е должно да гледа како се спроведуваат законите во РМ и да откочи некој процес доколку се констатира дека одделна наука во тој процес недостасува.

НИКОЛА ПОПОВСКи:

Господине Дарлишта дали имате коментар на дополнително поставеното прашање.

ИСМАИЛ ДАРЛИШТА:

Јас се согласувам дека треба да се организираат такви тркалезни маси за да се надминат тие проблеми. Меѓутоа, сега за сега законите ни се такви и не можеме спротивно на законите да работиме ниту ние како Министерство за правда, ниту судовите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Меѓутоа, можеме да ги смениме законите. За тоа сме тука.

Прашање ќе постави господинот Владо Паунков.

ВЛАДО ПАУНКОВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, претставници на Владата,

Моето прво прашање е упатено до Министерството за економија.

Во Богданци изградени се оранжерии за раноградинарско производство на 48 ха и истите претставуваат најголем капацитет за раноградинарско производство во Републиката. Тоа е постигнато, пред се како резултат на визионерското гледање на нашите родители кои за сметка на своите ниски лични доходи инвстираа во иднината на своите деца. Таквата иницијатива тогашната држава сестрано ја поддржаа со соодветни кредити. Меѓутоа, денес сме исправени пред заканата, овој капитален објект, со кој стопанисуваше Агроизворски, да се доведе во состојба на целосен распад. Тоа е предизвикано од соодветните случувања на трансформацијата на капиталот на Агроизворски во кој главна улога играа и сеуште играат фамозните игри на Смиленски.

Го поставувам прашањето, дали вашето Министерство ќе пристапи кон утврдување на состојбите во Агроизворски, односно во најкраток можен рок да изврши ревизија на трансформацијата на капиталот на ова претпријатие, притоа особено водејќи сметка за заштитата на државниот капитал и капиталот на вработените. Од итноста на разрешување на овој проблем зависи и опстанокот на овој капитален објект.

Моето второ прашање е упатено до Министерството за финансии и до Министерството за надворешни работи.

Јужниот и југоисточниот дел од Републикава претставуваат огромен потенцијал за раноградинарско производство со висок квалитет.

Заврши со собирањето на раноградинарските производи во Богданска котлина. При крај е бербата во Валандовската котлина и во полн ек е бербата во огромното Струмичко поле.

Земјоделците од општина Богданци остварија одличен економски ефект од својот вложен труд. Верувам дека и останатите земјоделци од овој регион ќе го постигнат истото.

Овој позитивен ефект во раноградинарското производство резултат е на ефикасноста на Царинската управа која успеа да го спречи шверцот со раноградинарски производи од други земји на нашите традиционални пазари под македонско име, како и отварање на пазарите од државите кои произлегоа од СФРЈ. Овој позитивен трен во оваа сфера на стопанството ќе го активира огромниот

потенцијал во овој регион, веќе во есенската втора реколта. Затоа до двете министерства го поставувам следното прашање.

Дали Министерството за финансии, преку својата Царинска управа ќе овозможи брз проток на раноградинарските производи преку граничните премини на Републиката, а со тоа ќе овозможи зачувување на високиот квалитет на транспортираното производство. Во истиот контекст МНР дали превзема дипломатски активности за отстранување на транспортните рпречки кои се јавуват во државите во кои се пласираат раноградинарските производи. Дали ова Министерство работи за создавање на поволен стопански амбиент во бившите југословенски држави каде овие производи веќе 50 години се синоним на квалитет и еколошко исправни производи.

Третото прашање го упатувам до Министерството за труд и социјална политика.

Центарот за социјални работи Валандово, како јавна установа од областа на социјалната заштита е формиран во 1974 година. За таа цел е изграден посебен објект во кој е сместен центарот за истиот и соодветно опремен. Денес центарот го опслужуваат девет лица од кои 4 се со високо образование, еден со виша, 3 со редно и 1 со основно образование и истите ги задоволуваат условите за нормално обавување на дејноста од областа на социјалната заштита.

Факт е дека Центарот функционираше како правен субјект и кога во републиката постоеле само 34 општини.

Од страна на одговорните во Центарот е барањно негово докомплетирање со потребнито стручен кадар. Согласно Законот за социјална заштита, меѓутоа, целосно не е излезено во пресрет на ваквите барања од страна на ресорното минисртерство.

Центарот опслужува повеќе од 12.000 жители, колку што брои општина Валандово, од кои 5.000 се во градот, а останатите во населените места. Сакасм да истакнам дека 12% жители во општината се претставници од турската заедница, 5% срви и црногорци и останатите македонци.

Досега Центарот својата дејност ја обавуваше успешно, без некои забелешки од страна на надлежното Министерство за труд и социјална политика.

За илустрација да кажам дека на крајот од 2002 година 700 домаќинства беа коридсници на социјална помош, а во мај 2003 година тој број е намален на 570, согласно одлуката на Владата. 150 лица се корисници се на туѓа нега.

Со Одлука на Владата на Република Македонија за изменување и дополнување на Одлуката зас утврдување на мрежа на јавни установи зџа социјална заштита број 23-8555/1 од 26 мај 2003 година, објавена во Службен весник на 10.06.2003 година, постоењето нас јавната установа Центар за социјални работи - Валандово се брише и истата се припојува на Центартот за социјална работи - Гевгелија. Сето тао е направено без претјходно известување и консултација со Центарот за социјални работи - Валандово и општина Валандово. Во општината постои огромен револт од ваквото несоодветно решение за кое советот на општина Валандово расправаше на иста седница и го изрази своето незадоволство.

Моето прашање е до министерот за тру и социјална политика е зошто и според кои критериуми се брише јавната установа Центар за социјални работи - Валандово о се припојува на јавната установа - Центар за социјални работи - Гевгелија, кога оваа установа повеќе од 30 години мошне успешно ја осдтварува својата функција во општина - Валандово и се припојува кон центар кој има помал обем на корисници на социјална заштита, посебно што тоа се врши во времето кога се подготвува операционализација на законот за локална самоуправа и децентрализација на власта. Што ќе преземе Министерството ваквата нефункционална одлука да се измени.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Првото прашање беше рпоставено до министерот за економија.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Во врска со оранжериите за кои се појавува сопственик Смиленски, тоа се однесува и на други фирми на Смиленски, Народната банка на Република Македонија има добиено судска одлука со која и е овозможено да предложи на судот запослување на администратори во сите претпријатија. Јас се надевам дека во текот на оваа недела НБМ ќе ги достави тие предлози до судот за да можат да се поставаат администратори во сите фирми, така и вклучително и оранжеирите Богданци.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Паунков, дали сте задоволен од одговорот?

ВЛАДО ПАУНКОВ:

Да, задоволен сум.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Второто прашање беше упатено до министрите Петар Гошев и Илинка Митрева.

ИЛИНКА МИТРЕВА:

Што се однесува до функционирањето до Министерстдвото за надворшни работи во оваа област, нормално е дека економската димензција на соработката со сите партнери од меѓунарондата заедница е еден од приоритети во ова Министерство и на тој план нависртина секогаш фнастојуваме да ги разгледаме состојбите во трговската размена, во економската соработка и слично.

Сакам да потсетам дека РМ е земја во регионот на Југоисточна Европа која има потпишано договори за слободна трговска размена со сите земји од овој регион, плус со Романија и Турција и дека акцентот треба да се стави на доследно имплементирање на одредбите од овие договори, што во секој случај ќе го олеснува извозот и контактите на овој план.

Втора работа за која сакам да разговарам со пратеникот кој го постави ова прашање, заправо да укажам, е една од придобивките од солунскиот самит за земјите од Балканот, а тоа е дополнително стимулирање на трговските олеснувања при увозот, значи одредница или став кој допрва треба да се имплементира и да се види на кој начин.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Господинот Паунков констатираше дека Управата за царина ја зголеми својата ефикасност во овој период  од почетокот на работата на оваа Влада и со новото раководство таму, пред се, како резултат на добрата работа на тоа раководство на Управата за царина и од тоа констатирам мошне позитивни резултати за аграрот во подрачјата што ги наведе.

Јас немам ништо друго освен да се согласам со тој факт дека работата е унапредена и тоа не можеше, а да не остави односно не придонесе за остварување на позитивни резултати. Но, се разбира, не сме ги решиле сите проблеми во врска со работата и на оваа институција, какои на многу други и дека работата на тој план

сигурно ќе продолжи интензивно, бидејќи таму има проекти кои се остваруваат, реформски проекти кои секојдневно го стеснуваат просторот на шверцерите, ја зголемуваат ефикасноста на протокот на стоки и услуги и во тој правец одговорот е апсолутно да ќе продолжиме, се разбира сме разговарале заради чувствителноста на земјоделскитепроизводи особено кај нив да се забрза фреквенцијата и да добијат приоритет при преминот на границата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Паунков дали сте задоволен од одговорот?

ВЛАДО ПАУНКОВ:

Да, задоволен сум.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Манасиевски ќе одговори на третото прашање.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Токму така, со одлука на Владата од постоечките 30 центри за социјална работа низ целата држава кои имаат статус на јавни установи укинати се три поради објективни критериуми. Имено, два објективни критериуми се разгледувани, а број на случаи и соодветната социјална патологија на територијата на одредено подрачје и стручната екипираност на тимовите. Инаку, овие анализи, овие состојби се вакви во овие три центри во Валандово, Кратово и Демир Хисар веќе со години, меѓутоа, не се преземале мерки со надеж да се даде шанса на тие институции да се обидат да го оправдаат своето постоење.

Во рамките на процесот на зголемување на ефикасноста и рационализација на Владата, Владата се одлучи да ги укине овие три институции, меѓутоа, како јавни установи. Инаку, тие и натаму функционираат со целиот досегашен персонал, со вкупните материјални ресурси и просторни ресурси кои ги имаат на територијата на соодветните општини. Владата ќе оди и понатаму, ќе оди на пришириување на достапноста на услугите на социјална заштита преку повеќе подрачни канцеларии, меѓутоа, тој процес истовремено ќе биде следен со стеснување на оние општини чии центри за социјална работа имаат статус на јавна установа.

Логиката е едноставна. Административното управување да биде порационално, а бројот на стручниот персонал што непосредно ќе работи со

граѓаните да биде поголем така што на пример во рамките на оваа стратегија на Владата веќе наредниот месец во општина Шуто Оризари ќе биде отворена подрачна канцеларија. Истото ќе биде практикувано со уште неколку канцеларии во текот на наредната година.

Значи, од аспект на достапност на услугите на граѓаните на Валандово апсолутно ништо нема да се промени само што сега институцијата нема да има статус на јавна установа, туку ќе има статус на подрачна канцеларија на Центарот за социјална работа од Гевгелија. Зошто е одбрана Гевгелија, затоа Што се наоѓа на оддалеченост од 10 км и затоа што според бројот на домаќинствата е три пати поголема од општината Валандово.

Овој метод на работа ќе биде рационален и сигурен сум дека ќе даде поефикасни резултати и намалување на вкупните непотребни административни трошоци, а зголемување на ефикасноста и  до 100%

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Паунков.

ВЛАДО ПАУНКОВ:

Ако министерот биде доследен и навистина институциите на државата ги доближи до граѓаните на општината и тие да бидат сервис на граѓаните на општината, тогаш сум задоволен.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Србиновски.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата,

Првото прашање ќе го поставам до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а може да биде опфатено и Министерството за економија.

Во врска со откупот на пченицата, знаеме дека жетвата е на прагот, т.е. Пелагонискиот регион е на прагот на жетвата да отпочне, а Тиквешијата е при крај.

Една од стратешките култури за РМ претставува пченицата.

Прашањето ќе го поставам која количина на пченица се планира да се откупи, кои фирми ќе учествуваат при откупот, каков ќе биде начинот на исплаќање и колкава ќе биде премијата.

Владата на РМ кажа дека пченицата ќе биде 10,5 денари, но ништо не се знае кој ќе врши откуп на оваа култура. Ако цената е најавена од 10,5 денари со 2,5 илјади кгр. по хектар на земјоделците нема да им остане ни сламата ќар. Тоа е првото прашање.

Второто прашање е исто до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, се работи за елементарна непогода во општина Бистрица - Битола каде имаше една непогода од градот која во општина Бистрица која има 175 ха лозови и овоштарски насади и тоа има 29000 стебла, праска има околу 7000, круши има околу 8000 и сливи околу 4,5 илјади стебла. Ова е уништено 99,9%. Овие земјоделци исклучиво живеат од оваа култура.

Значи, била формирана комисија од Министерството за земјоделие заедно со локалната самоуправа на општина Бистрица, но до ден денес нема никаков одговор од ова Министерство.

Третото прашање е малку подолго, тоа е од Здружението на тутунопроизводителите “Братство”-Крушево. Претставниците на 1100 домаќинства тутунопроизводители кооперанти на АД “Нико Доага” - Крушево на седницата на Здружението на тутунопроизводителите “Братство” - Крушево одржана на 23 јуни 2003 година расправа во врска со продажбата на тутунот од реколтата 2002 година. Имено, на прагот на новата берба на тутунот од реколтата од 2003 година тутунот во производното подрачје на АД “Нико Доага” - Крушево исплатени се само 40% и тоа од извори на земени кредити и сопствени средства.

Преку Бирото за стокови резерви на РМ беа обезбедени средства за интервентна помош во откупот на тутун за 10 откупни претпријатија во РМ во висина од 405 милиони денари или 50% од вкупно потребните средства за исплата на откупениот тутун. Другиот дел од вкупните претпријатија требаше да ги обезбедат по пат на продажба на тутунот или кредити за исплата на тутунот. Но, за жал, обезбедените средства од Бирото за стокови резерви се распоредени различно по тутунските претпријатија. Тутунски комбинат Прилеп и Ориентал-Табак - Демир Хисар. Од тие средства добија 60 до 70%, а другите 8 меѓу кои и Крушево добија само 10%, иако првичниот распоред да добијат по 50% од вредноста на откупениот тутун некој во Министерството за земјоделие изврши промена така што некој доби 60-70%, а некој само 10%.

Прашањето гласи: Зошто е направено така. Тутунопроизводителите, пред се, не знаат за политика, тие сакаат достоинствен живот на оваа макотрпна работа на време да им се исплати на подрачјето на АД “Нико Доага” - Крушево по национална структура тутунопроизводителите се 50% македонска националност, а 50% албанска и бошњачка националност. Сите имаат заеднички интерес трудот на време да им се исплати и ништо друго.

Од одржаната седница произлезе барање Министерството за земјоделие преку Бирото за стокови резерви или Фондот за земјоделие да изнајде уште 40% да им ги скрати на осумте фирми, а останатите средства конкретно на АД “Нико Доага” 20% да обезбеди од другите извори.

Доколку тоа не се стори, т.е. не се реализира до 5 јули 2003 година произлезе став и заклучок од оваа редакција да се организираат протести пред ресорните министерства на Владата на РМ, да се блокираат патишта, а доколку и тоа не вроди со плод, тутунопроизводителите на 1 и 2 август наместо да се вклучат во прославата а 100 Годишнината од Илинденското Востание ќе ги блокираат патиштата што водат кон Крушево, а и патот за Мечкин Камен.

Ова прашање е поставено од Здружението на тутунопроизводителите “Братство” - Крушево.

Прашањето го поставувам до Министерството за земјоделие.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Јашари трите прашања се за вас.

Ќе одиме едно по едно.

БЕСИР ЈАШАРИ:

Што се однесува до првото прашање врзано за пченицата. Точно е дека од оваа година пченицата ќе има заштитна цена од 10 денари плус од 50 дени, како што рече пратеникот, ќе бидат за транспортните трошоци.

Кои претпријатија ќе бидат овластени, мислам дека такви претпријатија нема, но новина е во тоа што сега сме во преговори со мелничарските друштва кои оваа година ќе вршат откуп на пченица и колку ќе вршат откуп толку ќе добијат дозвола односно право за увоз на пченица, што значи пченицата од увоз ќе биде поевтина од таа што се купува на домашниот пазар.

Тоа би бил одговорот на првото прашање, што се однесува до пченицата.

Врзано за ова прашање за премијата ние веќе ги нарекуваме субвенции, но ќе кажам дека премија за пченицата нема да има во оваа година. Зошто е така ќе кажам дека од овој Парламент, овие пратеници имаат донесено Закон за буџет за сите министерства, па и за Министерството за земјоделие.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали господинот Србиновски е задоволен од одговорот на првото прашање.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Почитуван претседателе, не сум задоволен од овој одговор, затоа штоне се кажува конкретно кои фирми ќе ги откупат овие количини на пченица, колку количини ќе се откупат за стокови резерви за да се платат овие 10,5 денари затоа што веќе во Битола - Пелагонија никој не знае што ќе се случи и кој ќе откупува. Жетвата е на прагот, но никој не знае каде да ја носи таа пченица. Ова што го кажува заменикот министер, јас очекував да биде министерот за земјоделие, но дознав дека бил во Калифорнија, а овде има колеж на свињи, колеж на говеда, жетвата почнува, а министерот не е тука. Заменикот се потруди да одговори, но ова не е одговор затоа што навистина индивидуалните земјоделци не знаат каде да ја носат пченицата и по која цена. Се кажува за 10,5 денари, но млиновите кажуваат дека ќе биде 8 денари. Не сум задоволен од одговорот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Јашари рече 10 денари, а не 8. Дајте дополнителен одговор.

БЕСИР ЈАШАРИ:

Во овој момент државниот секретар е на состанок токму врзан за мелничарските друштва, па тогаш да оставиме согласно тие податоци што ќе ги имаме на пратеникот Србиновски да му одговориме дополнително во писмена форма.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На дополнителното прашање ќе добиете дополнителен писмен одговор за пченицата.

Второто прашање е за градот во Бистрица.

БЕСИР ЈАШАРИ:

Јас кажав некои работи кои се однесуваат на штетите во земјоделието, не кажав дека и во Битола имавме, но накратко ќе повторам дека во нашето Министерство има Комисија која врши проценки на штетите на терен и тоа за градот, сушата, поплавите, тоа е завршено, а во Собранието има експертска група која е овластена од страна на локалната самоуправа и која со записник праќа извештај до Комисијата на Владата за проценка на штетите..

Зошто се доцни, веројатно затоа што Комисијата заседава кога ќе има доволен број на предмети. Тоа би бил одговор на второто прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Србиновски, дали сте задоволен?

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Делумно сум задоволен, но сепак овие земјоделци кажав дека живеат од овие овоштарски насади иако е екот на берба на праската, но нема што да соберат. Земјоделците треба да земат некој денар, но ова оди многу бавно и мислам дека треба што побрзо да се реши овој проблем затоа што е навистина сериозен.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Тоа е Комисијата да заседава што побргу.

Третото прашање во врска со Комбинатот во Крушево.

БЕСИР ЈАШАРИ:

Во врска со прашањето на АД “Нико Доага” Тутунскиот комбинат во Крушево кој спаѓа во втората категорија на комбинати кои имале отпочнато откуп на тутунот, но немале исплатено. Ќе кажам дека АД “Нико Доага”, но не ме фаќајте за збор, мислам дека има добиено 7 милиони денари од средства од продадена реколта од 1998 година така што  имаат добиено средства, знаеме и тоа дека таму има жители од мешани националности македонци, албанци, меѓутоа, точно е дека овој комбинат како и голем број други комбинати немале свои средства за да почнат со исплата на тутунот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Србиновски дали сте задоволен од одговорот?

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Ова прашање беше поставено точно од Здружението на тутунопроизводителите “Братство”, јас реков дека тоа е сериозно прашање, беше поставено до Министерството за земјоделие зошто се поделени фирмите за едни мајка за едни маќеа, но делумно е одговорено, па ако може малку и во писмена форма да се одговори за да можеме да го доставиме до Здружението со добри факти.

БЕСИР ЈАШАРИ:

Јас мислам дека освен овие податоци нема што да дадеме во писмена форма, тоа е така дека имаат добиено дел од средствата, така што на Здружението на тутунарите и на другите луѓе истото би гокажале и во писмена форма.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Г-дине Србиновски да го земете стенограмот од одговорот и тоа е писмениот одговор од Владата, доставете го ако Ви е потребно.

Има збор г-динот Ѓорѓи Спасов.

ЃОРЃИ СПАСОВ:

Моето прашање е до министерот за внатрешни работи г-динот Хари Костов.

Господине Костов, последната седница на Комисијата за надворешна политика, министерот за надворешни работи г-ѓата Илинка Митрева ја информираше Комисијата дека Македонија не е досега изземена од листата на земји на чии што граѓани им е потребна шенген виза заради основни три причини:

Првата причина е таа што граѓаните на РМне поседуваат патна исправа односно пасош што е заштитен според Европските норми и заради што е потребно да граѓаните добијат нови патни исправи како еден ос условите што треба да ги исполниме за да бидеме симнати од листата на земји на чии што граѓани им е потребен шенген режим;

Втората причина била тоа што Македонија ги нема потпишано досега договорите за реадмисија со сите членки на ЕУ, и, колку мене ми е познато дури и со асоцираните членки на ЕУ, што е вториот услов на ЕУ, за Медонија да биде изземена од листата на земјите нсачии што гаѓани им е потребна шенген виза.

Третиот услов што Македонија треба да го исполни е да имаме таков вид на гранична контрола каква што бара ЕУ, која што пред се ќе биде гаранција за спречување на нелегалноминување на териториите на земјите на ЕУ и,

второ, таква оспособеност на нашите гранични премини што ќе обезбедат визи да се издаваат на граѓани на граничните премини на граѓани од сите оние земји каде немаме конзуларно дипломатски преставништва.

Исто така, беше спомнато дека сите овие три обврски се во надлежност на МВР. Моето прашање гласи:

- кога господине министре, МВР ќе ги исполни овие обврски кон ЕУ, дали на тој план се работи, дали има утврдено некој рок од страна на Владата, со оглед на тоа што политичките партии меѓу кои беше и нашата СДСМ, во својата изборна програма рече дека една од нашите приоритетни задачи, едно од нашите големи ветувања ќе биде либерализација на шенгенскиот визен режим за граѓаните од Македонија во рамките на мандатот, доколку го добиеме од граѓаните.

Со оглед на тоа што го добивме тој мандат, ве молам да одговорите кога овие три услови се очекува да бидат исполнети, врз основа на што со право ќе побараме од земјите на ЕУ Македонија да биде симната од листата на земјите на чии што граѓани им се потребни шенген визи.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Само едно прашање поставувате?

Само едно.

Господине Костов повелете.

ХАРИ КОСТОВ:

Околу либерализацијата на визниот режим итн., не се само овие три услови. Може и г-ѓата Митрева во определен период да допрецизира и со други елементи што се потребни. Меѓутоа, јас ќе се задржам на она што беа прашања поставени од пратеникот Ѓорѓи Спасов.

Прво, може би најлесно од сите овие три прашања што ги спомнав е изработка на пасоши со соодветна заштита. Сега, повторно ќе имаме некој да се лути или да не се лути, иако и во претходниот одговор на пратеничко прашање не спомнав никакво име, а тоа што некој си се препознавај па по имиња ги кажува на говорница, е нивна работа.

Меѓутоа, факт е дека повторно во МВР, во текот на 2001 година повторно постоеше еден т.н. тендере за набавка на опрема за изработка на пасоши и друга

лична документација. Учествува повеќе фирми. Впрочем и повеќето пратеници што ги следат повеќе весниците, можеа и по весниците да видат разни препукувања на различни компании што имаа жалби, поплаки, па по цели страни платени огласи околу начинот на изборот заклучување на договорот итн.

Повторно нема да спомнувам фирма, ниту име. Меѓутоа, факт е дека повторно незаконски е склучен договор со една реновирана странска фирма во износ од околу 36 милиони долари.

Зошто незаконски? Затоа што пари во буџетот за таа намена не се обезбедени ниту во 2001 ниту во 2002 ниту во 2003 година. Во постапката на склучување на таков договор исто и по тогашната регулатива и по сегашната регулатива била неопходна согласност и учество во Комисијата за избор на добавувачот, и во одобрувањето на самиот склучен договор на крај морало да има потпис од Министерството за финансии, од учесникот во Комисијата и таквиот договор да биде одобренн од Министерството за финансии.

Ниту е одобрен договорот, впрочем и Државниот ревизор кој ја заврши контролата во Министерството за финансии, истото тоа го констатира дека тој договор е комплетно незаконски направен. Меѓутоа, фактичката состојба сега е дека дури по тој договор има извршено определени плаќања, мислам околуј 3 милиони долари за кои што сеуште во МВР нема дојдено никаква опрема. Според тоа, ние сме сега во постапка на обид на преговарање со испорачателот кој е добиен да се испреговара договорот, да се намали на реалната цена на тој договор а не на 36 милиони долари, затоа што и тие 36 милиони долари во самиот договор не постои никаква спецификација, односно во значаен дел не постои спецификација каква се опрема треба да се донесе.

Имавме околу 3-4 состаноци со таа реномирана странска фирма. Во тек се експертски комисии од страна на МВР и испорачателот што треба сега дури да утврдуваме спецификација и потоа врз основа на таа спецификација да дојдеме до износот на средствата што е потребен.

Единствено во овој период околу изработката на пасошите што би имале таква заштита каква што е ноепходна, можам само да кажам дека може да се очекува некаде до септември - октомври да завршиме во делот на она што се однесува околу договорот за опремата што би требала да се испорача. Уште еднаш да повторам, нема обезбедено средства во Буџетот, немало ниту во 2001 ниту во 2002, ниту во 2003 година. Туку, само во договорот стои дека цената ќе биде платена од извозот на тутун. Меѓутоа, ниту купопродажни договори за извоз на

тутунот ниту приходи, ниту ништо. Според тоа, очекувам дека до крајот на септември, најверојатно ќе успееме да завршиме по испорачателот, околу прецизирањето, договарањето на опремата и спроведувањето на законска постапка. тоа значи дека дури потоа преку Министерството за финансии, па и преку Собраниево, ќе треба да се одобрат дополнителни средства за таа опрема, затоа што не е влезен во Буџетот, а Буџетот е работа што Собранието ја донесува.

Вториот дел околу договорите за реадмисија. Во моментот се потпишани и ефективни, стапени во сила 9 договори. Во постапка на завршување, склучување и потпишување се уште 7 договори. Уште дополнителни 7 се оние меѓу кои и дел од земјите членки на ЕУ, се оние кои дури од сега натаму ќе треба да се преземаат активности за  усогласување, да се отвори постапка за нивно усогласување и потпишување.

Третиот дел, иако реков дека има повеќе елементи, не се само овие три околу либерализација на визниот режим, се однесува на граничната контрола.

И од претходната Влада е зепочната иницијативната постапка пред Министерството, усвоени се основите на таа стратегија, Владата пред два месеци усвои концепција за интегрирано гранично управување. Во секое од министерствата се определени посебни работни групи што имаат за работа да утврдат кои се тие прашања што во рамките на интегрираното гранично управување во нивниот ресор ќе предизвика потреба. Исто така е формирано национално тело, Координативно тело на ниво на Владата под раководство на еден од генералите во МВР.

Некаде на есен, впрочем за тој ден имаме и техничка помош од ЕУ, нивни експерти кои заедно со оваа екипа работат во МВР и некаде на есен целокупниот елаборат ќе биде предаден пред Владата. Тоа што е предвидено, е фактички динамично преземање на граничното управување од страна на Армијата на РМ во МВР. Значи, а крајниот рок, затоа Што мислиме постепено по различни граници тоа да се прави, со тоа што крајниот рок за тоа е 2005 година.

Толку околу овие прашања.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали и госпоѓа Митрева ќе се вклучи во одговорот.

ИЛИНКА МИТРЕВА:

Има дел од одговорот на претходно поставеното прашање, ианку и јас како и г-динот Костов сметам дека условите за кои што тој зборуваше се дел од обврските што треба да ги исполниме во рамките на овој процес.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Спасов, дали сте задоволен од одговорот.

ЃОРЃИ СПАСОВ:

Несомнено дека  овие три услови се можеби дел од оние услови што треба да ги исполниме за да бидеме симнати од листата на земји на чии што граѓани им е потребен режим на Шенген визи.

Моето прашање беше, ако е можно да добијам попрецизен одговор ако не толку веројатно може, јас прашав кога, дали МВР дали Владата имаат зацртано некој термин што би значел до крајот на оваа година или до крајот на 2004 година или до крајот на 2005 година дека може да ни кажат дека граѓаните на Македонија ќе имаат пасоши чија што заштита ќе биде на ниво, на пример, на граѓаните од Р.Бугарија? Тоа што во септември ќе започне процедурата, значи не се знае кога ќе заврши. Дали Министерството за внатрешни работи, дали Влаата имаат пред себе си поставено некој рок што ќе може да биде соопштен, на пример на ЕУ, дека тој услов или барем тој сулов од наша страна е исполнет.

Второ, дали може да се очекува некој рок во кој што ќе кажеме дека ќе ги исполниме нашите обврски во врска со потпишувањето на договорите за адмисија и дали е можно, како што тоа го има направено Словенија, со некои земји, зо кои што не може во определен рок да се потпише договор за реадмисија, да се постави во сила договорот што СФРЈ ги има потпишано со тие земји и да се смета дека договорите се потпишани. Таква можност постои, ја искористија Хрватска и Словенија досега делумно.

Третото прашање, со граничните премини исто така, дали постои некаков рок што го има зададено пред себе МВР или Владата во врска со тоа кога тој услов од оние што треба да ги исполниме можеме да кажеме дека е реален дека ќе биде исполнет?

Доколку останеме на одговорите во насока се работи во таа насока, а ќе видиме кога ќе биде завршено, тогаш многу тешко ќе може да се врши вистинска политичка контрола на степенот на извршените обврски што ги имам преземено Владата и партиите од Владината коалиција и нивните изборни ветувања кога ќе ги исполнат.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Костов ќе одговорите на дополнителното прашање.

ХАРИ КОСТОВ:

Прецизен рок во секој случај нема да биде 2005 година, околу тоа дали пасошите тогаш ќе бидат направени. Во секој случај ќе биде порано. Меѓутоа, ако ова Собрание и преку Министерството за финансии може да каже дека денеска може да изброиме 36 милиони долари, што може да ги платиме, тогаш може веднаш да кажеме во кој прецизен рок технички да бидеме способни тоа да го направиме. Меѓутоа, 36 милиони долари мислам дека оваа држава не може во моментов да ги најде на лице место. Според тоа, мора да се прави пред се прецизирање на техничкиот карактер на опремата, откако тоа ќе се утврди ќе се определи правата цена, ќе се најдат извори за финансирање. Од тој момент можеме да зборуваме во кој период технички опремата ќе биде доставена и во кој период технички пасошите можат да бидат направени така како што треба. Според тоа не можам да кажам дека тоа ќе биде 1 април 2004 година. Меѓутоа, да не кажам секојдневно, околу таа работа во МВР се работи и било кој сака да се вклучи, кој мисли дека може да помогне е добредојден, може да се вклучи.

Другото, околу договорите за реадмисија, постапки околу тоа течат. Еден од приоритетите е на МВР, меѓутоа за Словенија и тоа искуство прв пат сега слушам. Можеме да провериме иако дури и по Уставот на РМ од 1991 година и Уставнот закон за спроведување на Уствот, фактички прописите што важеа во РМ, за кои не е донесен нов, меѓународни договори што во тој период СФРЈ ги има склучено, со самиот Устав беа преземени како дел што важат на РМ. Според тоа, околу тоа прашање, единствено е само дека ќе провериме, ако постои таква можност, искуство, да видиме околу тоа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Нареден за поставување прашање е господинот Илија Китановски. Ако целата процедура помине 15 минути после одиме на пауза.

Има збор г-динот Китановкси.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Имам едно прашање до Министерството за економија заради тоа што ресорно го опфаќа ЕСМ. Моето прашање се однесува токму на последните актуелни случувања, односно отпуштање на преку илјада вработнеи во ЕСМ, со посебне осврт на отпуштањата во ТЕ”Осломеј” во Кичево.

Во РЕК “Осломеј” се отпуштаат 212 вработени кои заедно со 14 во Електродистрибуција - Кичево, прават бројка од 226 вработени што е, за еден релативно мал град како што е Кичево, па и целиот регион една огромна бројка што ќе се одрази како директно така и индиректно врз економското живеење на градот и целиот регион.

РЕК “Осломеј” е практично рбетот на кичевското стопанство и целиот кичевски регион. Преку 85% од вкупното индустриско производство годишно отпаѓа на овој Комбинат. Нормално дека значењето и економското значење, луѓето кои живеат во Кичево и Кичевско, најголем дел го врзуваат со работата на овој комбинат.

Не, навлегувајќи детално во критериумите за бодирање односно дали баш тие луѓе кои се на списоците за отпуштање по тие критериуми би требале да бидат на списокот, она што сакам да го ставам како поента е дека овие отпуштања, според сите согледувања што досега ги имаме, се непотребни од повеќе причини.

Претходно, околу начинот на кој што е вршена таа селекција, критериумите за бодирање, навистина дозволуваат една голема флексибилност во најмала рака или да речам субјективизам или волонтаризам, затоа што два од нив се толку субјективниј што зависат директно од оценката на раководителите, непосредните раководители и директори на фирми. така што буквално во оваа или во некои идни претпоставени ситуации, бодовите што се добиваат или не се добиваат по овие два критериуми, практично одлучуваат кој од тие работници ќе се најде на таа црна листа.

Она Што сакам да го потенцирам  е дека навистина отпуштањата од РЕК “Осломеј” се непотребни од повеќе причини. Првата и најважна е таа што во исто време се примени преку 100 работници со договор за дело, преку надворешни фирми што се плаќаат на фирмите по одредена сума на час по работник. Тоа значи дека на овој или оној начин се врши одлив на средства од ЕСМ по основ на ангажиран труд, само што се менуваат субјектите односно лицата кои се ангажирани и кои го примаат тој надомест а извршуваат исти или слични задачи.

Втората причина е што најголем дел од отпуштените работници се непосредни производители , а не административни работници, бидејќи се работи за производствен погон, заедно со РЕК “Битола” еден од двата најголеми електроенергетски капацитети во Република Македонија.

Терминот јавна администрација за 90% од овие луѓе, навистина, е несоодветен. Тие се непосредни производители ид ел високостручни образовани кадри кои што се неопходни во процесот на работа и секогаш можат да бидат

работно ангажирани, без разлика дали во одреден момент електраната е во погон или е во ремонт.

Третата причина е таа што преку 150 лица од овие работници неколку години наназат работеле во РЕК Осломеј, исто така, преку договори за дело или преку надворешни фирми, така што најголемиот дел од нив се обучени за работата која што ја вршеле и нивнито формален прием со решение за работен однос на неопределено време е извршен во последните 2 години. Тоа е нивната, веројатно, несреќа, за да се најдат на овојсписок. Значи и за нив и претходно Електростопанство и РЕК Осломеј на овој илионој начин одвоило средства за нивните лични доходи.

Четвртата причина е социјалната компонента, затоа што најголем дел од отпуштените работници се единствени хранители на своите семејства. Тоа значи дека преку 200 семејства во Кичевско ќе останат без единствениот семеен приход и на овој или на оној начин ќе бидат на товар на државата и на општеството. Тоа е една потенцијална голема и социјална економска бомба за градот, бидјеки освен дирекниот негативен ефект на семејствата , на нивнито семеен буџет, има и мултиплициран негативен индиректен ефект врз целокупното Кичевско стопанство, посебно врз малото стопанство.

За ова Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесе барање за свикување на итна седница. Меѓутоа, јас моето прашање ќе го формулирам директно и се однесвуа на тоа колку луѓе се вработени со договор за дело и преку надворешни фирми ангажирани преку тендер или со директна спогодба во РЕК Осломеј во последните 6 месеци. Барам, а веројатно и писмен одговор ќе му треба на минситерот. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ако сакате можеме да ве почекаме. Современите комуникации овозможуваат одговорите брзо да се добиваат од службите.

Господинот Филиповски.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Добро, јас на првото прашање што беше поставенов ов рска со Електростопанство, дадов одговор дека од 950 вработени кои беа во минатата година вработени, сигурно би требало да се води сметка ако немаме зголемвуање на производство, ако немаме подобра наплата, ако немаме нови инвестиции, зошто тие луѓе биле вработени. Значи, поврзувајки се на тој глобален одговор за

Електростопанство, јас исто така се надоврзувам на Осломеј. Значи раководството на Електростопанство дошло до сознание и потреба дека треба да се намали бројотна вработувањата со намера да се зголеми ефикасноста на работењето на Осломеј.

Кога зборуваме за социјална компонента , јас би го замолил пратеникот Китановски исто да немаме двојни аршини. Во времето на неговото директување во ПУИК, наместо социјални станови , градени се станови од по 100 квадрати. Наместо да е градат проектите кои биле предвидени со ЦЕП Програмата и потрошени се 8 милиони евра , од тоа ништо не е направено, Како можело во една година 400 нови вработени во ПУИК да вработи односно двојно пвоеќе од она што било вработено пред тоа. Значи, кога веќе зборуваме, ние мораме да имаме пред себе еден критериум, што е тоа што го бараме. Значи, ако јас нешто правам, треба да знам што е тоа што прашувам.

Ќе се вратам сега повторно на Електростопанство. Значи, во Електростопанство утврдено е дека има премногу голем број на вработени и од тие причини, заради потребите за развој на Електростопанство, заради потребите на инвестиции во Електростопанство, потребно е да дојде до ирационализација на трошоците, потребно е да дојде до намалување на трошоците по сите основи.

Што се однесува до вработувања по основ на договор тврдам дека ниту еден договор за дело не постои во Осломеј.

Второ, намалувањето на вработените кои се по основ на договори со фирми во однос на претходниот период, намалени се за 60%. Значи, нужно е , бидејки Електростопанство не е во состојба да ги одржува работите само со сопствени работници, значи има и соодветни, би рекол така коопeранти, значи во тој дел намалено е ангажирањето за 60% во однос на претходниот период. Значи, се работи по сите основи како да се намалат трошоците во работењето на Електростопанство.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господине Китановски?

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Јас, навистина, не би сакал да го коментирам првиот дел од одговорот на министерот што беше одговор на непоставено прашање. Би го замолил кога ќе дојде време да дискутираме за таа тема, тогаш ќе разговараме. Инаку, еве ампасан не се

400 вработувања, туку 141 вработување во ПУИК и таа е таа бројка, се друго е само дополнително или можеби во изминатиот период се вршени тие вработувања ког ајас не сум бил во таа фирма. Меѓутоа , тоа навистина отскокнува од прашањето и јас би ве замолил господине претседателе, членовите на Владата, сепак , да не ја користат приликата сега наместо одговор, ние да добиваме прашања и  сега јас да одговарам на прашањето наместо министерот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Китановски ја прифаќам вашата забелешка, навистина. На непоставени прашања овде не сме во ситуација  министрите д апоставуваат прашања ќе ги замолам и министрите да е воздржат од непоставени прашања.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Инаку, од одговорот не можев да бидам задоволен, а и објективно министерот не може да одговори. Јас тоа го кажав, за да го олеснам неговито одговор, затоа што знам дека во овој момент не може да има таков податок и не е добро одговорно да тврди дека ниедно вработување нема по договор за дело или дека преку надворешни фирми е намален бројот на лица кои што се ангажирани. Битно е дека сеуште преку надворешни фирми во РЕК Осломеј има преку 100 работници вработени, кои се ангажирани преку целата година, а во исто време 212 регуларно вработени, од кои нејголемиот дел се во непосредниот процес на производство, најголемиот дел се во рудникот на траките, се отпуштаат од работа.

Инсистирам на писмен одговор. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе добиете писмен одговор, само доколку минситерот сака да даде таков. Влеговме во усмен одговор и тоа е соодветно со Деловникот.

Господин Филиповкси на дополнителното прашање дали ќе дадете одговор?

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Одговорите што ги дадов стојам зад нив. Значи, нема ниту еден договор по основ на Договор за дело и дека бројто на ангажираните работници преку други фирми, кои се ангажираат во РЕК Осломеј се намалени за 60%. Мислам дека нема потреба од давање на писмен одговор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам за одговорот.

Господин Китановски, Ви советувам да го земете стенограмот од одговорот и тоа е форма на писмен одговор официјален од страна на Владата.

Веќе се две минути до 14,00 часот и објавувам пауза до 15,00 часот и после продолжуваме со работа . Почнавме во 10,35 часот, а можеме половина час ако Ви значи да продолжиме.

(По паузата)

Да продолжиме со работа.

Пратенички прашања ќе постави господинот Коста Прешовски.

КОСТА ПРЕШОВСКИ:

Вчера го добив барањето од Здружението на тутунопроизводителите Братство од Крушево, што го елабурира пратеникот Илија Србиновски . Но, јас имам свое видување на проблемто и затоа до Минситерството за земјоделство, шумарство и водостопанство го поставувам следното прашање. Зошто е отстапено од првичниот предлог за распределба на обезбедените средства од Бирото за стокови резерви за откуп на дел од тутунот од реколтата 2002 година по тутунски претпријатиа, по кој предлог АД Нико Доага требаше да добие околу 35 милиони денари. Тој предлог го добив заедно со писмото од Здружението на тутунопроизводители. Дали е точно дек анекои претпријатија добија и по 60 до 70% од вкупно потребните средства за исплата на откупениот тутун, а други меѓу кои и АД Нико Доага од Крушево само 10%. А, сите 10 претпријатија по предлогот требаШе да добијат по 50,84% од вкупно потребните средства за исплата на откупениот тутун. Како и дали има можност да се исправи неправилната распределба, добиени се 7 милиони, наместо 35 милиони, бидејки реакциите и незадоволството на тутунопроизводителите што го предале тутунот во АД Нико Доага во Крушево, поради недоисплатениот тутун од околу 60% е многу голема. Ако е во можност заменикот да ми даде усмен одговор во ред, а ако не би се согласил и со писмен одговор на прашањето.

Второто прашање е до Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија на седницата одржана на 7.о4.2003 година ја разгледа Информацијата за одбележување на јубилејот 100 годишнина на македонската државност, ја усвои и покрај другото заклучи:

Јавното претпријатие Електростопанство на Македонија и други соодветни јавни претпријатија да превземат итни активности, за да се спроведат вода и струја до месноста Мечкин камен во Крушево. Недостатокот на овие инфраструктурни елементи на Мечкин камен го отежнуваат одвивањето на горенаведените манифестации. Поради големото разбирање од страна на раководниот тим на јавното претприајтие Електростопанство на Македонија е во тек со реализација на својот дел од обврската, т.е. отпочнат се активности за спроведување на струјата. Но, од друга страна нема никакви активности за спроведвување на вода на тој локалитет. Потребата од вода не е само за одвивање на манифестациите околу прославата на Илинден туку и преку целиот летен период ког алокалитетот Мечкин камен е омилено место за излет не само за Крушевчани. Овој проблем може да се реши со каптирање на постојниот извор Шадрване со постојан капацитет на вода одалечен 270 метри од Мечкин камен со висинска разлика од 71 метар. Според мислењето на консултирани стручни лица и изготвена проектна програма со техничко изведбено решение на овој локалитет, може да се отворат две до четири чешми.

Врз основа на изготвениот предмет на работи, целиот зафат би чинел околу 10 илјади евра.

Прашањето гласи, дали по повод одбележувањето на јубилејот 100 годишнина на македонската државност и донесените заклучоци Владата има определено кое јавно претпријатие во Република Македнија има преземено активнст за спроведување вода на месноста Мечкин камен во Крушево. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На првото прашање ќе одговори господинот Јашари, заменик министер за земјоделство.

ЈАШАРИ БЕСИР:

Повторно , АД Нико Доага дека се бараат попрецизни цифри, јас ќе кажам дека ќе дадеме писмен одговор и таму ќе стои прецизно, но претходно воедно сакам да кажам дека што се однесува до средствата, целата вина на некој начин паѓа на Министерството. Евидентно е тоа дека тутунските комбинати имаат склучено договор со тутунопроизводителите, со тоа воедно и се обврзани , за да ги платат тие средства. Така, во иднина ќе треба сериозно да размислуваат што се однесвуа до

кредитите и до кредитните линии, зато ашто ќе им биде по прв пат одземена лиценцата за работа коај што се издава од страна на Министерството.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, ќе доставите и писмен одговор на ова.

Господине Прешовски?

КОСТА ПРЕШОВСКИ:

Во ред.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Второто прашање, господинот Гештаковски или Благоја Стефановски.

БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ:

Значи, сите споменици на културата каде се вршат поправки и некакви нови локации кои што сакаме да ги доведеме во фаза за уметнички програми, ги надгледува Министерството за култура. Покрај тоа, во тесна врска и со Електростопанство, исто така сме во тек се прават сите фази за да дојде до едно поубаво осветлување, а во самата поправка на Македониумот е и фазата на осветлување. Значи, таа исто е финансирана од Министерството за култура.

Во делот на патиштата исто сме во соработка со Министерството за транспорт. Тука е и министерот и знае и таму таа состојба ја следиме, едноставно, на Градот остана, бидејки знаете водоводот е во ингиренција на Локалната самоуправа. Значи, тој дел ако и таму треба да се вклучиме, тогаш треба да кажат дека такви средства нема. Добро е што се постави прашањето и сакав уште еднаш тука јавно да изнесам дека се што е вов рска ос  прославите, од секоја Локална самоуправа, од секоја  месна заедница се јавуваат и бараат средства од Министерството за култура. Ние такви средства немаме. Средствата се ограничени, меѓутоа и тие ги ставаме во употреба на стручни лица, значи во заштитата на споменици на културата. Таквите елаборати ги прифаќаме и ги ставаме во употреба. Отука, да не настане некоај забуна, прво, Локалната самоуправа треба да си ги најде сите ингиренции доколку треба и поинаква една состојба , тогаш ќе го анализираме и ќе видиме каде можеме и таму да помогнеме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Се извинувам, да не настана недоразбирање во прашањето и во одговорот. Господинот Прешовски цитираше записник од Владата со заклучок, Владата за тие два зафати да одвои сопствени средства и праша до каде е , колку што разбрав, процедурата за доведување на струја и вода на месноста Мечкин камен, што Владата се обврзала на своја седница дека ќе ги направи вон од тоа што го прави Локалната самоуправа.

БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ:

За тоа не е надлежно Министерството за култура. Значи, е некое друго, бидејки немаме стручн икадри да донесеме вода .

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓица Шекеринска заменик премиер.

РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:

Бидејќи се работи за ингеренции точно кои што не се во Министерството за култура, иако тоа функционираше како институција која ги координираше активностите околу прослава на 100 години Илинден, ако сите добро го разбравме прашањето, се работеше за тоа кое јавно претпријатие е задожено за обезбедување на водоснабдување на локалитетот. Би сакала ако може уште во текот на денешниот ден на пратеникот и поконкретен одговор ќе му дадеме меѓутоа, и писмено. Заради роковите јас би сакала ако може да имаме и консултации па да го информираме пратеникот во текот на денешниот ден.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Тогаш заради прецизност ќе ви се даде или писмен одговор или ако го добијат додека тече седницата од стручните служби ќе ви одговорат.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Имав три прашања.

Првото прашање кое што требаше да биде фактички упатено до Владата, односно до министерот господин Хари Костов нема да го поставам.

Второто прашање е упатено до господинот Илија Филиповски, а се однесува на Електростопанството на Македонија, конкретно прогласувањето на дел од

вработените за технолошки вишок како и за критериумите кои беа основа за подготвување на наводната програма за реформи во Електростопанството на Македонија, со акцент за прогласување на дел од вработените за технолошки вишок во подружниците на ХЕЦ “Тиквеш” Кавадарци, дистрибуција Кавадарци, дистрибуција Неготино и Термоелектраната Неготино. Познато е дека веднаш после промените нели на власта, а со тоа и со доаѓањето на господинот Панде Лазаров за генерален директор на Електростопанство на Македонија најави наводни реформи или таканаречена операција метла за сите оние кои беа вработени во Електростопанство на Македонија и неговите подружници во периодот од 1999 до 2002 година. Истиот на самиот почеток, без притоа да има целосен увид во целокупната состојба на Електростопанство на Македонија веднаш прогласи дека има вишок на работници на работна рака и најави дека ќе биде изготвена програма со соодветни критериуми со кој ќе се врши фактички рангирање и прогласување на дел од вработените за технолошки вишок. Критериумите барем според наши сознанија се едноставно сосем јасни, односно стручни квалификации и стаж на вработување и тоа сите кои се вработени во периодот од 1999 до 2002 година, добиваат најмал број на бодови, поради нивниот грев дека се вработени во периодот на владеењето на ВМРО-ДПМНЕ. Сметам дека раководството на Електростопанство на Македонија со поддршка на сигурно на Синдикатот на ЕСМ кој е под страшно силна пресија на директорот и на раководството на Електростопанство на Македонија, изградија таква програма која што е надвор како од колективниот договор, така и спротивна на Законот за работни односи на другите позитивни законски прописи.

Имено, тие беа должни со програмата да понудат и изнајдат решенија за вработените по пат на прераспоредување ако тоа не е возможно требаше да ги пратат на преквалификација или доквалификација, ако тоа исто така не е возможно да понудат вработување во други претпријатија и дури после тоа кога ќе исцрпат сите можности, можеше и требаше нели да ги прогласат за технолошки вишок. Меѓутоа, тоа во случајот не е направено.

Дискутабилни се и критериумите кои се вметнати во програмата за технолошкиот вишок. Имено зашто како критериум не се земени критериумите како што е на пример работен стаж, т.е. работниците кои се пред две, три или пет години пред пензионирање, да бидат прогласени за технолошки вишок, туку обратно се прогласуваат за технолошки вишок млади и стручни кадри кои се докажани со својата работа. Јас ќе верувам во искреноста на заложбите на господинот Панде

Лазаров, за реформите во Електростопанството на Македонија доколку самиот даде сопствен пример и самиот се прогласи за технолошки вишок, зошто јас сум убеден дека денес имаме толку способни инжинери кои веројатно имаат многу повеќе капацитет и знаење дури од предшколска возраст, а кои знаат, за кои знам и такви примери дури говорат по три до четири јазици да не зборувам за нивните познавања како од компјутерска техника, така и од другите технички капацитети. Таков е случајот и со избрканите т.е. прогласените работници за технолошки вишок во Кавадарци и Неготино, вработени за кои сум убеден бидејќи лично ги познавам дека се апсолутно стручни, а за нивниот ангажман и за нивната работна способност можете да ги прашате и денешните ваши поставени директори. Знам со сигурност дека во овие подружници има вработено и тоа во голем број кои се пред пензионирање и можат мирно и без потреси да си заминат во заслужена пензија. Затоа прашањето до министерот гласи: Дали може, т.е. дали имаат намера да извршат ревизија на поставените критериуми во програмата за прогласување на вработените за технолошки вишок, затоа што со таквата нова методологија во многу ќе се подобри состојбата и во Електростопанство на Македонија и ќе се релаксираат состојбите со младите кои се бркаат, не ризикувајќи притоа од ескалирање на некакви социјални бранови.

Второто прашање се однесува до министерот за финансии. На 19 јуни 2003 година во Царинската управа на Република Македонија е поделена парична награда во висина од 15.000 денари по вработен. Овој податок е особено интересен, се надевам дека ќе ги заинтересира и граѓаните заради тоа што се работи за една значителна сума на пари. Како што е познато во Царината се вработени околу 900 лица. Така што вкупната сума се движи некаде од околу 300 илјади евра, а исто така има и најави дека за трите месеци ќе бидат дадени како награда по 35.000 денари. Сето ова е особено актуелно поради тврдењето на Владата на Република Македонија дека нема пари во Буџетот, а исто така во меѓувреме се отпуштаат и прогласуваат за технолошки вишок голем број на вработени во државната администрација. Во исто време им обрнувам внимание и на медиумите за прашањата кои ќе ги поставам сега до Владата и до штедливиот наш министер за финансии.

Прво прашање, дали е предвидена ставка во Буџетот од оваа година за таа намена?

Второ, од кои правни прописи го црпи ова свое овластување директорот на Царинската управа господинот Љубомир Михајловски и дали е тоа законито?

Трето, кои се критериумите што треба да ги исполнат вработените за да бидат наградени и во кои акти се содржани критериумите, условите и висината за награда.

Четврто, дали е вистина дека за три месеци ќе бидат доделени награди во висина од 35.000 денари од сиромашниот буџет на Република Македонија.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКи:

Во врска со сугестијата да се изврши доквалификација, преквалификација на вработените, тоа би значело дека доколку има резерви внатре во претпријатието од едно место да се префрли на друго место, тоа би требало да се прави. Но, со оглед дека е констатирано дека има вишок на вработени во Електростопанство од 1100 и врз основа на критериумите кои Електростопанство ги има донесено како раководство, како менаџмент и Управниот одбор ги има потврдено, значи врз основа на сите тие акти кои се донесени се постапува во Електростопанство и мислам дека нема основ за вршење на ревизија на постојните критериуми. Сакам уште еднаш да апелирам, дали ние сме на патот на тоа дека треба да се прават реформи во јавната администрација и во јавните претпријатија таму каде знаеме дека имаме навистина преголем број на превработеност. Ако на тоа се согласиме, тогаш постапките кои се прават ќе бидат прифатливи. Ако со тоа не сме согласни, тогаш значи дека политиката на ова Собрание, на Владата треба да се менува. Значи поединечните случаи секако имаат право да се разгледуваат. Но, зборуваме за реформски зафат што значи намалувањето на бројот на преголемата вработеност во јавните претпријатија, конкретно сега за Електростопанство. Од тие причини Владата не е во состојба да прифати да се врши ревизија на постојните критериуми бидејќи во процедура во Електростопанство во консултации и со синдикатот во Електростопанство овие критериуми се донесени и прифатени врз основа на нив менаџментот сега спроведува рационализација.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Тасев дали сте задоволен од одговорот?

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Не можам да бидам убеден и да бидам задоволен од одговорот на министерот, затоа што како што кажа мора да се прават тие реформи. Ние не сме против реформите кои треба да се прават во Електростопанство на Македонија. Меѓутоа, прашањето на определувањето на критериумите кои ќе бидат основ за така да кажам исфрлањето на дел од вработените како технолошки вишок, мислам дека

не е во ред. Не може да се цени продуктивноста на млади луѓе кои што тек зачекориле во работниот процес, млади по 25,26 години и едноставно вработени кои што за година, или две треба да одат во пензија. Значи прва работа која што требаше да ја направи во Електростопанство на Македонија, или поточно Управниот одбор, па и Синдикатот на Електростопанство на Македонија сметам дека прв и основен критериум требаше да биде токму тој, старосната граница. Едноставно со тоа ќе се извршеше подмладување на Електростопанство.Второ, во делот на она што значи стручност кој е вграден како критериум, мислам дека ќе се запазеше затоа што голем дел од тие што сега се прогласуваат за технолошки вишок се и те како стручни кадри.

Втора работа, мислам дека има еден извештај од Мајнел Банк и таму е децидно кажано дека нема вишоци во Електростопанство на Македонија. Според тоа останува да констатираме дека ова што се прави од страна на Електростопанство на Македонија или поточно од актуелната власт дека е политички реваншизам. Неможеме поинаку да сметаме затоа што се бркаат точно кадрите кои се вработени од 1992 до 2002 година независно од квалификациите, независно од стручноста и тн. Јас можам да ве убедам уште еднаш, тоа нека го провери и министерот во Хидроелектраната "Тиквеш" имаше ремонти во кои што толку многу вработените работеа по 18 часа и се докажаа и како стручњаци и како луѓе кои што се посветија на работниот процес. Според тоа да се согласиме дека тие луѓе треба да бидат отпуштени, неможам да се сложам, иако можам да кажам дека во овој момент во Хидроелектраната "Тиквеш" можат барем 15 луѓе кои се пред пензија да можат да си одат.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Морам да потенцирам тоа дека не е точно тоа што пратеникот го кажа дека конзорциумот на Мајнел Банк утврдил дека нема вишок на вработени. Напротив, спротивното е дека има преголем број на вработени. Тоа што претставува проблем и што претставува проблем во поранешната влада тоа е дека не се давани соодветни податоци на Мајнел Банк. И денеска сеуште тоа како проблем ни постои. Затоа се врши ревизија на материјално-финансиското работење на Електростопанство. Значи, што се однесува до бројот на вработените и Мајнел Банк тврди дека се работи за преголема вработеност и дека неможе Електростопанство да издржи со така високи трошоци.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На второто прашање ќе одговори господинот Димко Кокаровски.

ДИМКО КОКАРОВСКИ:

Пратеникот Тасев постави една цела палета подпрашања. Можам да кажам дека Царинската управа како орган во состав на Министерството за финансии во овие месеци од нејзината активност и работа во рамки на ингеренции и компетенции ја остварува својата функција и задачи. Меѓутоа, пред неа се исправени многу проблеми и технички и организациони и кадровски. Секторот за царински систем во Министерството за финансии, Царинската управа и меѓународните консултанти работиме на повеќе проекти од функционирањето на овој орган во состав на Министерството и подобрување на неговата работа. Не изостануваат резултатите, а и во системот на наградување треба да се превземат соодветни активности. Во тек се изработка на проекти, меѓутоа, попрецизно за сето ова можеме на пратеникот за наредната седница да му дадеме писмен одговор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За второто прашање ќе добиете писмен одговор.

ХУСЕИНЏЕВАТ ХУСЕИНИ:

Му се обраќам на министерот за труд и социјална политика со прво прашање. Поранешната влада подготви еден закон со кој во прилог се изедначуваат цивилните инвалиди со воените инвалиди, Законот кој е многу компатибилен со тој на европската заедница. Јас бев во нивно друштво во "Даре Џамбаз", зборував со нив и нивното барање е овој закон да биде во парламентарна постапка, затоа што не се работи за многу луѓе. Тие ми рекоа дека се работи за 80 луѓе колку што останале живи. Тие ги сметаме како едно мерило каде што се мери нашата хуманост. Ова е првото прашање.

Второто прашање е до министерот за внатрешни работи. Ова прашање е доста пати поставено и сум добил разни одговори. Но, јас го обопштувам ова прашање и прашувам, кога ќе земе крај рошомонијадата на граѓаните кои сеуште немаат државјанство во Република Македонија, затоа што оваа појава многу сум сигурен дека и штети на државата во очите на Европската заедница. Заради тоа дека овие лѓе се лишени од нивните права да гласаат и да бидат гласани. Се надевам дека нема да ги депортираме овие луѓе, овие луѓе за нивна татковина ја сметаат Македонија и долго време плаќајќи такси во оваа земја. Се работи за луѓе кои се родени овде, или се дојдени многу поодамна. Значи овој проблем да земе

крај, затоа што се одолговлекува 13 години од независноста на Република Македонија.

Третото прашање е многу конкретно, зошто директоратот на Подрачната единица на Полицијата на Тетово не сака да ги врати парите од Клубот на радио аматерите во Тетово и на лицата кои ги спомнува иако постои полноправна одлука од компетентните судови според која на овие лица треба да им се вратат средствата и одземените предмети. Горе наведените лица на 26 април покренале барање до МВР, но досега не им се вратени парите и одземените предмети и немаат никаков одговор од таму. Одговорот сакам да биде написмено, затоа што мислам дека министерот можеби не е запознаен со овој случај.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Во моментов Република Македонија преку својот буџет сервисира околу 520 цивилни инвалиди и за таа цел во Буџетот се определени 38 милиони денари на годишно ниво. Инвалидите се во пет категории при што месечните примања на инвалид од прва категорија изнесуваат 20.800 денари, значи како лична инвалиднина. Притоа, мора да се има во предвид и фактот дека најголем број од овие луѓе и работат на соодветни работни места кои што се соодветни на нивната физичка попреченост што ја имаат како резултат од тој инвалидитет. Така што тоа се условите во кои што и принадлежностите кои што денес ги добиваат инвалидите. Основното барање на цивилните инвалиди што ни го пренесе и пратеникот е тие да бидат во потполност изедначени со воените инвалиди и статусно и материјално. Се разбира дека принципиелно ова барање е сосема во ред и Владата ќе работи на решавање на ова прашање во таа нассока. Меѓутоа, ограничувачки фактор се секогаш финансиите, затоа што ваквото изендачување би значело зголемување на буџетската позиција за 100% т.е. од 38 милиони на нешто под 80 милиони денари на годишно ниво. Се разбира оној момент кога ќе се создадат условите тогаш државата со задоволство ќе пристапи кон корегирање и на овие принадлежности, иако како што посочи тие и во овој момент имаат навистина една пристојна висина.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволен од одговорот господине Хусеин.

ХУСЕИНЏЕВАД ХУСЕИН:

Да, задоволен сум.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Второто прашање е за г. Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Јас не би можел да се согласам да ја нарекуваме постапката околу регулирање на државјанствата за рашамонијада, меѓутоа, ние и по дел од овие пратенички прашања веќе имавме дури и за денешната седница дел од писмен одговор околу некои постапки и членови.

Во моментот во тек е во Министерството за внатрешни работи и во постапка согласно програмата на Владата е измена на законот за државјанство. Тој имавме намера да го доставиме до Владата, затоа што до 30 јуни ќе има дополнителна тркалезна маса, заедно и со претставници на домашни експерти и меѓународни институции и потоа ќе ја доставиме и до Владата. Значи околу постапката за издавање на државјанство мора да се има предвид и законските услови, кои што важат во овој период. Според тоа не би важеле во целина целокупниот број досега случаи, затоа што беа дадени табели по кој основ, по каков основ во конкретни случаи и бројки е постапено, меѓутоа, она што постои е да кажеме за остатокот определен број на предмети и можам да кажам не мал од околу нешто повеќе од 600, затоа што постапката, процедурата во еден дел не е завршена.

Во рамките на Министерството за внатрешни работи веќе е формирана една група во делот каде што мора тој заостаток од предмети најверојатно до крајот на јули да се обиде од аспект на законските постапки и процедури и услови кои што се потребни да ги заврши. Исто така знаете дека отворивме на некои места и привремени канцеларии во кои што луѓето можат да поднесуваат документи, барања итн, и колку што знам во реонот на Танушевци веќе отприлика за околу 40 луѓе е комплетирано и завршено, меѓутоа, кога имаме квалификации би требало да имаме во предвид и тоа само што е според законот постапката, условите и начинот околу кој е сега зажечкиот закон, околу тоа што може да се регулира. Затоа, за да не сведеме се под услови и тоа што не се исполнува и од сегашните законски услови, туку почитување на условите предвидени во законите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволни од одговорот.

ХУСЕИНЏЕВАД ХУСЕИН:

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали усмено ќе го одговорите или писмено ќе го одговорите.

ХАРИ КОСТОВ:

За овој конкретен случај не сум запознаен, ќе мора да ја провериме што е работата и писмено ќе одговорите на пратеникот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе добиете писмен одговор.

Има збор г. Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, јас имам три прашања и морам уште на самиот почеток да констатирам дека од овие први прашања што ги замислив, ќе мора најверојатно да ги трансформирам некои други, затоа што ниту премиерот е во салата, ниту министерот за финансии а имав лично прашање до нив двајца.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Тука е заменик премиерот и заменик министерот за финансии.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Ќе го поставам првото прашање до Владата, верувам дека и заменик премиерот ќе може да одговори.

Значи на денешната седница на Владата, колку што сум јас информиран, Владата донесе одлука за продолжување на мандатот на воената мисија на Европската унија Конкордија и тоа заклучно со 15.12.2003 година.

Би сакал да прашам кои се причините за една ваква одлука, имајќи ги предвид ставовите на Владата, а и на премиерот лично кој на јавноста и најавуваше дека Мисијата Конкордија ќе заврши во планираниот рок и дека во иднина ваква или слична мисија нема да биде потребна на Република Македонија. И сега како потпрашање во контекст на ова, дали тоа значи дека безбедносната состојба во Република Македонија е толку лоша што оваа Влада не може да ја стави под контрола наспроти најавувањата и оптимизмот во таа насока.

Исто така, чувствува ли оваа Влада одговорност, бидејќи е најповикана, кога станува збор за безбедносната состојба, значи за ваквата политичка безбедносна состојба во Република Македонија, со оглед на објаснувањата кои што имавме прилика да ги слушнеме од премиерот особено, поготово во неговото експозе, дека оваа Влада коалициона составена од СДСМ, ЛДП и ДУИ е Влада која ќе воспостави мир и безбедност на сите граѓани во Република Македонија. Тоа е по однос на првото прашање.

Второто прашање сега ќе морам да го упатам до Владата, иако ми беше планирано до министерот за финансии, бидејќи не очекувам дека заменикот на министерот може да ми одговори во таа насока, прашањето ќе го поставам до Владата.

Значи, Владата на почетокот на оваа година, особено кога се усвојуваше буџетот донесе една политичка одлука, презентирана преку министерот за финансии, со која политичка одлука на сите нас пратениците, особено мене лично, а и на сите граѓани им беше кажано и ветено дека до крајот на оваа 2003 година, струјата во Република Македонија нема да поскапе, независно што ДДВ е една корекција во таа ставка. Беше тоа многу пати дури и реплицирано од страна на министерот со ветување дека таква одлука до крајот ќе биде спроведена. Сега слушам дека струјата ќе поскапе од 1 јули за 7% и кај мене сега се јавува една дилема, дали може на господинот министер за финансии воопшто да му се верува за она што ветува, од проста причина што едно ветува а друго прави, или прашањето би било ќе поскапе ли струјата од 1 јули за 7% иако поскапе дали до крајот на годината ќе ја задржи таа стапка од 7% или ќе претрпи корекција за уште 5 или 6% за да ја пополни дупката која ја кажува и министерот за финансии.

Трето, чувствува ли Владата потреба од реконструирање на министерот за финансии со оглед што во тој ресор очигледно нешто шкрипи.

Третото прашање би го поставил до министерот ...

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Поставивте три прашања.

Едно прашање за статусот на Конкордија, второ прашање дали ќе поскапе струјата за 7% и трето прашање дали ќе биде реконструиран министерот за финансии.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Тоа е во тој контекст. За министерот за финансии во контекст на струјата. Се е под министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Кога инсистирате поставете уште едно, а очигледно госпоѓица Шеќеринска ќе одбери кои три од тие четири ќе ги одговори.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Сигурно ова за реконструирањето нема да одговори.

Третото прашае го имам до министерот за одбрана.

Почитуван министре ова прашање кое сакам сега да ви го поставам, ме замолија повеќе граѓани да ви го поставам од проста причина што мислам дека е прашање на кое навистина треба конкретен одговор.

Мислам во претходните месеци беше објавен конкурс за прием на професионални војници во АРМ, така да еден поголем број на кандидати беа тестирани, ги поминаа сите оние потребни тестови, кои што беа барани во конкурсот и голем дел од тие кандидати беа примени на некој начин, поточно ги поминаа позитивно тестовите, меѓутоа, еден мал дел од нив е задржан на работа, а другиот дел кој е примен по конкурсот, до ден денеска не се воопшто повикани на работа.

Моето прашање, а во име на граѓаните кои се обратија до мене е кога може да се очекува сите кандидати кои што поминаа на конкурсот да бидат повикани на работа, дали до крајот на оваа година, или во некое идно време.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На првото прашање ќе одговори госпоѓица Шеќеринска.

РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:

Ставот на Владата на Република Македонија е дека Македонија безбедносно се стабилизира, но дека и понатаму продолжуваат да постојат ризици за нејзината безбедност, што е можеби логично и очекувано, земајќи ги настаните и во 2001 година, јас би рекла делумно и во 2002 година.

Водени пред се, од таа причина и заради други причини, Владата одлучи мандатот на Конкордија да продолжи се до крајот на годината, попрецизно

до 15 декември, што од друга страна одговора и на проценките што доаѓаат од страна на безбедносните проценки вршени во НАТО, во други институции, кои што ја следат состојбата и безбедносна и политичка во Македонија и кои што и врз последните свои брифинзи и информации велат дека состојбата во Македонија се стабилизира, има и понатаму ризици, меѓутоа, дека македонските институции изградија капацитети, за да бидат способни врз себе да го превземат раководењето во оваа свера и врз себе да ја превземат целосната одговорност за гарантирање на безбедносните состојби и стабилизација на Република Македонија.

Значи, сметаме дека ова не е квалификациија или проценка која што ја направи само Македонската Влада и која што ја направија и меѓународните експерти, тоа мислам дека е проценка која што доминира и во македонската јавност и ние како сериозна и одговорна Влада сметавме дека е многу подобро во овој период од тие дополнителни 2, 2,5 месеци практично да го обезбедиме со продолжување на успешната мисија на Конкордија.

Инаку да Ве потсетам дека цитиравте изјави од страна на премиерот на Владата на Република Македонија дека изјавите не беа сосема такви какви ги цитиравте дека Владата постојано зборуваше за завршување на мандатот на Конкордија до крајот на оваа година, што сметавме дека ќе ни даде шанса како на Влада да имаме период од континуирани проценки на состојбата затоа што едно е доколку проценката ја правите во јануари, а друго е доколку ја правите на средина во годината и не мислиме дека овие одлуки треба да се носат врз база на дневно политички ниту потреби, ниту аргументи, туку навистина, долгорочно да се следат состојбите, да се гради реална слика за приликите и неприликите во Македонија и да се донесат одговорни одлуки за продолжувањето на мисијата.

Мислам дека оваа одлука и на Владата ќе биде поздравена и од страна на македонската јавност токму поради тоа што имаме добро искуство со присуството на Конкордија во Република Македонија а мислам дека ќе биде поздравена позитивно и од страна на нашите сојузници.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Караџоски дали сте задоволен?

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Задоволен сум.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За второто прашање ќе одговори господинот Кокароски.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Прашањето кој го постави г. Караџоски е упатено до Владата, меѓутоа и до Министерството за финансии. Во време на донесување на буџетот и измена на стапките на ДДВ, тогаш правевме пресметки и констатиравме дека има можности да не поскапи струјата со надеж и убедување дека ќе ги бараме и внатрешните резерви до крајот на годината да остане цената на струјата на истото ниво.

Меѓутоа, пресметките кои што се правени од АД "Електростопанство на Македонија" и состојбите на финансиски план кои што ги имаат и покрај сите потези на внатрешен, организационен, кадровски, технички, технолошки план и се она што е обврски во еден изминат период на спрема граѓани, односно граѓаните кои што го имаат на спрема"Електростопанство", степенот на наплата кој што исто така е низок и од физичките лица и од правните лица, упатуваат дека резерви повеќе нема на тој план и можеби во овој момент можеме да соопштиме дека едно мало поместување на цената на струјата може да дојде до крајот на овој месец што не би предвидело, сега и не претпоставувам до крајот на годината, но убеден сум дека со таа корекција за која што зборуваше пратеникот Караџоски, ќе можеме да овозможиме "Електростопанство" нормално да ја обавува својата функција.

Мислам дека се исцрпени сите можности во тоа акционерско друштво, други можности нема, но не е голем процентот со кој што ќе се реагира во подигнување на цената на струјата. И покрај тоа што се давани убедувања, а убедувањата се дадени на пресметики од Електростопанство, сепак исцрпени се тие можности и сме принудени да дојдеме во една ваква позиција.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Караџоски дали сте задоволен од одговорот?

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас навистина би бил повеќе задоволен да го слушнев од министерот за финансии, меѓутоа, очигледно не е човекот тука, па морам да се задоволам од ова што го слушнав сега. Меѓутоа, едно е очигледно. Господине Кокаровски не се однесува лично до вас, меѓутоа, како ги правите проценките со министерот за

финансии не е несигурно, поточно можам да речам и сигурно дека струјата до крајот на годината ќе трпи уште две или три корекции.

Меѓутоа, јас сакам нешто друго да кажам во оној конктест кој го спомнавте кога се креираше Буџетот и овде кога расправавме по него. Јас истото што сега вие ми го одговарате го тврдев и тука на говорница дека сум убеден дека струјата ќе поскапи, меѓутоа, вашиот министер ме убедуваше дека не знам да сметам во проценти. Ме убедуваше дека слабо разбирам математика и дури ме убедуваше дека тој гарантира дека според сите негови проденки струјата ќе ја задржи истата цена.

Сега, не знам кој е во право, кој фактички не знае да смета во проценти, го кажува времето. Инаку, од она што сега го кажавте, значи сега е мала корекција на струјата, дополонително ќе правиме нови проценки и до крајот на годината најверојатно ќе имаме уште една цена на струјата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Кокаровски;

ДИМКО КОКАРОВСКИ:

Мислам дека не држи констатацијата во смисла да сметаме во проценти да правиме пресметки колку знаеме да правиме пресметки. Пресметките ги правиме така како што економската пресметка се прави прецизно, јасно и недвосмислено.

Меѓутоа, во овој момент одговорно тврдам дека Елктростопанство има премногу дубиози на финансиски план додатни обврски кои што постојано доаѓаат на Електростопанство на Македонија, така да секојдневно да правите пресметка не можете да калкурирате она што дополнително доаѓа. Затоа во некои пресметки можеби не сме биле прецизни до крај, но тоа е однос на еден непрофесионален и некомпетентен можам да кажам тим кој што работел и кој што го оставил сето тоа во таква една позиција, за да сега излегува дека не може Владата и Електростопанство да ги направи тие пресметки. Знаеме тоа да го направиме, ги имаме сознанијата, постојано пристигнуваат такви обврски, од едно водење на фирма и менаџирање, кое што не дозволува импровизација, сме се поиграле до тој степен, што сега цената мора да се плати.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Бучковски.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Професионализцијата на Армијата е еден од проектите што Министерството за одбрана ќе го води во континуитет во 2007 година кога планираме 70% од активниот состав на Армијата да бидат професионалци.

Оваа нервоза кај сите оние кои планиравме да ги примиме во оваа година, настана од објективни причини. Јас ја користам оваа прилика да им се извинам на сите оние кај кои можеби пробудивме лажна надеж дека нивното вработување ќе биде многу поскоро. Тоа се случи од објективни причини, бидејќи заклучокот и Одлуката на Владата на Република Македонија, Министерството за одбрана презема 200 припадници на поранешната единица за брза интервенција Лавови и заради тоа сега се создаде овој вакум каде, луѓето кои ги поминаа сите тестови и чекаа да ги потпишат само договорите за работа, сеуште не се ангажирани.

Министерството за одбрана ќе направи уште еден напор, за да не ги изневери очекувањата на овие луѓе, а тоа е да се обиде, со помош на Министерството за финансии, кое сега ќе ја почне новата рунда на разговори со Меѓународниот монетарен фонд да трансформираме дел од резервниот состав кој во овој момент во Договорот со Меѓународниот монетарен фонд е прифатен, а тоа е бројка околу 200, да можеме да ги трансформираме во професионални војници, а тоа да го искористиме и за поправање на бројот на припадниците на другите заедници, водејќи сметка за соодветната и правична застапеност и водејќи сметка за овие луѓе кои со право очекуваат да бидат повикани и да ги потпишат договорите за работа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Караџоски, задоволен ли сте од одговорот?

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Задоволен сум.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Прашање ќе постави госпоѓа Лилјана Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Имам три прашања.

Првото прашање е упатено до Владата на Република Македонија.

Молам Владата на Република Македонија да ми даде писмен одговор за тоа какви мерки презема за економско заживување и враќање на нормалниот живот во поранешните кризни региони.

Тоа ме интересира заради тоа што ги следиме информациите за враќање на раселените лица, според планот на Владата на Република Македонија, но истовремено се слушаат и одредени поплаки од поединечни граѓани дека освен изградбата на куќите, главно се оставени самите на себеси. Затоа, во одговорот очекувам да бидат опфатени следниве аспекти:

1. Помош за елементите во домовите, неопходни за нормален живот,

2. Помош за земјоделците од овие краишта, во вид на семенски материјали или земјоделска опрема,

3. Помош за обновување или започнување на стопанските активности, неопходни за егзистенција.

При тоа, сакам да нагласам дека тука не очекувам да бидам посочена на вообичаените кредитни линии од банките, затоа што на сите ни е јасно дека најголемиот дел од тие граѓани од кризните региони, едноставно немаат гаранции со кои би ги обезбедиле тие кредити.

Четврт елемент кој очекувам да биде опфатен во одговорот на ова мое прашање е - информација за функционирањето на полициските станици на одредени осетливи места кои ќе ја гарантираат безбедноста на сите граѓани и Ќе обезбедат нормално функционирање и на стопанските активности.

Верувам дека сите сме свесни колкаво е значењето на заживувањето на кризните региони како интегрален дел на Република Македонија. Граѓаните во тие региони беа погодени од воената криза и сметам дека не смеат да останат без поддршка од граѓаните. Сите ние знаеме дека постои регулација на поимот елементарна непогода, кога Владата на Република Македонија интервенира, а една голема криза е нешто појако и пострашно од елементарна непогода и мислам дека е логично дека Владата на Република Македонија треба да преземе одредени обврски, како што тоа го правеше и до сега.

Второто прашање е упатено до Владата на Република Македонија а тоа е прашање кое сум го поставила и пред неколку месеци. Прашањето е следно:

Дали се планира промена на работното време во јавниот сектор, во согласност со европските норми и потребите на луѓето. Јасно е дека тоа може да се направи со одлука на Владата на Република Македонија, меѓутоа, може да го направат  и поединечните Министерства, како што впрочен Министерството за внатрешни работи има направено едно работно време кое е во согласност со европските норми.

Само да потсетам уште нешто. Во Кабинетот имавме изготвена анализа за 14 земји од Европа и забележавме дека никаде не постои фиксно рботно време од 7,00 или 7,30 часот да почне, како што е тоа случај кај нас. Обично се работи според лизгаво раотно време, со прецизирање на задачите и термините неопходни за извршување на тие работни задачи, но и за комуникација со странки.

Третото прашање е кое сакам да го поставам е до Министерството за здравство.

Дали во Законот за здравствена заштита што е подготвен е вклучено дел на превенција на малигните заболувања на репродуктивните органи кај жените. Имено, во тек е иницијатива на женска невладина организација од Свети Николе, организација на жени од Свети Николе на која им се придружија и десетина други женски организации, за обезбедување задолжителен гинеколошки преглед со попаниколау тест, за секоја жена над 18 години, еднаш годишно. Аргументацијата е дека една ваква превенција е многу поефтина отколку лекувањата на малигни заболувања што настанува како резултат на нередовни контроли. Ќе кажам уште една бројка како аргументација. Има 45% од сите малигни заболувања кај жените се токму на репродуктивните органи и се должат поради немање култура на редовни прегледи, а во некои случаи поради немање можност да се платат прегледите кои според законот би требало да бидат бесплатни, меѓутоа, тоа не е пракса секаде, во сите здравствени организаии.

Инаку, сакам да додадам дека тоа е прашање за кое е разговарано со женскиот парламентарен клуб, меѓутоа и со заменикот министер за здравство господинот Никола Пановски. Имавме некои позитивни сигнали, меѓутоа во моментот незнам до каде е дојдено. Ме интересира дали е ова внесено во регулативата, или ако не е, поради кои причини.

Дополнителен аргумент за тоа е дека во повеќе развиени земји ова е законски регулирано и на тој начин државите работат на заштита на своите граѓани, дека нивното здравје, мислат и економични.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Првото прашање, госпоѓица Шекеринска?

РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:

Владата на Република Македонија ќе даде писмен одговор со дел од анализите што ги правеше за поттикнување на процесот на враќање на раселените лица во кризните региони.

Бидејќи пратеничката Поповска бара ова прашање да се разгледа од пвоеќе аспекти што се сите битни, мислам дека е посоодветно на прашањето да се одговори писмено.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе добиете писмен одговор.

Второто прашање исто така беше поставено до Владата на Република Македонија.

JОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Владата на Република Македонија веќе работи на операционализација на оваа иницијатива на пратеникот. Меѓутоа, ќе се согласите, летниот период не е најдобар период кога треба да се тргне со ваква промена. Може да се очекува со влегувањето во есента Владата на Република Македонија ќе предложи промена на работното време.

Сеуште се разгледува овој сегмент што пратеничката бара посебно да биде разгледан, околу клизното работно време. Имено, тоа ќе може да се реализира во помали институции. Меѓутоа, прашање е на целиот систем на контрола, како и дали тоа ќе биде можно, со оглед на општото ниво на работа на администрацијата што го имаме сега, да биде реализирано и во поголемите системи. Инаку би било лесно кога би било прашање само на формална одлука. Имено, бидејќи голем дел од вработените во Република Македонија, за жал, се вработени во јавниот сектор, тоа истовремено ќе значи и нужна промена во целиот свет на пратечки институции кои треба да се прилагодат на ваквиот тип на работно време. Значи, промени секако ќе има, јас се надевам од 1 октомври.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа Поповска, дали сте задоволни од одговорот?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ме радува што слушам дека Владата на Република Македонија и Министерството за за труд и социјална политика, посебно имаат слух за една ваква иницијатива.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На третото прашање ќе одговори господин Пановски.

НИКОЛА ПАНОВСКИ:

Запознат со иницијативата на оваа асоцијација и веќе лично и во Министерството и во Фондот за здравствено осигурување сме направиле некои активности, согледувања, консултации, како оваа идеја која, веднаш ќе кажам од сите релевантни чинители, од многу пратеници а и од оние од Владата на Република Македонија и владини службеници е оценета како потребна. Иста е и оценката од Здружението на еколозите, бидејќи тие покажаа податоци дека бројот на карцином кај жените кај нас расте.

Не само што со оваа иницијатива ќе се намали бројот на страдања кај жените и морталитетот од оваа болест, туку подолгорочно гледано ќе има и економски придобивки, бидејќи лекувањето на овие болести, покрај тоа што е ретко успешно кога е во понапредната фаза, а е и многу скапо.

Меѓутоа, што се однесува кој законот е вчера пратен до Владата на Република Македонија, правните служби а и ние како Министерство и Фондот за здравствено осигурување сметавме дека не е местото таму да интервенираме. Едноставно не бевме спремни, а и нашите согледувања се дека и сегашните законски можности дозволуваат бесплатно да се извршува овој преглед. Меѓутоа проблемот е со плаќањето со Фондот за здравствено осигурување кој на некој начин е нерегулирано. Вие знаете дека Фондот плаќа пред се средства за плата и материјални трошоци. Така, имаме установи кои овој преглед, папаниколау, го наплаќаат, само партиципацијата 600,00 денари. Има установи каде наплаќаат 60 денари и никој не реагира, бидејќи ни на едните ни на другие не им се плаќа по таа цена, туку се плаќаат платите и т.н. Мое согледување е дека овој тест е многу поефтин и многу помалку материјални трошоци за него треба да се потрошат.

Втор проблем, покрај овие неусогласености, значи ние знаеме точната цена која би се прифатила, е што нема можност на целата територија на Република Македонија, за жал, развиена мрежа, треба време за тоа, да се прави тестот

папаниколау. Значи, ништо не правиме ако на жената и овозможиме бесплатен преглед, ако таа е од некое помало гратче, треба да оди во поголемиот град и да го носи брисот на преглед, или ако не обезбедиме транспорт. Значи, имаме многу работи кои во наредните месеци би требало да ги решиме. Доколку тоа го ставевме во закон како обврска, мислам дека прво од Министерството за финансии ќе немавме точно сознание колку средства требаат, а сметајќи дека требаат најмалку 500.000 преглед, а доколку ги обврземе жените еднаш годишно да се прегледуваат, па да чини тоа и по три евра тој преглед, веќе има една добра сума која сепак треба да се планира за идната година. Тоа би било од прилика мојот одговор. Се надевам дека ќе работиме континуирано на ова и ќе најдеме решение како ова навистина да го спроведеме и во идната година, ако не друго, преку буџетските пари да се побараат средства.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Госпоѓа Поповска, дали сте задоволна од одговорот?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Задоволна сум што имало разбирање во Министерството за здравство кај сите релевантни фактори за значењето на ова прашање и ме радува тоа што се започнати еве вака сериозни анализи на таа состојба и се увидени местата каде што треба да се дејствува. Се разбира, не сум задоволна што веќе тоа не е реализирано, но сум свесна истовремено дека во моментов постојат некои реални пречки. Јас само да кажам дека јас и во иднина ќе потсетувам на ова прашање и преку парламентарнава говорница, меѓутоа и преку активности со женските невладини организации што веќе започнаа.

Благодрам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Можам да констатирам дека сте задоволна од одговорот.

Благодарам.

Господин Михајло Георгиевски.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, членови на Владата на Република Македонија,

Дозволете да ги поставам овие три прашања.

Првото прашање е упатено за министерот за внатрешни работи и министерот за образование и наука.

Одамна се знае и зборува дека во образованието, а особено во високото образование постои голема корупција. Деновиве во јавноста, во јавните гласила се изнесоа фрапантни податоци во кои се кажува дека цената да се положи одреден испит кај одреден професор се движи од 500 до 3.000 евра. Тоа особено е присутно и за време на уписните рокови. Прашањето гласи:

Дали Министерството за внатрешни работи и Министерството за образование и наука имаат некакви сознанија околу ова битно прашање и ако имаат, што е преземено досега за спречување на ова големо и многу штетно општествено зло и што ќе преземе понатаму?

Второто прашање се однесува за министерот за култура.

Деновите еден од коалиционите партнери по втор пат ви го симна од дневниот ред во Собранието на Република Македонија законот за култура иако на Комисијата за култура помина без некои особени забелешки од коалиционите партнери во власта. Прашањето гласи:

Зошто не се договорите со вашите коалициони партнери да не ви ја блокираат работата околу донесувањето на законот за чие што донесување зависи и донесувањето на основната програма за култура без која нема напредок во областа на културата.

Третото прашање е упатено до министерот за економија.

Од неодамна сме сведоци на големо незадоволство кај свињарските производители, поради големиот увоз на свинско месо од Полска. Прашањето гласи:

Зар не сте свесни со тоа дефинитивно ќе ги уништите и така слабите свињарски фарми што после тешко ќе можат да оживеат.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Првото прашање беше упатено до Министерството за внатрешни работи и образование, од двете министерства.

Господинот Костов, дали ќе може?

ХАРИ КОСТОВ:

Деновиве бевме сведоци на една анкета во која беше дадено извадок од јавното мислење околу корупцијата во образованието, особено во високото образование на факултетите и постоеше определено рангирање според резултатите од таа анкета. Ние до сега имавме неколку анонимки на некои, значи подвлекувам, досега фактички анонимки за однесување на некои професори на некои факултети. Меѓутоа, она што е основното во оваа работа согласно сегашната регулатива е дека било какво давање на мито претставува доказ за судска постапка, доколку делото се пријави претходно и се обезбедат по соодветна постапка, да не кажам и докази, било фаќање на лице место, било обележување на средства, едно - друго и такви работи.

Досега за жал, што фактички беше и дел од таа анализа на јавното мислење, досега никој немало, односно многу ретки биле случаи, најверојатно, кога некој однапред тоа го пријавува, туку напротив, откако ќе се случи, откога ќе поминат неколку месеци и т.н.

Според тоа има две работи кои што Владата на Република Македонија ги презема. Јас морам да кажам дека подолго време од страна на Министерството за внатрешни работи има некои оперативни активности, кои не би можел пред Собранието на Република Македонија да ги коментирам. Меѓутоа, би ја искористил оваа прилика и поставеното прашање од пратеникот, да ги повикам не само сите студенти, било кое лице од кое ќе биде побарано било какво вршење на услуги, било каков паричен надоместок за извршување на определена работа, било да е тоа на факултетите, било да е од страна на јавната администрација и владините институции и т.н.

Бидејќи пратеникот постави прашање во делот на образованието, молам било кој студент кој што ќе има таков проблем, да го пријави тоа однапред и да го пријави лично, доколку има факултети кои се со локации надвор од Скопје, или директно кај началникот на подрачната едница на Министерството за внатрешни работи, или она што е во делот да речеме овде каде е седиштето на Министерството за внатрешни работи во Скопје, директно во Кабинетот на министерот. Меѓутоа, пред да се изврши работата. Ние гарантираме дека целосно ќе има соработка од инспектори на Министерството за внатрешни работи и т.н., за да се обезбеди она што треба во таква постапка да биде валиден судски доказ за да некој се казни кој влегува во таква работа, а не потоа да ги имаме разговорите за

некоја завршена работа во која е невалиден процес, нмема ниту сведоци, ниту се обезбедуваат и т.н.

Според тоа, за било кој студент, било кој ученик околу оваа работа, кој има проблем, слободно да се јави во Кабинетот на министерот во служба која таму ќе биде, ќе ги регистрира и ќе има целокупна соработка од надлежни инспектори на Министерството за внатрешни работи, за да ја искорениме оваа појава и да ги казниме тие кои што во таа работа се вклучуваат.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали господинот Положани ќе одговори, повелете?

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Тоа што конкретно се презема за оваа незаконска активност беше кажано од министерот за внатрешни работи. Инаку, како појава која што во ова општество не е карактеристично само за образованието, но за жал и во ова се рефлектира, мислам дека Министерството за образование во склоп на своите надлежности и своите ингеренции што ги има, сигурно дека прави напори да оваа веќе долгорочна појава која што е во општеството, ќе повторам, а не е карактеристика само во образованието, а ние во склоп на наши ингеренции во образованието, преку нашите органи го правиме тоа што мислам дека би можело да помогне на намалување на оваа појава. И онака слабата економска состојба на фамилиите, на студентите и на другите фактори во образованието, мислам дека е посебен поттик за една посебен третман на такви негативни појави. Но, сакам во оваа насока да напоменам дека освен субјективните мотивирани негативни појави во образованието има простор да се размисли и за една објективна состојба, која што се состои од фактот дека сепак образованието во Република Македонија е една од најниско платените и најнеадекватно платените работи.

Мислам дека и од тој аспект како што сака поконкретно и посуштествено да се придонесе кон елиминирање на такви состојби, ќе треба да се размисли за потребата од поадекватно стимулирање и наградување на вредните работници во образованието кои долго време и во тешки услови успеваат да го држат образовниот систем во Република Македонија. Мислам дека механизми од аспект на Минситерството за образование за борба против оваа појава е Инспекторатот кој е секогаш во состојба да ги провери состојбите кои ќе бидат пријавени. Сигурно е сега

има и студентски омбуцман кој од нивна гледна точка мислам дека е поблизок до студентите и може да служи како еден од другите механизми кои можат да помогнат кон намалување на оваа појава.

Исто така во склоп на антикорупциската политика на Владата и на овој Парламент сигурно ќе разгледаме и други активности и можности за намалување на оваа негативна појава која, за жал овие денови беше фокусирана во однос на образованието, а стојам на тоа дека образованието не е најцрната точка од овој аспект и во склоп на антикорупциската политика ќе ја разгледаме оваа состојба и во образованието.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Георгиевски дали сте задоволен од одговорот.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Од одговорот на министерот Хари Костов сум задоволен, бидејќи човекот сериозно ја сватил работата и даде повик кон јавување на таквото зло.

Меѓутоа, од министерот Положани не сум задоволен затоа што тој на некој начин ги оправда тие наставници што земаат мито дека биле слабо платени. Ако се слабо платени нека ја напуштат работата таму и нека најдат поплатена. Инаку, за негова информација професорите не се баш така малку платени, тие земаат плата како еден министер или повеќе. Мислам на поедини. Тие да ги оценуваат студентите ќе положиш ако дадеш толку и толку пари дури и да се изгуби година и тоа сиромашните, а добро подготвени студенти што не можат да платат, а да ги пуштат оние слаби студенти, а со пари да го поткупат, мислам дека такво оправдување нема. На Положани му замерам дека тој на некој начин даде оправдување дека поради тие и тие причини.

Инаку, другото што го кажа се согласувам особено основното и средното образование се многу слабо платени, но не по пат на уцена и корупција да се збогатуваат и да го надополнуваат она што се слабо платени.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Господинот пратеник на крајот се фокусира на тоа што ми беше намерата дека објективната состојба во образованието е таква со што направив јасна дистинкција од субјективното негативно мотивирање за една таква активност која беше врзана и со последните информации кои дојдоа од Институтот отворено општество. Мислам дека некој ниту може ниту има намера, ниту има за цел да оправдува такви активности кои мислам дека се косат со законот и од тој аспект

самиот министер за внатрешни работи кажа што треба и може да се преземе од тој аспект.

Во доменот на Министерството за образование јас реков дека не е случај што вие рековте дека го оправдувам, туку сигурно од наш домен таквите механизми и ингеренции што ги имаме сите сме ги ставиле во служба за евидентирање на оваа состојба и сигурно дека ќе преземеме дополнителни активности, а како целокупна политика на општеството и внимание кон образованието за да се избегнат објективните околности од една таква појава, треба да биде грижа на целото општество. Нормално дека би било недобро намерно ако моите констатации во однос на целокупното согледување на состојбите се интерпретираат така што вие се обидовте. Сепак мислам дека се изјаснив со дополнувањето.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Второто прашање беше до министерот за култура г-динот Благој Стефановски.

БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ:

Сакам да се заблагодарам на почитуваниот пратеник Михајло Георгиевски кој дава позитивен придонес во работата на Комисијата за култура. Законот за култура е во владина процедура, помина каде учествуваа сите коалициони партнери и позитивно беше оценет. Но, од разни интелектуалци и други заинтересирани субјекти за Законот за култура заради тоа што пет години Законот е исфрлен од употреба затоа што е зависен од националната програма за шест месеци. Во јавноста се отвори една дебата која по моја добра намера и сметајќи ги добрите намери на поединците кои сакаат да дадат придонес во таа јавна дебата ќе почекам уште една недела и заедно со пратениците од ДУИ кои не присуствуваа на таа седница на Комисијата за култура, се надевам дека ќе донесеме еден добар закон кој е граѓански и кој сигурно ќе ги надмине овие партиски интереси и она што треба културата да значи за РМ една широка рамка во која сите ќе го најдат своето место, ќе го обликуваат и ќе го зачуваат својот идентитет.

Во тоа име мислам дека уште една недела не е никаков фактор да се затвори таа дебата во јавноста и да очекуваме во интерес на сите граѓани на РМ дека ќе имаме таков закон за култура.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Георгиевски, дали сте задоволен од одговорот.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Сум задоволен и да се надеваме дека нема и по трет пат да го симнат од дневен ред овој значаен закон.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Третото прашање беше поставено до министерот за економија г-динот Филиповски.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Заедно со министерот за земјоделие имавме средба со тројца менаџери од свињарските фарми, тие ја искажаа загриженоста и проблемот кој им се јавува со увозот на свинско месо. Укажаа дека се увезува замрзнато свинско месо од Полска по прилично пониски цени во однос на нормалните цени кои се на светскиот пазар.

Врз основа на тоа заедно се договоривме Ветеринарната инспекција и Пазарната инспекција да направат контрола дали се увезло смрзнато месо и дали тоа се наоѓа во малопродажба што е спротивно на законските прописи ако се продава смрзнато месо увезено во малопродажба.

Ветеринарната и пазарната инспекција направија контрола и утврдија дека не се работи за замрзнато месо.

Второ, согласно Спогодбата која е потпишана со Светската трговска организација РМ не може во овој момент да презема ниту квантитативни ниту царински ограничувања на увозот на месо и било кои други производи надвор од она што значи Спогодба со СТО.

Тоа што можеме да го правиме е да се донесат, но за жал тоа не е направено, паралелно со носењето на таа спогодба и усогласување на Спогодбата со СТО не се направени други заштитни мерки кои би овозможиле неквантитативни и нецарински ограничувања на друг вид на ограничувања заради заштита на потрошувачите, а истовремено и на стопанските субјекти. Во тој дел сега се наоѓа закон во владина процедура, Законот за трговија кој ќе овозможи, доколку биде усвоен од страна на Собранието пред да се врши царинење на стоката да се изврши целосна контрола на производот, а после тоа да може да се пушти на царинење и да оди во промет. Тоа е првата работа.

Втора работа, врз основа на овој закон Ќе можат да се донесат соодветни правилници кои ќе значат вонцаринска и вонквантитативна заштита. На пример дали за тоа месо е употребена пченка без хербициди значи врз основа на тоа ќе може да се дојде до поголема заштита и истовремено тоа ќе значи домашните производи да се определат за тие стандарди и во тој дел Министерството за економија ќе

предложи преоден период за домашните производители подолг временски период од три години, но примената на овие стандарди за увозните материјали вклучувајќи го и свинското месо да стапи веднаш.

Значи, тоа е процес кој се одвива, но сигурно тоа не може да се направи веднаш да речеме денеска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали сте задоволен од одговорот?

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Јас конкретно не разбрав дали навистина има увезено такво месо, или нема увезено. Ако има зошто е увезено, ако нема да кажат нема и на свињарите да им се каже луѓе нема увезено такво и такво месо, вие ќе си бидете на пазарот рамноправни со другите конкуренти и работата ќе си тече. Инаку, тие се бунтуваат, ќе ги носеле свињите овде пред Владата, незнам што. Зошто да правиме драми кога тоа може да се објасни на еден добар начин, да се каже таква и таква е работата, тоа и тоа е вистината. Нема од вистината бегање. Тоа го очекував од министерот да го каже, но и тоа што го кажа на некој начин  не е тоа, нешто друго,  со компензација светска кажува, можеби е и тоа, меѓутоа важно е дека ние мора  да ги заштитуваме нашите производители на месо и на други прозводи во една нормална гранка. Да не пропаѓа една одредена гранка која потоа тешко се обновува.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Филиповски.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Јас кажав се што можеме да направиме како Влада, а што се однесува до свинското месо кое е увезено во Република Македонија не е увезено смрзнато, но цената на месото е многу пониска во однос на она што значи цена во овој момент на пазарот и таа врши силна конкуренција на домашните производители.

Од тој аспект се преземаат мерки кои ќе ги доведат во рамноправна положба домашните производители со месо.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има господинот Рафет Муминовиќ.

РАФЕТ МУМИНОВИЌ:

Почитувани, првото прашање го упатувам до Владата на РМ. Како Владата предвидува да го реализира Акциониот план за правична застапеност на помалите

етнички заедници, бошњаци, срби, турци, власи, роми. Пред се во делот на нивната застапеност и имплементацијата во јавната администрација.

Второто прашање го упатувам до министерот за транспорт и врски.

Почитуван господине министре до каде е развојот и застапеноста на Програмата на МРТВ која се реализира на јазиците на помали етнички заедници бошњачката, влашката, ромската, турската и српската.

Третото прашање го упатувам до министерот за образование.

Почитуван господине министре, ве молам да ми одговорите за причините оклу доцнењето на формирање одделение на етничките заедници во рамките на Управата образование на етнички заедници.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Првото прашање беше упатено до Владата.

Има збор госпоѓа Радмила Шекеринска, потпретседател на Владата.

РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:

Најпрвин би сакала да ве информирам дека Владата на РМ сеуште го нема завршено планот или програмата за реализација на нашата политичка цел, а тоа е постигнување на правична застапеност во рамките на јавната администрација на сите етнички заедници во РМ. Меѓу другото, заради тоа што се работи за едно апсолутно комплексно и сложено прашање кое не може да се реши ниту со носење на годишна програма, ниту со носење на двегодишна програма, си бара политики кои во континуитет ќе се спроведуваат.

Меѓутоа, во Владата е формирана работна група и Координативно тело кое ги обединува неколкуте институции кои се задолжени или ќе бидат задолжени за спроведување на оваа политика, а кои ги опфаќаат владините структури, Агенцијата за државни службеници и некои други институции кои ќе бидат надлежни.

Во рамките на таа програма предвидена е првична анализа која не е позната како податок околу застапеноста на одредени етнички заедници во РМ во јавната администрација, а потоа и конкретни мерки и динамика во која ќе се спроведе ваквата политика на правична застапеност. Таа политика ќе се базира на некои среднорочни планови, значи нема да бидат само краткорочни целите и мислам во таков случај и кога таа програма ќе биде подготвена ќе биде интересна да се погледа и за неа да биде информирано и македонското Собрание токму поради фактот што во македонското Собрание постои целосна покриеност на сите етнички

заедници кои постојат во РМ преку соодветни политички партии или преку пратеници кои припаѓаат на таа етничка заедница и ќе бидеме заинтересирани да влеземе во дискусија на оваа тема со пратениците во македонското Собрание.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Муминовиќ, дали сте задоволен од одговорот?

РАФЕТ МУМИНОВИЌ:

Да, задоволен сум, благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Второто прашање беше до министерот за транспорт и врски, господинот Ајдини.

МИЛАИМ АЈДИНИ:

Во програмите на МРТВ и помали етнички заедници се застапени, а пратеникот ќе добие поконкретен писмен одговор затоа што сега не би можел да зборувам со бројки кога самото прашање е малку поспецифично.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Муминовиќ.

РАФЕТ МУМИНОВИЌ:

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Третото прашање беше до министерот за образование.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Мислам дека правилниот одговор би бил како прво не е точно дека не е оформена или не функционира делот на Министерството за образование кое не е одделение, туку е подигнато на ниво на Дирекција за заедниците која и порано беше дел на административната структура, а сега во оваа Влада како водител на таа Дирекција е назначен директор каде има и други двајца претставници на другите заедници и мислам тоа што треба да се направи јас се обидувам да го направам, да го збогатам и комплетирам со претставници и на другите делови припадници на деловите на народите што живеат во РМ, вклучувајќи го тука и дел од бошњачкиот народ што живее во РМ.

Во согласност со нашите можности и Програмата на Владата која секогаш се хармонизира со буџетските можности од Министерството за финансии, па во текот на наредните недели ќе ја комплетираме целата дирекција, ќе ја ставиме во функција на самата цел за која е создадена во тоа Министерство. Но, тоа не значи

дека потребите од образовен карактер што произлегуваат и од законите и од Уставот за нивно адекватно третирање во овој образовен систем без разлика дали е комплетирана или не е комплетирана не значи дека стојат и не се решаваат, напротив мислам дека сите потреби и сите побарувања спрема Министерството, а врзани се за нашите законски обврски кон образованието на сите заедници во Македонија, мислам дека се реализираат по некогаш со тешкотии, но со цел и намера тоа се поуспешно да го правиме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Муминовиќ дали сте задоволен од одговорот?

РАФЕТ МУМИНОВИЌ:

Ако правилно го разбрав министерот, јас сум му благодарен за напорите што ги прави да има од сите етнички заедници застапено.

Уште еднаш јавно му се заблагодарувам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Ѓорге Паљошковски.

ЃОРЃЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги, почитувани министри,

Моето прво прашање е до министерот за здравство.

Во Медицинскиот центар Струмица се спроведува вистински терор врз вработените кои на било каков начин се поврзани со бившата власт. Спроведување на масовни истраги и сослушување, малтретирање со нелогични пресметувања. Селективно укинување на веќе доделените специјализации, груба манипулација со членовите на Управниот одбор. Секојдневно ширење на страв и независност кај вработените и нивните семејства преку разни списоци за отпуштање од работа.

Прашањето е следно.

Дали министерот е запознаен со овој случај и што ќе превземе за негово спречување.

Ако министерот не е запознаен може и во писмена форма да даде одговор.

Второто прашање е до Владата на РМ.

Во струмичкиот регион, поточно во општината Косилово на 16.06.2003 година в 19 часот зафати невреме со елементарни непогоди кое нанесе огромни штети на земјоделското производство.

Од страна на локалната самоуправа на општина Босилово и подрачното Министерство за земјоделстви, шумарство и водостопанство во подрачната единица Струмица беше формирана Комисија за настанатите штети.

Прашањето ми е конкретно - на кој начин и во кој обем и кога ќе бидат обештетени земјоделците во тој регион.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

На првото прашање ќе одговори заменик министерот за здравство, господинот Никола Пановски.

НИКОЛА ПАНОВСКИ:

Немаме податоци од овој карактер, кои ги наведе пратеникот, писмени податоци, ниту пак имаме некои усни. Анонимки има многу, меѓутоа за Медицински центар Струмица досега не сме имале ниту анонимни писма, така да на овие наоди ќе одговориме писмено, бидејќи навистина неможам сега да одговорам ништо.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Паљошковски дали сте задоволен од одговорот?

ЃОРЃЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Да, задоволен сум.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Следното прашање беше упатно до Владата на РМ.

ЃОРЃЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Одговорот на тоа прашање може во писмена форма.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред, благодарам.

Има збор господинот Никола Апостоловски.

Јас се извинувам, но претставникот на Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство сака да одговори.

БЕСИР ЈАШАРИ:

Второто прашање беше поставено за штетите во струмичкиот регион, за елементарните непогоди.

Јас ќе одговорам накратко дека Комисијата што е формирана од подрачната единица, од локалната самоуправа и од нашата подрачна единица, тие записници си одат до Влада и таа е процедура за обештетување на земјоделците каде што има Комисија и која ќе одреди за штетите што се настанати и за кои е одговорна Владата на РМ.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Никола Апостоловски.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Почитуван, потпретседател, почитувани министри, почитувани колеги.

Имам три прашања.

Првото прашање го поставувам до Владата.

Во Република Македонија има голем број на претпријатија кои во изминатите години поради објективни економски тешкотии не можеле редовно да ги плаќаат придонесите за здравствено осигурување, пензиско инвалидско осигурување, осигурување во случај на невработеност, па поради заостанатиот долг работниците не можат да користат здравствена заштита и не добиваат плави картони, иако претпријатијата тековно ги плаќаат придонесите.

Прашањето гласи:

Дали Владата има намера да донесе одлука за регулирање на заостанатиот долг на претпријатијата од придонесите за здравствено и пензиско осигурување со одложено плаќање на 60 рати.

Второто прашање е до Министерството за надворешни работи.

Барам писмен одговор, а тоа гласи:

Колку дипломатски пасоши се издадени во периодот од 1999 до 2002 година на функционери од претходната власт. Колку од нив по престанокот на функцијата ги вратиле пасошите, а колку од нив сеуште ги користат а го изгубиле правото на користење.

Барам писмен и поименичен одговор.

Третото прашање е до Владата.

Дали Владата има намера да изврши ревизија на приватизацијата на ЗИК "Сандански" од Делчево. До денеска вработените од ова претпријатие имаат поднесено неколку барања за ревизија на приватизацијата во кои се наведени голем број на пропусти при спроведувањето на истата. Ова е една од причините за голем број на штрајкови и отпуштање од работа работници. Може да се каже дека тоа е единственото земјоделско претпријатие не во земјата, туку и во светот кое врши отпуштање на работници во екот на земјоделските работи, а истовремено закупува фудбалски стадиони во државата за месечна кирија од 0,01 денар.

И јас како мојот колега поставувам три прашања, ќе барам четири одговори.

Барам Владата да ми одговори дали ќе го раскине договорот за закуп на Градскиот стадион во Делчево.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Првото прашање беше упатено до Владата, но се однесуваше на проблематика што ја покрива Министерството за труд и социјална политика.

На прашањето ќе одговори господинот Јован Манасиевски.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Согледувајќи ги мошне тешките состојби во кои се наоѓа и Фондот за пензиско и Фондот за здравство со страотно големи дефицити кои што се алиментираат секоја година се повеќе со директни трансфери од Буџетот, Владата во соработка и со социјалните партнери скицираше едно решение кое доби поддршка од економско социјалниот совет. Решение во кое што се содржат и краткорочни и дологорочни мерки.

Долгорочните мерки се многу позначајни затоа што треба да доведат до елиминирање на оваа уникатна практика што постоеше во Република Македонија на неплаќање на придонесите. Тие ќе се состојат и дел од нив се предложени во промените на Законот за платен промет, а до крајот на годината ќе бидат предложени промени и во Законот за трговски друштва и Законот за стечај, што ќе ја елиминираат можноста воопшто да биде избегнато плаќање на придонесите.

За ситуацијата што ја имаме досега за создадените енормни дефицити мора да се изнајде решение, меѓутоа бидејќи тоа решение има директни фискални импликации затоа што во голем дел дефицитите се алиментираат од Буџетот таквото решение во рамките на аранжманот со ММФ мора да биде усогласено со Мисијата на ММФ и во последниве повеќе од месец дена се работи на тоа

усогласување. Јас се надевам дека во најкус можен рок ќе ги усогласиме ставовите на Владата и ММФ и на овие претпријатија кои што опфаќаат над 90 илјади работници со делумно нерегулирани придонеси ќе им биде дадена реална шанса да ги надминат овие тешки состојби.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Апостоловски дали сте задоволен од одговорот.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Второто прашање беше упатено до Министерството за надворешни работи и на тоа ќе очекуваме писмен одговор.

Третото прашање беше упатено до Владата, но се однесуваше на министерот за економија.

Има збор господинот Илија Филиповски.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Во врска со ЗИК “Сандански” ќе дадеме писмена информација со оглед на тоа што постојат одредени детали околу конкретно изјаснување.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Имаше и четврто, дополнително прашање, па доколку сака претставникот на Владата да одговори.

РАДМИЛА  ШЕКЕРИНСКА:

Писмен одговор ќе дадеме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Ристо Пејовски.

РИСТО ПЕЈОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани претставници на Владата,

Моето прво прашање го упатувам до Министерството за животна средина и просторно планирање, а тоа е следното:

Заради економските интереси во Топилницата за цинк и олово е воведен стечај. Ме интересира што мисли Владата да направи во врска со здравствениот интерес, односно да ги обештети граѓаните и околината кои се повредени од штетните фолуции на токсичните гасови и метали. Материјална и правна основа постои преку правилото загадувачот плаќа.

Второто прашање го упатувам до Министерството за здравство.

Интерресорната канцеларија за проценка на еколошкиот статус на градот Велес вети дека ќе направи здравствени прегледи преку Министерството за здравство кои би биле увид во степенот на штетното дејство на Топилницата врз граѓаните. Дали се обавени тие прегледи, ако се обавени кои се резултатите, а ако воопшто не се обавени, кога ќе се обават.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Првото прашање беше упатено до Владата но се однесуваше на заштита на животната средина.

ДРАГОЉУБ МАТОВСКИ:

Прашањето беше поставено што ќе направи Владата во обештетувањето на здравјето на луѓето досега што е настанато во Велес.

Чинам дека на ова прашање на ценетиот господин му одговорив на една од претходните седници на Парламентот на пратенички прашања, кога што истиот постави подецидно прашање во тематиката на здравството што треба да се направи.

Денеска прашањето го поставува со проширување во делот на она што значи активностите што ги води Министерството, подготвување за наредниот период. Една од активностите е токму таа - загадувачот плаќа која треба да биде реализирана во наредниот период со донесувањето на новата законска регулатива во делот на животната средина и просторното планирање.

Мислам дека добро се сеќавате дека на таа седница укажав дека се во тек подготовки на законски регулативи кои кон крајот на годинава треба да влезат во парламентарна расправа, сега имаме јавна расправа по овие законски проекти, така да се очекува тие некаде во наредната година, во периодот од март до мај да бидат донесени.

Според тоа, она што ќе следи од оваа проблематика ќе биде во наредниот период, но бидејќи се поставува прашање кое е навистина многу актуелно во овој момент сакам да кажам дека согласно материјалните можности и согласно она што во овој момент е на располагање на Министерството за животна средина и просторно планирање преземени се одредени активности во стилот на бајпас решавање одредени проблеми, така да група на 40 ученици од Велес заедно со нивните родители се испраќаат на летување, или на некој начин на лекување. Се преземаат активности околу овој дел на надминување на проблемите, но една сеопфатна активност на се она што значи цела популација на Велес навистина во овој момент е неблагородно и прашање на кое што пошироката јавност, па и целата Влада не би можела во овој момент да одговори согласно проблемот кој е настанат во еден подолг временски период. Но, сепак ценам дека со отворањетона овој проблем на состојбите во Велес и пошироко се отворија прашања од надминувања на проблемите и жариштата на животната средина не само во Велес, туку пошироко и во Републиката. Вие добро знаете дека постојат вакви жаришта, но со помал интензитет, така да навистина како Министерство сме благодарни на активностите што ги превзема и Парламентот и што укажува на овие прашања и што едноставно иницира во решавањето на овие проблеми.

Јас се надевам дека проблемот во делот на здравството заедно со Министерството за здравство и целата Влада ќе најдат начин за надминување на овие состојби.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Пејовски дали сте задоволен од одговорот?

РИСТО ПЕЈОВСКИ:

Задоволен сум.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Второто прашање беше упатено до Министерството за здравство.

Има збор заменик министерот Никола Пановски.

НИКОЛА ПАНОВСКИ:

Не би можел да одговорам конкретно на ова прашање затоа пратеникот Пејовски ќе достави писмен одговор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор госпоѓа Каролина Ристова.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Јас имам три прашања.

Првото прашање се однесува во одредени аспекти за министерот за правда, а одредени аспекти за министерот за внатрешни работи. Се работи за случајот Бојку и што Владата има намера да превземе како конкретни активности за егово лоцирање и приведување до правдата, освен оние што веќе ги превзема во смисла на разрешување на одреднеи одговорни личности и

Општо какви конкретни мерки има намера Владата да превземе за да се отстранат сите оние слабости што доведоа да се случи овој случај и да не се повторува случајот Бојку и во иднина за други сторители на други кривични дела, за кои што тој се оптеретува.

Тоа е првото прашање.

Второто прашање е до Министерството за надворешни работи, меѓутоа со оглед на тоа што не е присутна, а не е тука и нејзиниот заменик претпоставувам дека ќе добијам писмен одговор. Прашањето гласи:

Какви се плановите на Министерството за надворешни работи во однос на нашата мисија во Брисел, односно дали постои конкретен план во догледно време оваа мисија да се зголеми и доекипира со дипломатски и експертски персонал за да биде во функција на поефективен и поофанзивен пристап на РМ во односите со Европската Унија.

Моето трето прашање е упатено до министерот за труд и социјална политика, се работи за еден мошне распространет и многу видлив проблем што го имаме во државата, а тоа е дискриминацијата по возраст во односите на вработување, особенов о приватниот сектор. Во моите контакти со граѓаните во нашата канцеларија во Кисела Вода, а и секојдневно во весниците можете да видите огласи од приватни фирми каде што се бараат лица и по основ на возраста. Најчесто испаѓа дека лицата над 40 годишна возраст не се сметаат квалификувани за вработување дури и за работи што немаат никаква логика ниту врска и на тој начин најфлагрантно се крши, се повредува клаузулата за недискриминација.

Моето прашање до министерот е дали овој проблем неговото министерство и соодветните институционални органи го следат и кои се основните слабости на

државата да се справи со овој проблем? Го разбирам инстинктот на приватниот сектор во услови на масовна невработеност да оди кон тоа да вработува помлади лица, меѓутоа државата има интерес правото на приватна сопственост да не ги негира другите права загарантирани и во Уставот, затоа што то асоздава други деформации. Значи, каква е реакцијата на државата во однос на овој проблем, преку надлежностите на Министерството за труд и социјална политика?

Тоа се моите прашања, благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи господин Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Првото прашање беше упатено до г-динот Дарљишта и до г-динот Хари Костов.

Ќе одговори г-динот Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Бидејки вчера Владата имаше седница кога го разгледа ова прашање, јас ќе ги презентирам заклучоците на Валдата и мерките што ги превзема.

Значи, за овој случај , случајот Бојку, незаввисно од тоа дали сме или не сме задоволни од пресудата што беше, затоа што нема да ја коментираме, факт е дека Бојку беше со пресуда на Основниот суд во Струга осуден на 6 месеци затвор. По негово барање, бргу, самиот беШе упатен на издржување на казнта.

Набргу после неколку дена, веќе на 5 мај Министерството за внатрешни работи доби интерна белешка, Службена белешка од Секторот за внатрешни работи Охрид - Струга во коај што беше наведено дека Бојку својата казна ја издржува во затворот во Струга, кој е од отворен тип, меѓутоа дури и со некоја медицинска потврда дека за човекот било потребно работно ангажирање, затоа што имал психолошки фрустрации.

По добивањето на таквата белешка МВР дури беше ангажиран работно во една фирма во Струга, мислам "Нагип комерц" а потоа дополнително и кај една друга фирма во која што работно би требал да се ангажира. По добивањето на таква информација од МВР главно до СВР Охрид, а и преку Управата за извршување на санкции во рамките на Министерството за правда беше посочено дека за нас како МВР таквото однесување и таквото постапување со издржување на казна затвор дека не е во ред. Дури, на 19 мај имаше одржан состанок со Директорот на Бирото

за јавна безбедност, директорот на Управата  за извршување на санкции, на кој беше искажанонезадоволството на МВР од тавото однесување.

За жал, и покрај сите и дополнителни  ургенции, што дополнително беа извршени, укажувања дека е тоа можност да се случи некој неповолен настан, укажувањето на МВР не беше прифатено и фактички, на крај дојдовме до таа ситуација дека минатата недела Бојку, при добивање на пресуда од Апелациониот суд од Битола со која што се поништи пресудата на Основниот суд и се врати на повторно одлучување, со истовремено  изрекување на нов амерка притворот 30 дена , сега во затворен тип, за што требаше да биде транспортиран во Охрид, при транспортот побегна од чуварската служба на затворот во Струга.

Според тоа , и покрај сите укажувања дека е било по закон и работното ангажирање и од страна на директорот на затворот од Струга, фактички на крај епилогот беше дека човекот кој беше осуден за една кривична пријава што е во тек, а фактички утре на 27 јуни беше закажано ново рочиште по друг предмет, исто така за трговија со луѓе и посредување, проституција, значи и  покрај сите укажувања дека се било по закон, на крај тоа лице побегна од затворот и во моментов е недостапно за МВР.

Министерството за внатрешни работи и Министерството за правда спроведоа истрага околу целокупната постапка и констатира повеќе повреди на определени правила, постаки  и т.н. Факт е дека во самиот процес на пренесување од затворот во Струга во затворот во Охрид се направени повеќе пропусти.

Прво, не е извршен личен претрес на затвореникот, па му е овозможено во своите џебови фактички да ги има клучевите од своето возило што било паркирано недалеку, не му се ставени лисици, возилото - комбе што требало  да го транспортира не беше во затворскито дел тукунадвор, не било во дворот на затворот, туку надвор од затворот и последно, не е побарана асистенција на полицијата за извршување на овој транспорт од затворот во Струга во Охрид. Доколку полицијата, како што беше случајот при самото судење ког аимаше обезбедено повеќе од 50 полицајци кои ја обезбедуваа и зградата на судот и самото судење, неспорно е дека , доколку МВР беше известено , ќе обезбедеше и дополнителна асистенција за да не се случи ваква работа да затвореникот, фактички на некој начин, по наше мислење дури и организирано избега.

Според тоа, имајки предвид дек аВалдата констатира во текто на вчерашната седница дека се направени повеќе пропусти и ја лоцир аодговорноста кај директорот на Управата за извршување на санкции во Министерството за правда и кај

директорот на затворот во Струга, Владата вчера донесе Одлука со која што тие две лица беа разрешени од своите места.

Исто така, МВР веќе поднесе кривична пријава против директорот на затворот во Струга и согласно заклучокот на вчерашната седница на Владата ќе следи дополнување на таа кривична пријава, заедно во соработка МВР и Министерството за правда, анализирајки го Статутот на затворот во Струга, Правилата за вршење на чуварската служба, Законот за затвори и т.н. за утврдување евентуално на одговорност за непреземање на соодветни активности со кои што се овозможило бегање на затвореникот Бојку од затворот.

Владата го задолжи Министерството за правда да спроведе внатрешна, интерна, дисциплинска постапка за чуварите кои биле ангажирани околу транспортот на Бојку од едниот во другито затвор. Доколку се утврди кршење на прописите и правилата што ја регулираат таа материја, дек апротив истите ќе биде поведена дисциплинск апостапка, со можност за изрекување, доколку се утврди одговорноста и за изрекување казна затвор. Според тоа, очигледно е дека во целокупниот процес постоела една , да не кажам не само некооперативност и непочитување на укажувањата и од МВР и од страна на Управата , нејзината Дирекција за извршување на санкциите до самиот директор на затворот. Иако нашите сомневања се дека можеби и нешто повеќе е направено, фактички во овој момент ова се елементите што Владата ги презеде. Дополнително кон тоа сега МВР, во чии рамки е работењето на затворите, уште еднаш ќе го провери целокупното работење и постапките во затворите и особено прашањето на кадровското доекипирање на стражарските служби во затворите во Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓо Ристова, дали си задоволна од одговорот?

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Би го замолила министерот, ако може да каже уште нешто, бидејки тоа беше во моето оригинално прашање, за мерките што се превземаат за лоцирање на неговот движење, каде се наоѓа и негово приведување пред лицето на правдата?

ХАРИ КОСТОВ:

Мислам дека, засега нека остане дека нашите информации се дека Бојку не е во Република Макеоднија. Остварени се кконтакти со УНМИК и со Министерствоот со јавен ред на Република Албанија со доставување на документација, па да почекаме неколку дена да видиме какви дополнителни информации ќе добиеме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Второто прашање е упатено до госпоѓа Митрева. Ќе Ви биде писмено одговорено, затоа што не е тука.

На третото прашање ќе одговори г-динот Манасиевски.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Пратеничката Ристева достави едно мошне интересно праШање, што укажува на едн аширока распространетост, дискриминативна практика, а што особено се однесува по прашањето на возраста и полот на можните апликанти за нови работни места.

Според нашата законска регулатива приватниот сектор нема обврска да ги објавува слободните работни места. Самата процедура за објавување слободни работни места не е детално во насоката во која што е поставено прашањето. Меѓутоа, исто така постојат стандарди, конвенции што Република Макеоднија ги ратификувала. Исто така, со последните измени на Законто за работни односи инкорпорирани се и неколку директиви на ЕУ, што создава правна основа за изнаоѓање механизми за елиминирање на ваквата практика.  Елиминирање барем на она очигледно формално ниво. Меѓутоа, мора да бидеме свесни дека суштински, за жал, таа практика и по нејзиното формално елиминирање ќе продолжи. Отаму е нужна една поширока, покоординирана акција во коај што и цивилниот сектор на соодветен начин би бил вклучен, а во одредени сегменти  се разбир аи Народниот правобранител, особено со надлежностите што ќе бидат проширени со најновите промени во Законот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа Каролина Ристова, дали сте задоволна?

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Задоволна сум од одговорот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Последен кој ќе постави пратеничко прашање денеска ќе биде господинот Ванчо Стаменков.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата,

Првото прашање сакам да го поставам до заменикот министер за образование г-динот Тале Керамитџиоски, незнам дали е тука. Бидејки не е тука , ќе го поставам прашањето.

Бидејки веќе два пати го поставувам истото прашање, на две седници, оваа е веќе трета седница, еве , на седницата на 24 април, на 18-та седница поставив прашање за промена на директорите во основнит еучилишта во Општина Кочани, општините што произлегоа од старата  Општина Кочани.

Второто потпрашање беше ќе го прочитам од стенограмот, го повторив на истата седница, ќе го прочитам повтореното па:

“Во населбата Оризари во училиштето “Крсте Петков Мисирков” е извршена смена на директорот, иако е во тек распишанио тоглас за прием на директор на истото училиште. ВД директорот кој е назначен од министерот да извршува , е истиот кандидат јавен на Огласот, па зошто не е назначен како директор. Бидејки е пријавен кандидат, тука е ставен како ВД директор”.

Господинот Тале Керамитџиоски ми одговори дека “овој податок не ми е познат, јас не сум сигурен дека сте во право што го тврдите ова. Ако бил конкурс во тек и ако конкурирале кандидатите, тогаш немало причина зошто да не се заврши конкурсот. Треба да се провери оваа работа и ако сакате писмено ќе ви дадам одговор”.

Јас одговорив дека е добро што ќе ми даде писмен одговор, но до ден денеска немам добиено писмен одговор.

На претходната седниц апосветена на пратенички прашања, тоа е 23-та седница одржана на 29 мај 2003 година, кога добив бонус само за едно прашање, бидејки заврши таа седница, го поставив истото прашање. Ќе го прочитам стенограмот:

“Пред да го псотавам првото рпашање ќе ја искористам приликата да го запрашам заменик минситерот за образование и наука зошто не ми одговори на прашањето на претходната седница за поставување на врител на должност директор на Основното училиште “Крсте Петков Мисирков” во Оризари. Тогаш кажа дека не е запознат со таа работа, а само пред два дена бил присутен во училиштето. Зошто го кажа така”.

Одговорот на г-динот Тале Керамитџиоски беше:

“Пратеникот не постави така формулирано прашање. Пратеникот постави прашање зошто е сменет директорот и по кои критериуми е поставен вршител на должност директор во тоа училиште, кога е во тек конкурс за именување директор. Така беше формулирано прашањето, јас само му соопштив дека не сум запознат во тој момент дека навистина имало конкурс, дадов објаснување во усмена форма по кои критериуми ги вршиме кадровските промени. Со дополнителна проверка утврдивме дке аконкурсот не е завршен, бидејки од Бирото за развој ниту еден од кандидатите не добил позитивно мислење”.

Значи, барам одговор, бидејки стенограмите покажуваат дека г-динот Тале Керамитџиоски не ми одговорил, дава некои декларативни одговори, паушални што дирекно не кажуваат ништо , да ми одговори по писмен пат, бидејки сег ане е присутен зошто е поставен ВД директор, ког аистиот кандидат веќе конкурилал на Огласот за директор  на училиштето по легално распиШан оглас? Тоа е првото прашање.

Второто прашање до министерот за економија, ако може да одговори до каде е со приватизацијата  “Опалит” Шешиново? Значи структурата на сопственоста  во удели, колку е во државна сосптвеност, колку е на вработените и на кој начин ќе се приватизира оваа фирма? Ког аќе се приватизира? Бидејки знаеме дека, стратегија и н аоваа Валда е побрзо да се заврши приватизацијата во цела  Македонија, односно во сите фирми што побрзо да се приватизираат.

Третото прашање е до минситерот за образование и наука, училиштето во село Бели Општина Кочани е во катастрофално лоша состојба. Не само што нема услови за нормално одвивање на наставата, туку претставува опасност по живото на учениците во ова училиште што го посетуваат, бидејки покривната конструкција, а и целото училиште со години нема интервенирано во него и се наоѓа во навистина лоша состојба. Дали Министерството за образованеи и наука планира за следната учебна  година да изврши интервенции на училишната зграда во село Бели.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

На првото прашање ќе добиете писмен одговор.

На второто прашање ќе одговори г-динот Филиповски, министер за економија.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Исто, ќе дадеме писмен одговор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Третото прашање, не го гледам министерот за образование, ќе добиете писмен одговор.

Имаме уШте седум минути, со оглед дека бевме брзи и ефикасни, ќе дадеме можност за уште некое прашање.

Невзат Бејта не го гледам.

Зоран Шапуриќ може да постави едно прашање. Бонусот го добивте.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Бидејки е бонусот за едно прашање ќе поставам едно прашање.

Прашањето е до министерот Вадо Поповски - Како што е познато во текто на месец март во свои домови беа вратени преку 600 внатрешно раселени лица од Тетовскиот регион и тогаш беше најавено дека во текот на јули ќе бидат вратени уште стотина или двеста лица внатрешно раселени. Би го прашал министерот, со оглед на тоа дека тој е задолжен од Владата, до каде е со процесот на враќање на преостанатите внатрешно раселени лица во Тетовскиот регион? Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Владо Поповски.

ВЛАДО ПОПОВСКИ:

Точно така . Во согласност со Планот на Владата на Република Македонија за позабрзано враќање на внатрешно раселенит елица таму каде што условите тоа го дозволуваат и таму каде што се реконструирани и оштетените куќи се одвива процесот на враќање на внатрешно раселените лица. Во овој случај се работи за внатрешнор аселени лица од Тетовскиот регион.

Имено, во првата половина, поточно во март беа вратени нешто пвоеќе од 600 лица, 660 лица. Во тој период во договор со Кординативното тело и Министерството за труд и социјална политика во колективните центри останаа извесен број на луѓе. Претежно ученици во средно образование, студенти и ученици во основното образование, заедно со нивните родители. Според договорот Што тогаш беше направен во текто на месец јуни, односно по завршувањето на учебната година во

Тетовските регион треба да бидат вратени околу 390 лица во кои што спаѓаат 40 - тина студенти. Тој процес се одвива. Деновиве очекуваме, до крајто на вооj месец д абиде успешно завршен. Во овојмомент се вратени нешто повеќе од 150 лица. Кога ќе заврши тој процес во колективните центри од Тетовксито регион ќе останат уште 120-тина лица , кои сеуште немаат реконстуирани куќи. Инаку со враќање на луѓето од колективните центри во Тетовскиот регион, во Републиката имаме околу 4500, нешто повеќе, внатрешно раселени лица од кои околу 1200 ќе останат во колективните центри.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Шапуриќ дали сте задоволен од одговорот?

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Да, задоволен сум.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со тоа завршивме со работа.

Ја заклучувам 27-та седница на Собранието.

Благодарам на сите за придонесот.

Само ако сакате уште една информација.

Утре продолжуваме со 26-та седница, со расправа за МТВ во 10,00 часот, како што е договорено.

Во 12,00 часот свикав итна седница, ќе ја прекинеме таа , за избор на двајца заменици министри и веднаш после изборот продолжуваме со 26-та седница, по Информацијата.

Упатив писмо, претпоставувам дека утре сабајле ќе го добијат, на овие 20 пратеници што барате итна седница за “Електростопанство”, да ја усогласите со Делвоникот, затоа што немате поднесено материјал за расправа, а барате седница и точка на дневен ред. Писмото ќе го добиете утре. Ве молам да изготвите, прво немате барање дали сакате декларација, извештај , или информација што е.

Второ, нема материјал, а вие сте предлагачи и мора самите да доставите. Ве молам тоа да го направите за да се стекнат услови за закажување на седница.

(Седницата со работа заврши во 17,25 часот).